Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Податоци за високообразовната установа	
Назив	Универзитет „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, Филозофски факултет - Скопје
Седиште	Бул. Гоце Делчев бр.9А, 1000 Скопје, Македонија
Контакт информации	info@fzf.ukim.edu.mk
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)	Проф. д-р Оливер Бакрески, Декан, dekan@fzf.ukim.edu.mk
Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)	М-р Игор Панев, igor.panev@fzf.ukim.edu.mk
Основ за надворешната евалуација	☐ Годишен план ☐ Барање на високообразовната установа ☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ☐ Барање на министерот надлежен за високото образование
Период за кој се однесува извештајот	2024 / 2025 и 2025 / 2026 година
Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)	02-1169/12 од 27.05.2025 година
Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?	ДА/НЕ

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа)	
Назив на високообразовната установа	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет –Скопје, Република Северна Македонија
Седиште	Бул. Гоце Делчев бр.9А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Веб страница	https://fzf.ukim.edu.mk/
Мисија и визија на установата	Филозофскиот факултет, како прва и најстара високообразовна установа во државата, ја остварува својата мисија преку систематско чување, негување и унапредување на врвните научни и хуманистички вредности во наставната, научноистражувачката и стручната дејност, како и преку нивна примена во активности од пошироко општествено значење. Во остварувањето на својата мисија, Факултетот се темели врз принципите на академска слобода, научна изврсност, етичност, интердисциплинарност и општествена одговорност, изградувани низ неговата традиција и усогласени со современите општествени и научни текови. Факултетот е трајно определен кон создавање и развој на автентична, високо компетентна и креативна општествено-хуманистичка мисла, со која се обезбедува континуирано и суштинско поврзување на македонската академска заедница со меѓународните научни и интелектуални текови. Академскиот аспект на мисијата на Филозофскиот факултет се согледува во донесување и спроведување на законската регулатива и акти, во постојаните напори за креирање на високо компетентни академски кадри, со константна грижа за континуиран развој и унапредување на научно-истражувачката дејност, преку финансиска поддршка на учеството на наставниот кадар на домашни и меѓународни конференции, издавање на публикации, користење на можностите за финансирање на научноистражувачки и апликативни проекти, итн.
Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа)	Вид на високообразовна установа: Јавна установа. Матичен број: 6462723 Шифра на дејност: 85.42 високо образование
Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии	*Акредитација на установата:* *19 Студиски програми на прв циклус на студии* *34 Студиски програми на втор циклус на студии* 10 *Студиски програми на трет циклус на студии*
Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност	Број на наставно - научен кадар: Вкупно **94** од кои: 84 редовни професори, 2 вонредни професори 5 доценти 3 соработници (асистенти)
Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии	Вкупно запишани студенти на Филозофски факултет во учебната 2025/2026 год во сите студиски години: - На прв циклус студии: 1899 - На втор циклус студии: 114

	- На трет циклус студии: 70
Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница)	Филозофскиот факултет е најстарата високообразовна институција во државата, основан во далечната 1920 година, кој својата наставно-научна дејност во првата учебна година ја започнал со 10 наставници и триесетина студенти. Денес, Филозофскиот факултет е современ, интердисциплинарен факултет, сочинет од 12 институти од областа на хуманистичките и општествените науки: филозофија, историја, педагогија, социологија, класични студии, историја на уметност и археологија, психологија, социјална работа и социјална политика, специјална едукација и рехабилитација, безбедност, одбрана и мир, родови студии, семејни студии. Заклучно со учебната 2025/26 година акредитирани се вкупно 19 студиски програми на прв циклус студии со 240 кредити, 30 студиски програми на втор циклус студии со 60 кредити (на 21 од нив се запишале студенти во 2025/2026 година), 4 програми со 120 кредити и 10 студиски програми на трет циклус студии со 180 кредити (на 5 од нив се запишале студенти во 2025/2026 година). Дипломите стекнати на сите три циклуси на студии овозможуваат продолжување на образованието на соодветни студиски програми на други високообразовни установи во земјата и странство. Покрај наставата, на Филозофскиот факултет има и развиена научно-истражувачка дејност. Во рамки на Факултетот постојат 14 истражувачки центри, меѓу кои Анкетен истражувачки центар, Национален центар за континуирано образование за социјален развој, Центар за изработка и примена на тестови – Психометрика, Национален информатички центар за дефектолошки истражувања, Центар за едукациска поддршка на Ромите (ЦЕПОР), Центар за учебници по историја (ЦУИ), Центар за менаџмент на човекови ресурси, Центар за интеркултурни студии и истражувања, Центар за интегративна биоетика, Центар за доживотно учење и Центар за глобални промени, Центар за образование и истражување, Балкански центар за проучување на мирот и Интердисциплинарен центар за когнитивна наука (ИЦКН). Исто, така Факултетот е издавач на 10 научни списанија кои имаат меѓународен карактер. Филозофскиот факултет својата наставно-научна дејност ја вмрежува во широко развиена меѓународна соработка. Филозофскиот факултет има 73 активни Еразмус договори со универзитети од Европа, учествува во 6 мрежи во рамките на Централноевропската програма за размена во областа на универзитетските студии (CEEPUS III - Central European Exchange Program for University Studies) за универзитетска мобилност и во бројни истражувачки проекти од меѓународен карактер. Факултетот се јавува како носител и партнер на Еразмус проекти за стратешки партнерства во високото образование, партнер во проекти од програмата Хоризонти, ја реализира Европската студија за вредности за Македонија, член е на националната мрежа за Европското општествено истражување, како и на голем број на проекти од билатерален карактер, во партнерство со меѓународните организации, меѓу кои: Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), УНИЦЕФ, итн. Тековно, во 2025/26 година на Филозофскиот факултет се реализираат 12 научно-истражувачки проекти од кои пет се меѓународни проекти, два билатерални и пет национални проекти.
Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница)	**Клучни институционални капацитети на Филозофскиот факултет се:** • **Разновидна и структурирана студиска понуда** од 63 студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии, усогласени со современите академски и професионални потреби и споредливи со соодветни студиски програми во регионот и Европа. • **Студиски програми со уникатен профил во национален контекст**, кои имаат значајна улога во развојот и одржувањето на одделни научни области и во обезбедувањето високообразувани кадри за нивните потреби. • **Компетентен и научно афирмиран наставен кадар**, со значајни научноистражувачки, стручни и академски постигнувања и препознаеност во соодветните научни области. • **Развиени механизми за поддршка на студентите со попреченост**,

	насочени кон обезбедување еднаков пристап до образованието и учеството во академскиот живот. • **Развиен и разновиден студентски живот**, кој опфаќа научни, културни, спортски, волонтерски и други активности од општествен карактер. • **Развиена и континуирана издавачка дејност**, која придонесува кон продукција и дисеминација на научна и стручна литература и наставни материјали. • **Соодветна покриеност на наставата со учебници и учебни помагала**, обезбедувајќи поддршка за реализацијата на студиските програми. • **Пристап до електронски научни и образовни ресурси**, како значаен предуслов за квалитетна наставна и научноистражувачка работа. • **Развиена соработка со универзитети и високообразовни институции во регионот и пошироко**, вклучително и преку академска мобилност, заеднички активности и други форми на институционална соработка.
Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница)	Во извештајниот период, Филозофскиот факултет постигна значаен напредок во повеќе области од значење за квалитетот и одржливоста на студиската и научноистражувачката дејност, особено во следните: - Зајакнување на **кадровскиот капацитет** преку вработување на наставен, соработнички и административен кадар, со што се придонесе кон подобрување на кадровската структура и обезбедување услови за непречено реализирање на наставната и административната дејност. - Унапредување на студиската понуда преку акредитација и реакредитација на **студиски програми** на трите циклуси на студии, вклучително и програми со специфичен и **единствен профил** во државата. - **Интернационализација** на студиската понуда преку акредитација на две нови студиски програми **на англиски јазик,** со цел зголемување на атрактивноста на Факултетот за странски студенти и создавање услови за поголема меѓународна видливост. - Значително **зголемување и на планираните и на реализираните средства за меѓународна соработка** во споредба со претходната година. Планираните средства се зголемени за околу 78,1%, додека искористените средства се зголемени за околу 178,1%. Тоа резултира со интензивирање на научната и стручната размена преку организирање **научни собири, конференции,** трибини и други настани, усогласени со современите научни достигнувања и потребите на практиката. - Зголемена активност во подготовката и реализацијата на **меѓународни и апликативни проекти**, во кои Факултетот се јавува како носител или партнер, со што се зголемува неговата проектна и меѓународна активност. - **Дигитализација** на наставната и административната работа преку воведување и унапредување на дигитални алатки и системи за поддршка на наставниот процес, комуникацијата и административните постапки. - Унапредување и збогатување на **отворените образовни ресурси**, со што се зголеми достапноста на образовни материјали за студентите и поширокаата академска и стручна јавност. - Унапредување на системите за прибирање, обработка и достапност на **податоци за студентите и наставниот кадар**, со што се создаваат подобри услови за следење на состојбите и донесување одлуки засновани врз податоци.
Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница)	**Предизвици:** - Натамошно вработување и развој на млади наставни и соработнички кадри за обезбедување на континуитетот и квалитетот на наставната и научната дејност. - Вклучување на млади истражувачи во научноистражувачки проекти, обезбедување менторска поддршка и систематско развивање на нивниот истражувачки потенцијал. - Поголема искористеност на постојните меѓународни договори за мобилност

	и соработка, особено во однос на мобилноста на студентите, заедничките истражувања со надворешни партнери и развивањето заеднички студиски програми. - Натамошна интернационализација на студиските програми и развивање мотивациски механизми за зголемување на интересот и бројот на кандидати на прв, втор и трет циклус студии, вклучително и преку различни форми на финансиска и академска поддршка. - Развивање на централизиран и функционален информатички систем и интегрирани бази на податоци за ефикасно следење и управување со податоците за наставната, научноистражувачката и стручната дејност. - Продолжување на капиталните инвестиции во реновирање на зградата и подобрување на просторните, техничките и инфраструктурните услови за функционирање на Факултетот. - Поголемо вклучување и искористување на потенцијалот на алумни заедницата во развојот на студиските програми, воспоставувањето професионални врски, менторството, практичната настава и други активности од значење за Факултетот и студентите. **Недостатоци:** - Нееднаков интерес за одделните студиски програми на прв циклус, при што кај дел од програмите интересот значително ја надминува утврдената квота, додека кај други е значително помал, што е поврзано со специфичноста и карактерот на студиите. - Можностите за меѓународна мобилност на наставниот кадар и студентите се ограничени од расположливиот број квоти и механизмите за поддршка на мобилноста на универзитетско ниво. - Бројот на странски студенти на прв и втор циклус студии е релативно низок, делумно поради законските и административните ограничувања. - Научната продукција е солидна, но релативно мал број наставници објавуваат научни трудови во меѓународно влијателни и референтни научни списанија. - Големината и хетерогеноста на установата создаваат потреба од поефикасен и поцентрализиран систем за систематско следење и евидентирање на активностите на наставниот кадар во наставната, научноистражувачката и стручната дејност.

2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ	
Индикатор	**Документација**
1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.
Политиката за обезбедување на квалитет на Филозофскиот факултет се реализира во согласност со актите на Факултетот и со системот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На ниво на УКИМ, системот за обезбедување на квалитет е уреден со Водичот за обезбедување квалитет, Правилникот за обезбедување на квалитет, Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот и Стратегијата за обезбедување на квалитет на УКИМ (2024–2029). - Водич за обезбедување на квалитет на УКИМ – ги утврдува основните принципи, пристапи и насоки за обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот и неговите единици. https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/10/vodich-za-obezbeduvanje-na-kvalitet.pdf - Правилник за обезбедување на квалитет на УКИМ – ги регулира организацијата, постапките, одговорностите и механизмите за обезбедување и следење на квалитетот на ниво на Универзитетот. https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/pravilnik-za-kvalitet-i-upatstvo.pdf - Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот – ги определува постапките и инструментите за самоевалуација, следење и оценување на квалитетот и за подготовка на извештаите за самоевалуација. https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/upatstvo-za-sistem-za-kvalitet-na-ukim.pdf - Стратегија за обезбедување на квалитет на УКИМ 2024–2029 – ги утврдува стратешките приоритети и насоки за развој и континуирано унапредување на квалитетот во работењето на Универзитетот. https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/strategija-za-kvalitet-2024.pdf Системот за квалитет и наведените документи на УКИМ се јавно достапни на веб-страницата на Универзитетот, во делот Квалитет – Систем за квалитет. На ниво на Факултетот, обезбедувањето на квалитет се спроведува преку релевантните акти и механизми за самоевалуација, следење и унапредување на квалитетот во наставната, научноистражувачката и другите дејности. Реализацијата на наведените активности е во согласност со приоритетите дефинирани во Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029). Факултетот редовно ја ажурира и подобрува својата политика за квалитет, донесува нови акти и документи, формира соодветни тела како што е Советот за квалитет и Комисијата за самоевалуација. http://fzf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%9A%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D0%B5%D0%B2%D0%B0%D0%BB%D1%83%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-1.pdf На овој начин Факултетот се прилагодува кон новите предизвици и барања и ја зајакнува својата репутација на национално и меѓународно ниво.	
Прилози 1.1.А. Водич за обезбедување на квалитет на УКИМ https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/10/vodich-za-obezbeduvanje-na-kvalitet.pdf 1.1.Б. Правилник за обезбедување на квалитет на УКИМ https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/pravilnik-za-kvalitet-i-upatstvo.pdf / . Правилник за квалитет на УКИМ од 28.2.2024 1.1.В. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/upatstvo-za-sistem-za-kvalitet-na-ukim.pdf 1.1.Г. Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029) 1.1.Д. Деловник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024 1.1.Ѓ. Одлука за формирање Совет за квалитет на Филозофски факултет 1.1.Е. Одлука за формирање Комисија за самоевалуација на Филозофски факултет	
1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.	Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација; Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.

Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Редовно се спроведува анкета за евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите во врска со анкетирањето се спроведуваат врз основа на утврден календар на активности.

Во јуни 2025 година беше донесена одлука за измена на одлуката за составот на Комисијата за самоевалуација со тајно гласање на членовите на Наставно-научниот совет заради пензионирање на дел од професорите и дипломирање на дел од студентите кои беа претходно избрани. Имајќи ја предвид големината и хетерогеноста на Факултетот, формирани се поткомисии за самоевалуација на секој институт, во чиј состав задолжително е вклучен и претставник на студентите. (види прилог 1.1.Д.)

Студентската анкета за евалуација на квалитетот на наставата се реализира редовно врз основа на моделот предложен во рамките на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година. Во извештајниот период 2024/2025 и 2025/2026 година направени се четири анкети со студенти, по една на крајот од секој семестар. За да се зголеми бројот на студенти кои ќе одговорат на анкетата, со цел да се добијат веродостојни податоци од репрезентативен примерок, пополнетата анкета е составен дел на постапката на заверување семестар.

Со студентската анкета се вреднуваат наставниците кои изведуваат настава во соодветниот семестар. Анкетата го утврдува мислењето на студентите за единаесет аспекти, од кои првите десет се однесуваат на: 1) Подготвеност за предавањата/вежбите, 2) Квалитет на изведување на наставата (начин на изложување на материјалот), 3) Редовност на часовите и рационално искористување на времето, 4) Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот, 5) Усогласеност на вежбите со предавањата, 6) Корисност на изведените вежби, 7) Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот, 8) Достапност за консултации и комуникација, 9) Однос кон студентот, 10) Барања што се поставуваат пред студентите (колоквиуми, семинарски трудови, проектни задачи итн.) и тежина на испитот.

Секој од овие аспекти е оценуван од страна на студентите на петстепена скала од незадоволителен до одличен. Врз основа на оценките се пресметува просечна оценка по поединечен аспект за секој член на наставниот кадар по семестри за набљудуваниот период. Единаесеттиот аспект се однесува на самоевалуација на студентот за неговото присуство на наставата, а оставен е простор за забелешки, коментари и сугестии за зголемување на квалитетот.

На анонимната анкета со студенти, наставната работа на факултетот е оценета многу високо. Просечната оцени на одделните прашања од сите четири анкети со студентите (јануари и јуни 2025 и јануари и јуни 2026 година) се прикажани во наредната табела:

Year	Q1	Q2	Q3	Q4	Q5	Q6	Q7	Q8	Q9	Q10
01/25	4.66	4.51	4.51	4.44	4.54	4.55	4.50	4.54	4.51	4.50
06/25	4.71	4.59	4.56	4.53	4.61	4.57	4.54	4.61	4.54	4.53
01/26	4.67	4.52	4.51	4.46	4.58	4.53	4.50	4.59	4.54	4.53
06/26	4.72	4.60	4.57	4.56	4.61	4.57	4.58	4.64	4.58	4.56

На скалата од 1 до 5, со највисока просечна вредност е оценето тврдењето број 1: Професорот/ката (асистентот/ката) има одлични и релевантни познавања на клучните концепти и предметот, а со најниска просечна вредност е тврдењето: На часовите ги подобрив моето знаење и вештини, иако станува збор за мала разлика и генерално сите тврдења имаат многу висока просечна оцена. Резултатите од студентската евалуација подетално по одделни прашања и по одделни институти се прикажани во прилог 1.2.Г.

Во прилог 1.2.Д е даден поопширен наративен извештај од резултатите на студентската евалуација за академската 2024-2025 година со заклучоци и препораки. За поголема транспарентност овој извештај ќе биде објавен и во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет.

На крајот од летниот семестар во 2024/2025 година и летниот семестар за 2025/2026 година направени се и анкети со наставен кадар и анкети со административно-техничката служба со прашалници подготвени од центарот за квалитет при УКИМ.

Во 2025 година анкетата ја пополниле 72 наставници и добиена е просечна вредност на одговорите - 3.78.

Во 2026 година анкетата за наставниот кадар ја пополниле 57 наставници. Просечната вредност од вкупните одговори изнесува 3,87 на скала од 1 до 5. Резултатите од двете анкети укажуваат на релативно високо ниво на задоволство на наставниците и соработниците од условите за работа, но истовремено е потреба и предизвик за нивно натамошно унапредување. Се забележува позитивен тренд во однос на задоволството на наставниот кадар, со зголемување на просечниот резултат од 3,78 во 2024/25 на 3,87 во 2025/26 година.

Забелешките на наставниот кадар главно се однесуваат на условите за работа во дел од кабинетите, особено во однос на природното осветлување и вентилацијата, како и на ограниченият паркинг простор во кампусот, потребата од стручно лице за техничка и информатичка поддршка и можностите за академска мобилност. Наведените согледувања претставуваат значајни насоки за идентификување на приоритетите за подобрување на работните услови и поддршката на наставниот кадар.

Анкетата за **административниот кадар** во 2024/25 ја пополниле 15 вработени со просечен резултат на одговорите од 4.18.

Во академската 2025/26 година анкетата ја пополниле 9 вработени, при што е добиен просечен резултат од 4,28, што укажува на високо ниво на задоволство од условите за работа. Резултатот упатува на позитивна перцепција на административниот кадар во однос на работната средина и условите во кои ги реализираат своите работни задачи.

Се забележува позитивен тренд во однос на задоволството на административниот кадар, со зголемување на просечниот резултат од 4,18 во 2024/25 на 4,28 во 2025/26 година.

Прилози
1.2.А. Прашалник за студентска евалуација 2024-2025
1.2.Б. Прашалник за студентска евалуација 2025-2026
1.2.В. Детални одговори на студентите за професорите
1.2.Г. Обработени резултати од студентска анкета 2026
1.2.Д. Наративен извештај од студентска анкета 2025
1.2.Ѓ. Извештај од анкетата со наставен кадар- ФЗФ 2026
1.2.Е. Извештај со детални одговори на наставен кадар 2026
1.2.Ж. Извештај од анкетата со административен кадар на ФЗФ 2026
1.2.З. Извештај од анкетата со наставен кадар- просек на ФЗФ 2025
1.2.S. Извештај со детални одговори на наставен кадар 2025
1.2.И. Извештај од анкетата со административен кадар на ФЗФ 2025
1.2.Ј. Линк до Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/04/se-upatstvo.pdf

1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.

Филозофскиот факултет посветено работи на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми преку реакредитација и ажурирање на наставните содржини, следејќи ги процесите на водечките светски институции од областите, како и потребите на македонскиот пазар на трудот. Сите активни студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години на сите три циклуси на студии. Дополнително, процесот на самоевалуација на Факултетот ги определува предностите, слабостите, заканите, можностите и дава препораки за подобрување на квалитетот на институцијата во идниот период, а управата на Факултетот посветено работи на нивна реализација со вклучување на релевантни креатори на политики при креирање на студиски програми.

Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции и организации во процесот. Како примери на поважни институционални форми со кои се обезбедува нивна вклученост можат да се наведат следните:

- студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анкети, кои се реализираат почнувајќи од 2002 година;
- студентите се вклучени во централната Комисија за самоевалуација со два члена како и во поткомисиите за самоевалуација на институтите со еден до два членови. (Види прилог 1.3.А)
- факултетот дава поддршка и соработува со студентските тела и организации како и со Студентското Собрание при факултетот (Прилог 1.3.Б.) Одлука за избор на Факултетско студентско собрание
- студентите се вклучени во наставно-научниот совет каде имаат право на глас во процесот на донесување одлуки за единката. Во составот на Наставно-научниот совет на Филозофски факултет кој брои 100 членови, 9 се студенти од различни Институти што значи 9% од вкупниот број гласови се на претставници од редот на студентите (Види прилог 1.3.Ѓ) На Факултетот функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на Факултетот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.(прилог 1.3.Г и 1.3.И.) Одборот дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата; (прилог 1.3.В.)
- Во јули 2024 година формиран е Совет за квалитет во кој покрај тројца професори вклучен е претставник од стопанството и еден претставник од студентите (прилог 1.3.Г).
- Во рамките на факултетот постојат 14 истражувачки центри, и тоа:
  - Анкетен истражувачки центар – спроведува квантитативни и квалитативни теренски истражувања и анкети.
  - Национален центар за континуирано образование за социјален развој – насочен кон социјалните политики и развојот на заедницата.
  - Центар за изработка и примена на тестови – Психометрика – се фокусира на методологии за тестирање и психолошка евалуација.
  - Балкански центар за проучување на мирот – истражува прашања поврзани со мирот, ненасилството и безбедноста на Балканот.
  - Центар за образование и истражување – се занимава со аспекти и унапредување на образовните процеси.
  - Национален информатички центар за дефектолошки истражувања – поддржува истражувања во специјалната едукација и рехабилитација.
  - Центар за едукациска поддршка на Ромите (ЦЕПОР) – обезбедува поддршка и истражувања во насока на

образовна инклузија.
- Центар за учебници по историја (ЦУИ) – анализира и работи на содржините во учебниците по историја.
- Центар за менаџмент на човекови ресурси – истражувања и проекти во доменот на човечките ресурси.
- Центар за интеркултурни студии и истражувања – го проучува интеркултурализмот и соживотот.
- Центар за интегративна биоетика – се занимава со биоетички прашања и современи предизвици.
- Global Changes Center (GCC) – центар посветен на глобалните промени и поврзување со меѓународни академски мрежи. https://gcc-conf.fzf.ukim.edu.mk/
- Интердисциплинарен центар за когнитивна наука - платформа за интердисциплинарно поврзување на истражувањата од општествените и хуманистичките науки со современите сознанија и методи од областа на когнитивната наука https://aigender.net/cogmkd/
- Центар за доживотно учење – развива програми за стручно усовршување и едукација.

Дел од овие центри имаат постојана соработка со стручњаци од практика, овозможуваат развивање соодветни вештини и се прилагодува образовниот процес со потребите на пазарот на трудот, а дел биле поактивни во одреден изминат период и во моментов немаат раководител.

Прилози
1.3.А. Одлука за Комисија за самоевалуација на ФЗФ 2025
1.3.Б. Одлука за избор на членови на ФСС 2025-2026
1.3.В.Одлука за избор на Претседател на Факултетско студентско собрание 2025-26
1.3.Г. Одлука за формирање Одбор за соработка и доверба со јавноста 2024
1.3.Д. Одлука за формирање Совет за квалитет на Филозофскиот факултет 2024
1.3.Ѓ. Список на членови на ННс на ФЗФ 2026
1.3.Е. Извештај Центар за интеркултурни студии
1.3.Ж. Извештај Центар за доживотно учење
1.3.З. Извештај Центар за интегративна биоетика
1.3.S. Извештај Центар за менаџмент на човечки ресурси
1.3.И. Записници од работата на Одборот за соработка и доверба со јавноста

1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.	Акт за формирање на телото; Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.

На Филозофскиот факултет конституирани се и функционираат две тела кои се надлежни за евалуација и за имплементација на политиката за обезбедување на квалитет:
1. Комисија за самоевалуација (Прилог 1.4.А) составена од 7 члена од кои пет члена се од редот на наставниот кадар, и двајца студенти. Членовите од редот на наставниот кадар имаат мандат од 4 години, а студентите 1 година, без право на повторен избор. Комисијата за самоевалуација е самостојна и независна во својата работа и одлучување. Таа има задача да изврши проценка на функционалноста и ефикасноста на системот за внатрешно обезбедување на квалитет на Факултетот. Своите наоди ги поднесува во форма на извештаи до Наставно-научниот совет на Факултетот.
2. Совет за квалитет (Прилог 1.4.Б), составен од 5 члена, три од редот на наставниот кадар, еден студент и еден претставник од стопанството. Мандатот на членовите трае три години со право на повторен избор, освен за членот од редот на студентите, на кого мандатот му трае две години. Факултетскиот Совет за квалитет има задача да осмислува, спроведува и координира процедури за проценка и развој на внатрешни механизми за негово подобрување, врз основа на Член 13 од Статутот на Филозофскиот факултет-Скопје.
Советот за квалитет во соработка со другите надлежни тела на Факултетот (центри, одделенија и слично) изготви Годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот, кои ги предложи до Наставно-научниот совет на усвојување. Акцискиот план за натамошни активности за обезбедување квалитет е изработен врз основа на утврдените потреби од извештаите за самоевалуација.
Во извештајниот период Советот за квалитет одржал 14 состаноци, а темите на состаноците, записниците и произлезените одлуки и извештаи од активности се дадени со линкови во табеларниот преглед на активности даден во прилог 1.4.Г. Во периодот меѓу состаноците членовите на Советот за квалитет иницирале активности и распределени задолженија за реализација на мерките од Годишниот акциски план за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година. Во текот на 2026 година Советот за квалитет изготвил и доставил:
- Извештај од спроведената анкета за проценка на практичната применливост на студиските програми, наменета за алумни.
- Извештај од спроведената анкета за запознаеноста на студентите со Стратегијата за обезбедување квалитет и со улогата на Советот за квалитет.
- Иницирал студентска дискусија за подобрување на квалитетот на Филозофскиот факултет, во организација на Факултетското студентско собрание.
- Иницирал формирање алумни тело и реализирал други активности прикажани во табелата.

Комисијата за самоевалуација на Филозофскиот факултет во текот на извештајниот период континуирано ги реализираше активностите поврзани со следење и унапредување на квалитетот на работата на Факултетот. Во рамките на своите надлежности, Комисијата ја следеше реализацијата на активностите предвидени со Акцискиот план и ги анализираше постигнатите резултати. Особено внимание беше посветено на прибирањето, обработката и анализата на релевантни податоци и индикатори за квалитетот на наставата, научноистражувачката дејност и студентскиот стандард. Беа разгледувани резултатите од анкетите и другите форми на прибирање повратни информации од студентите, наставниот и административниот кадар. Воедно, Комисијата ги следеше активностите поврзани со унапредување на условите за работа и студирање, како и со поддршката на студентите и нивното учество во академски и научноистражувачки активности. Посебно внимание беше посветено на проверката на усогласеноста на факултетските практики со релевантните стандарди, критериуми и акти за обезбедување квалитет на Универзитетот. Во текот на работата беа одржувани состаноци, консултации и координација со раководството, институтите и стручните служби на Факултетот. Комисијата ги идентификуваше силните страни, но и областите во кои постои потреба од дополнително унапредување. Врз основа на реализираните активности и утврдените наоди, Комисијата продолжува со следење на спроведувањето на препораките и со подготовка на релевантните материјали за процесот на самоевалуација.

Прилози
1.4.А. Одлука за формирање Комисија за самоевалуација на ФЗФ 2025
1.4.Б.Одлука за формирање Совет за квалитет на Филозофскиот факултет
1.4.В. Извештај 1 Комисија за самоевалуација
1.4.Г. Извештај 2 Комисија за самоевалуација
1.4.Д. Архивирана покана на Комисијата за СЕ
1.4.Ѓ. Извештај Совет за квалитет

1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.

Филозофскиот факултет континуирано ги следи и анализира информациите и показателите релевантни за обезбедување и унапредување на квалитетот, а резултатите од анализите се користат како основа за планирање и преземање мерки за подобрување на наставната и научноистражувачката дејност, студентската поддршка и студиските програми. Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, процесот се реализираше преку препораките и констатираните слабости во извештајот од самоевалуација од 2024 година објавен на веб страницата на установата, како и преку годишните акциски планови и извештаите за нивна реализација изготвени од Советот за квалитет и дадени во прилозите А, Б, Г и Д. Дополнително се прибираа статистички податоци, се вршеа анкети, се собираа повратни информации од студентите и алумни заедницата и се анализираа извештаи на факултетските тела и комисии.

Во 2024/2025 година, анализата на показателите доведе до конкретни мерки за подобрување на квалитетот, меѓу кои зголемување на финансиската поддршка за научно-стручната работа, вклучување на студенти во научноистражувачки проекти, унапредување на професионалниот развој на наставниот кадар, развој на Алумни заедницата, јакнење на меѓународната соработка и подготовка на студиски програми на англиски јазик. Дел од мерките кои не беа целосно реализирани беа пренесени во Акцискиот план за 2025/2026 година, со што е обезбеден континуитет во процесот на следење и подобрување.

Во 2025/2026 година, системот за следење и анализа дополнително е унапреден преку прибирање податоци од 250 студенти, при што 84,3% изразиле интерес за поголема информираност за обезбедувањето на квалитет, а 41,7% подготвеност за поактивно учество. Дополнително, воспоставен е механизам за прибирање повратни информации од алумни, при што 82,4% од испитаниците се изјасниле дека се задоволни или многу задоволни од студиските програми, а применливоста на стекнатите теоретски знаења во работната средина е оценета со просечна оценка 4,09. Овие податоци се користат за идентификување области за подобрување на студиските програми, практичната настава и професионалните компетенции на студентите.
Анализираните информации се користат и при воведување современи пристапи во наставата. Во повеќе студиски програми и предмети се воведени и тестирани дигитални алатки и решенија базирани на вештачка интелигенција. Во учебната 2025/2026 година воспоставената ВИ-инфраструктура опфати 39 ВИ-агенти, со регистрирани 281.243 сесии на користење, при што 61,8% од активностите биле реализирани преку предметно-наставничките агенти. Овие податоци претставуваат основа за понатамошно следење и унапредување на дигиталната поддршка на наставата.
Континуираното следење опфаќа и показатели за научноистражувачката продукција, професионалниот развој, дигитализацијата и интернационализацијата. Во 2025/2026 година се евидентирани 91 научен труд, наспроти 87 во претходната година, а воведени се и нови дигитални алатки и ВИ-решенија во наставата. Истовремено, продолжија активностите за развој на Алумни заедницата, меѓународната соработка и акредитација на студиски програми на англиски јазик.

На овој начин, Факултетот обезбедува континуиран циклус на прибирање и анализа на информации, идентификување на потребите, планирање и реализација на мерки и следење на нивните ефекти. За реализираните активности се води соодветна документација – статистички и табеларни прегледи, анкети, службени евиденции, записници, одлуки и извештаи на надлежните тела, а резултатите се интегрираат во годишните извештаи и Извештајот за самоевалуација.

Прилози
1.5.А. Акциски план 2024-2025
1.5.Б. Извештај за акциски план 2024-2025
1.5.В. Годишен извештај на Деканот на ФЗФ 2024-2025
1.5.Г. Акциски план 2025-2026
1.5.Д. Извештај за акциски план 2025-2026
1.5.Ѓ. Линк до извештај од претходна самоевалуација 2024
https://drive.google.com/file/d/14mcufnHFn07_Wb6LHxlsfAQxMhelpJnX/view

1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.

[1]Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

Последната петта институционална надворешна евалуација на УКИМ е спроведена од Европската асоцијација на универзитети (EUA) во периодот 16–20 октомври 2017 година. Евалуацијата била спроведена од меѓународен експертски тим номиниран од EUA, составен од пет експерти: Johanna Maria Liljeroos (Финска), Borje Lennart Olausson (Шведска), Georg Schulz (Австрија), Andree Sursock и Janis Vetra (Латвија). https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/04/ne-2018-ukim-en.pdf
Процесот се темелел на самоевалуацискиот извештај на УКИМ за периодот 2013/2014–2015/2016, кој бил подготвен во соработка со единиците на Универзитетот. https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/04/se-2017-ukim-mk.pdf
Во извештајот на експертскиот тим биле опфатени, меѓу другото, управувањето и интеграцијата на Универзитетот, културата на квалитет, наставата и учењето, научноистражувачката дејност и интернационализацијата. Како области за понатамошно унапредување биле посочени поголемата интеграција и соработка меѓу единиците, подобро користење на информациските системи за анализа на податоци, како и поунифицирани пристапи во наставата и учењето, истражувањето, интернационализацијата и обезбедувањето квалитет.
По последната институционална надворешна евалуација на УКИМ во 2017 година, Факултетот континуирано ги унапредува внатрешните механизми за обезбедување квалитет преку редовни самоевалуации, анкетирање на студентите и вработените, анализа на резултатите и следење на реализацијата на акциските планови. Напредокот е особено видлив во развојот и унапредувањето на студиските програми, дигитализацијата на наставниот процес, проширувањето на меѓународната соработка и мобилноста, како и во создавањето услови за поголемо вклучување на студентите во научноистражувачки активности. Во периодот опфатен со самоевалуацијата се бележи и континуирана научноистражувачка активност, со зголеме број публикации на академскиот кадар во 2025/2026 година, како и реализација на активности насочени кон јакнење на истражувачките компетенции на студентите. Дополнително, унапредувањето на студентската поддршка, практичната настава, интернационализацијата и достапноста на дигитални и отворени образовни ресурси претставуваат значајни аспекти на развојот на квалитетот. Реализираните активности и резултатите од нивното следење покажуваат дека препораките и насоките од претходните процеси на евалуација се земаат предвид во планирањето и унапредувањето на работењето на Факултетот.

Прилози
1.6.А. Извештај за акциски план 2024-2025
1.6.Б. Акциски план 2025-26
1.6.В. Линк до извештај од претходна самоевалуација 2024
https://drive.google.com/file/d/14mcufnHFn07_Wb6LHxlsfAQxMhelpJnX/view
1.6. Линк до извештај од поселдната надворешна евалуација
https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/04/ne-2018-ukim-en.pdf

Стандард 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	Акт во кој е регулирано прашањето;

Сите 63 активни студиски програми на Факултетот на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во државата. Нивното креирање, следење, менување и одобрување е од особена важност за унапредување на наставно-образовниот процес во согласност со општествените и научните трендови како и потребите на пазарот на труд. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование. Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години. Согласно упатствата таа започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за квалитет на високото образование, т.е. Одборот за евалуација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) дадено и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма дадено во Прилог број 2.1.А. Во прилог број 2.1.Б и 2.1.В се дадени обрасците кои се користат за поднесување на барањата за акредитација до УКИМ, односно до Одборот за акредитација за втор и трет циклус студии.

Примената на утврдената постапка за изработка, одобрување и акредитација на студиските програми е потврдена со конкретни активности реализирани во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година. Во овој период на Филозофскиот факултет се акредитирани шест нови студиски програми на прв и втор циклус, од кои две на англиски јазик, и се реакредитирани три студиски програми на трет циклус. Новите студиски програми се:

-Грчки јазик и класична филологија – прв циклус;
-Меѓународни и интеркултурни студии – прв циклус, на англиски јазик;
-Семејни студии – втор циклус, на англиски јазик;
-Специјална едукација и рехабилитација – моторни нарушувања – втор циклус, 120 ЕКТС;
-Специјална едукација и рехабилитација – специфични тешкотии во учењето – втор циклус, 120 ЕКТС; и
-Специјална едукација и рехабилитација – интелектуална попреченост и аутизам – втор циклус, 120 ЕКТС.

Во истиот период се реализирани и постапки за реакредитација на докторските студиски програми по:

-Социологија,
-Историја на уметност и археологија и
-Специјална едукација и рехабилитација.

Овие примери потврдуваат дека нормативно утврдената постапка не само што е воспоставена, туку и активно се применува при развојот, акредитацијата и реакредитацијата на студиските програми на сите три циклуси на студии.

Особено значаен пример претставува изработката на трите нови студиски програми на втор циклус по Специјална едукација и рехабилитација со 120 ЕКТС – „Моторни нарушувања", „Специфични тешкотии во учењето" и „Интелектуална попреченост и аутизам". Нивното креирање произлезе од утврдена потреба и интерес кај кандидати кои имаат завршено тригодишни студии и соодветна специјализација, за продолжување на образованието и стекнување соодветен степен на високо образование. На тој начин, при изработката на студиските програми се земени предвид конкретните образовни потреби на целната група и постојните можности за нивно продолжување на студиите.

Потребата за вакви програми е идентификувана преку интересот на потенцијалните кандидати и анализата на постојните образовни можности, што претставува пример за усогласување на понудата на студиски програми со реалните потреби на заинтересираните студенти.

Прилози

2.1.А. Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклус студии
2.1.Б. Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклус студии
2.1.В. Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на трет циклус студии
2.1.Г. Барање за акредитација до УКИМ
2.1.Д. Барање до Одборот за акредитација за трет циклус студии
2.1.Ѓ. Решенија за акредитирани програми на прв циклус
2.1.Е. Решенија за акредитирани програми на втор циклус
2.1.Ж. Список на акредитирани и реакредитирани програми во периодот 2024-2026

2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Филозофскиот факултет нуди студиски програми од трите циклуси на студии: 19 програми на прв циклус- додипломски студии во траење од четири години, 34 програми на втор циклус-постдипломски студии (30 едногодишни со 60 ЕКТС и 4-двегодишни со 120 ЕКТС) и 10 програми на трет циклус студии-докторски студии. Значаен исчекор во изминатата година претставува акредитацијата на две нови студиски програми на англиски јазик по Меѓународни интердисциплинарни студии и Семејни студии чија цел е зголемување на атрактивноста на факултетот за странските студенти.

Студиските програми се прецизно дизајнирани, сеопфатни и наменски со содржина која е смислено усогласена со целите на секоја програма, осигурувајќи дека студентите не само што ги постигнуваат посакуваните резултати од учењето, туку и стекнуваат релевантни знаења и вештини. Добро дефинираните цели на предметот се во согласност со вкупните резултати од учењето, обезбедувајќи кохезивно образовно искуство. Програмите се структурирани да го поттикнуваат холистичкиот развој на учениците. Покрај академското знаење, студентите се оспособуваат и со преносливи и меки вештини кои можат значително да придонесат за нивниот личен раст и ефикасно да се применат во нивните идни кариери. Наставната програма поддржува избалансиран напредок во образованието, олеснувајќи ја непречената транзиција од теоретско знаење во практична примена, на крајот подготвувајќи ги студентите за нивниот професионален живот. Факултетот нуди и акредитирани доквалификациски програми во вид на едногодишни студии со 60 кредити: Педагошко-психолошка и методска подготовка и Дефектолошка доквалификација.

Педагошко-психолошка и методска подготовка е наменета за лица кои имаат завршено не-наставнички факултети, а се вработуваат во основни и средни училишта. (Прилог 2.2.Г)

Едногодишните дефектолошки студии се наменети за лица кои имаат завршено наставнички факултети, или завршена Педагошко-психолошка и методска доквалификација, а се вработени во посебни основни и средни училишта или установи. Во секој уписен рок на овие студии се запишуваат околу 20 до 30 кандидати. (Прилог 2.2.Д.)

Прилози

2.2.А. Прв циклус додипломски студии
2.2.Б. Втор циклус постдипломски студии
2.2.В. Трет циклус Докторски студии
2.2.Г. Педагошка-психолошка и методска подготовка
2.2.Д. Дефектолошка доквалификација

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Студиските програми на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се креираат и развиваат следејќи ги современите општествени потреби, научниот и технолошкиот развој, како и најновите трендови на европските и светските факултети од областа на општествени и хуманистичките науки. На тој начин студентите се подготвуваат во целост да одговорат на потребите на општеството, во јавниот и приватниот сектор, да се вклучат во образованието, културата, социјалните дејности и да придонесат за нивно унапредување.

Конкретен пример за усогласување на студиските програми со идентификуваните потреби претставува развојот на три нови студиски програми на втор циклус по Специјална едукација и рехабилитација со 120 ЕКТС: „Моторни нарушувања“, „Специфични тешкотии во учењето“ и „Интелектуална попреченост и аутизам“. Програмите се развиени како одговор на утврдениот интерес и потреба кај кандидати со завршени тригодишни студии и специјализација за продолжување на образованието на втор циклус. Воедно, нивната релевантност е поврзана со зголемената потреба од стручни кадри за поддршка на инклузивното образование и работа со деца и лица со различни форми на попреченост. Оваа потреба е особено актуелна во контекст на тековното унапредување на инклузивноста во образовниот систем, при што во 2025 година биле ангажирани околу 1.500 образовни асистенти во училиштата во Северна Македонија.

Одговор на потребите поврзани со интернационализацијата на високото образование претставува воведувањето на нови студиски програми на англиски јазик – „Меѓународни и интеркултурни студии“ на прв циклус и „Семејни студии“ на втор циклус. Со нив Факултетот ја проширува понудата на програми достапни за странски студенти и создава можности за развој на компетенции

релевантни за работа во меѓународни, мултикултурни и професионални средини.
Релевантноста на образовната понуда е видлива и преку зголемениот интерес за втор циклус студии, при што бројот на запишани студенти се зголемил од 34 во 2023/2024, на 52 во 2024/2025 и 84 во 2025/2026 година. Дополнително, практичната компонента на студирањето е поддржана преку 110 договори за практична настава, со што се овозможува поврзување на стекнатите знаења и компетенции со реалната работна средина. Студиските програми се усогласуваат и со националните стратешки приоритети, особено во областите на инклузивноста, дигитализацијата, развојот на компетенциите и усогласувањето на образованието со потребите на пазарот на труд.
Релевантноста на студиските програми е потврдена и преку нивната поврзаност со националните стратешки приоритети. Националната стратегија за образование 2026–2032, меѓу другото, ги издвојува инклузивноста, усогласувањето на образовните политики со пазарот на труд, дигитализацијата, дигиталната и медиумската писменост и развојот на компетенциите на наставниците како значајни приоритети. Стратегијата за образование на возрасните 2025–2030, пак ја нагласува потребата од доживотно учење поради промените на пазарот на труд, демографските предизвици и технолошкиот развој. Овие приоритети се директно поврзани со дел од образовните профили и компетенции што се развиваат преку студиските програми на Филозофскиот факултет, особено програмите по андрагогија, педагогија, психологија, социјална работа и социјална политика, специјална едукација и рехабилитација, социологија, филозофија, семејни и родови студии, итн.

Прилози

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.	Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Филозофскиот факултет се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високообразован кадар од областа на општествените и хуманистички науки. При подобрување на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот, како пример и најдобра практика за соработка со студентите може да се издвои практиката на спроведување анкети со студенти. Учесниците во процесот на подготовка на елаборатите за акредитација и реакредитација на студиските програми во рамки на одредени институти комуницираат и со алумните на Факултетот (најчесто преку спроведување на анкети) со цел да се добијат информации дали и колку од нив се вработени, колку стекнатите знаења на студиската програма им помогнале при вработувањето и им помагаат во извршување на работата, колку стекнатите знаења и вештини го поддржуваат и овозможуваат нивниот личен и професионален развој, што сметаат дека би можело да се подобри во студиската програма, кои знаења и вештини сметаат дека подобро треба да бидат опфатени во студиската програма и сл. За ваквите потреби се дебатира и на заеднички средби со претставници на професионалните здруженија како што се здруженијата на педагози, социолози, комората на психолози, комората на приватни обезбедувачи, итн.кои редовно се покануваат и земаат учество на факултетските настани.
Податоците и информациите прибрани на овој начин се анализираат, а програмите соодветно се прилагодуваат на потребите на пазарот на труд, развојните потреби и светските трендови со цел да се избегне нивно застарување и на тој начин да се овозможи конкурентност на студентите во стекнатите знаења и вештини за профилот за кој стекнуваат високообразовни квалификации преку соодветната студиска програма.
Како позитивна практика може да се спомене соработката со алумни развиена на одделни институти, како што е Институтот за филозофија. Од 2022 година, Институтот за филозофија, заедно со Филозофското друштво на Македонија, има воспоставено циклус на предавања насловен „Алумни“. Во рамките на овој циклус, свои предавања одржуваат поранешни студенти на Институтот за филозофија кои имаат изградено успешна меѓународна кариера во подрачјето на филозофијата, а во моментот живеат и работат во странство, како предавачи и/или истражувачи на реномирани универзитети, од земјите на Далечниот Исток, преку Европа, сè до САД. Целта на овој циклус предавања е истражувачите да ја претстават својата работа пред поширокатa македонска интелектуална јавност. Со тоа, тие овозможуваат контакт со новите трендови и струења на светската филозофска сцена и придонесуваат кон отворање можности за соработка меѓу нашите образовни институции и институциите на нивната сегашна академска афилијација.
Соработката и вклученоста на релевантни носители на интереси во изработката на студиските програми се покажува преку ангажираноста на стручњаци од следниве државни институции и организации: Министерство за социјална политика, демографија и млади, Народен правобранител, ЈУ Центар за образование на возрасни на Р.С. Македонија, Државен архив, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Универзитетска клиника за хематологија, Универзитетска клиника за психијатрија, Универзитетска клиника за детски болести, ГОБ 8 Септември, Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост –Порака, СОС Детско село, Хелсиншки комитет за човекови права, КПУ Затвор Скопје, државни основни училишта, основни училишта за деца со попреченост, детски градинки, Музеј на РСМ, Археолошки музеј, НУ Стоби,

Музеј Теракота, Фридрих Еберт фондација, Фондација Метаморфозис, здруженија, компании, итн.
Во академската 2025-26 година биле ангажирани 34 стручњаци од практиката кои учествуваат во осмислувањето и реализација на студиските програми на Филозофскиот факултет. Ангажираните стручњаци од практиката внесуваат во програмите и наставата современи знаења, реални професионални искуства и практични вештини. На тој начин програмите стануваат поусогласени со потребите на пазарот на труд и им овозможуваат на студентите подобра подготовка за идната професија.

Прилози
2.4.А. Вклученост на студентите во изработката на програми
2.4.Б.Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми
2.4.В.Список на ангажирани стручњаци 2024-2026

2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.

При креирањето на студиските програми се земаат предвид глобалните светски научни трендови и се настојува понудените програми да бидат компатибилни со други студиски програми од универзитети во светот и препознатливи, а сепак да ја задржат својата специфичност. Посебниот општествен интерес на некои научни дисциплини и студиски програми (историја, педагогија, историја на уметност, итн) наложува во голем дел да се потпираат на сопствената традиција и општествен контекст и заради заедничкото минато, дел од нив се компатибилни со студиски програми на универзитетите од регионот, како што се: University of Belgrade, Faculty of Philosophy, University of Nis, Faculty of Philosophy, Faculty of Arts, University in Ljubljana, Faculty of Humanities and Social Sciences, University of Zagreb. Во секоја студиска програма задолжително е наведена нејзината компатибилност со студиските програми од други универзитети во регионот, Европа и светот. При креирање на студиските програми особено се води сметка и за Европската димензија преку усогласување на програмите со повеќе универзитети во Европа. На пример, програмата по психологија е компатибилна со Faculty of Social and Behavioural Sciences, University of Amsterdam.
Студиската програма на Институтот за специјална едукација и рехабилитација е компатибилна со сродните студиски програми на Факултетот за специјална едукација и рехабилитација при Универзитетот во Белград (https://fasper.bg.ac.rs/ и со програмата Special and Rehabilitation Pedagogy на Педагошкиот факултет при Универзитетот во Љубљана (https://www.pef.uni-lj.si/en/study/first-cycle-study-programs/special-and-rehabilitation-pedagogy/ Програмите се четиригодишни, со 240 ЕКТС/ЕСПБ, и опфаќаат сродни содржини од областа на специјалната едукација и рехабилитација, инклузивното образование, проценатa, работата со деца и лица со различни видови попреченост и практичната настава.
Во академската 2024/25 година биле ангажирани 46 професори како надворешни соработници од други факултети и 34 стручшаци од практика.
Во академската 2025/26 година, во реализацијата на студиските програми на Филозофскиот факултет се вклучени 46 надворешни наставници од други високообразовни и научни установи, од кои 31 во наставата на прв циклус и 15 во наставата на втор циклус што претставува значајна бројка на надворешни соработници чија експертиза е вградена во планирање и реализација на програмските содржини. Дополнително, ангажирани се 33 стручни лица од практиката, со што се обезбедува непосредно поврзување на наставата со професионалното поле и практичната работа.
Надворешните наставници ангажирани во извештајниот период доаѓаат од повеќе факултети и институции, меѓу кои Филолошкиот, Економскиот, Правниот, Медицинскиот, ФИНКИ, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, ПМФ, УКЛО, ФОН, Меѓународниот балкански универзитет и други научни и високообразовни установи. Нивното вклучување овозможува интердисциплинарно збогатување на наставата и вклучување на специјализирани знаења од области комплементарни со студиските програми на Факултетот.
Особено значајно е вклучувањето на 33 стручни лица од практиката од различни институции и организации, како што се училишта, детски градинки, здравствени установи, установи за социјална заштита, музеи и други културни институции, државни органи и невладини организации. Тие учествуваат во реализација на предмети од областа на специјалната едукација и рехабилитација, социјалната работа, педагогијата, психологијата, родовите и семејните студии, археологијата и историјата на уметноста.
Најзначајно остварување од ваквиот начин на реализација на наставата е поврзувањето на теоретските знаења со практичната работа, преку вклучување професионалци со непосредно искуство во областите за кои се образуваат студентите. Со тоа се придонесува кон развивање практични компетенции, запознавање на студентите со современите професионални практики и потребите на пазарот на трудот, како и кон поголема применливост на стекнатите знаења.
Особено се издвојува ангажирањето на практичари во предмети како Дефектолошка пракса, Инклузивна пракса, Рана интервенција, Социјална работа со лица со попреченост, Клиничка социјална работа, Почетно описменување, Методика на воспитна работа, Предучилишен курикулум, Методологија на археолошки истражувања и други предмети со изразена практична компонента. Ова претставува значаен механизам за унапредување на квалитетот и релевантноста на студиските програми.
Подетални информации за надворешните соработници заедно со бројот на одлуката за нивно ангажирање се содржани во прилог 2.5.А и 2.5.Б.

Прилози
2.5.А. Список на надворешни соработници, ангажирани професори од други факултети и универзитети 2024-25

2.5.Б. Список на надворешни соработници, ангажирани професори од други факултети и универзитети 2025-26

2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми.

Оптоварувањето на студентите е соодветно распределено и усогласено со предвидените ЕКТС-обврски, што им овозможува активно учество и во надворешни активности за време на студиите, како што се практична работа, обуки, конференции, студентски проекти, волонтерски активности и други форми на професионален и личен развој. Во рамките на секој силабус, јасно се наведени часовите за настава и учење, како и очекуваното оптоварување за совладување на предметните програми. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го стават во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира цела една студиска година, во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација.
Практичната настава е вклучена и во рамки на одделни предмети на студиската програма и како посебен предмет.
На пример, во периодот од две недели студентите по педагогија од III и IV година успешно реализираат практична настава во предучилишни, училишни и андрагошки установи кои истовремено се партнерски институции во процесот на учење. Видео запис за практичната настава има на следниот линк: https://www.facebook.com/reel/1545911933871042
Понатаму по предметот Методика, услов за полагање на испит е остварена практична настава во основно училиште (I-III одд.) и подготвен Методички дневник за реализирана практична настава. (Прилог 2.6.Б). Пополнувањето дневник за 45-дневна педагошка практика е задолжителен и на програмата за ППМД (Педагошко-психолошка и методска подготовка). Прилог 2.6.В.
Покрај тоа, во најновите студиските програми и на другите институти на ФЗФ е вклучен посебен предмет насловен: Практична настава чија цел е: Оспособување за аплицирање на теоретските сознанија, развој на практични способности и вештини, како и искуствено доживување на професијата преку практична работа во стручни институции, чија дејност се однесува на педагошката област. Согласно оптовареноста на студентот, овој предмет носи 6 ЕКТС.
За значењето што се придава на квалитетната организација и реализација на практичната настава сведочи и листата од дури 110 институции со кои Филозофскиот факултет склучил договор за практична настава на студентите во академската 2025-2026 година. (Прилог 2.6.Д) Согласно списокот, воспоставена е соработка со институции и организации од различни области, вклучувајќи предучилишни установи, основни и средни училишта, здруженија, јавни институции и установи и субјекти од приватниот сектор. Во списокот се опфатени и бројни здруженија и организации од областа на социјалната работа, човековите права, поддршката на лица со попреченост, раната интервенција и доживотното учење.
Мрежата дополнително ги опфаќа Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Бирото за развој на образованието, Државниот завод за статистика, музеи, архиви, здравствени установи, установи за рехабилитација, центри за социјална работа, установи за згрижување и воспитание, како и други специјализирани институции.
Дополнителна можност за стекнување практични искуства обезбедува соработката со субјекти од приватниот сектор, меѓу кои се компании, специјализирани установи и организации од областа на психологијата, раната интервенција, поддршката на лица со попреченост, културата и други области.
Широката и разновидна мрежа на институции овозможува практичната настава и надворешните активности да се усогласат со спецификите на различните студиски програми и да им овозможат на студентите непосредно стекнување професионални и практични искуства, примена на стекнатите теоретски знаења и запознавање со реалното работно опкружување. Значаен показател за одржливоста на соработката е што голем број од договорите се склучени на неопределено време.
Мрежата на институции претставува значајна инфраструктура за реализација на практичната настава и за поврзување на високото образование со професионалната практика и потребите на различните области во кои се вработуваат дипломираните студенти. Во продолжение следи табела со уште неколку важни параметри во однос на студентската практика и појаснување на истите:

Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности							
Учебна 2025/2026 година							
Број на договори за реализација на практична настава	Број на слободни места за практична настава	Број на студенти кои посетувале практична настава на 1. циклус	Број на студенти кои посетувале практична настава на 2. циклус	Број на студенти кои учествувале во надворешни активности на 1. циклус	Број на студенти кои учествувале во надворешни активности на 2. циклус	Просечно траење на практична настава (во часови)	Дали се врши евалуација на практичната настава?
							ДА

- Бројот на слободни места за практична настава не е фиксен и не е евидентиран како централен податок. Тој варира во зависност од бројот на студенти, така што бројот 1240 е изведен од бројот на активни студенти на програмите каде е задолжителна

практичната настава. - Надворешните активности опфаќаат учество на конференции, теренска настава, истражувачки и проектни активности, стручни работилници и други форми на практично учење на програмите каде практичната настава не е дефинирана како посебен предмет - Практичната настава се реализира во согласност со студиските програми и склучените договори со релевантни институции. Фондот на часови за практична настава варира согласно спецификите на студиските програми. Кај студиските програми каде што е предвидена задолжителна практична настава, таа се реализира согласно акредитираните студиски програми и предметните програми. На пример, на СРСП, стручната практика е задолжителен предмет за редовните и вонредните студенти во втор, четврти, шести и осми семестар на додипломските студии. Во рамки на секој семестар, студентите реализираат фонд од 6 часа-вежби неделно, под менторство од страна на стручен работник-социјален работник. Тоа значи еден студент во текот на студиите има околу 360 часа просечното вкупно траење на практичната настава, но на други програми може да се сведе само на еден предмет и да изнесува околу 60 часа. (подетално во прилог Г.) Кај други програми предвидени се и се реализираат практични активности како теренски истражувања, архивска работа, музејска работа, археолошки ископувања или некој вид истражувачка практика, но тие не се евидентираат како посебен предмет „Практична настава“. Во прилозите се дадени и поконкретни податоци и примери за реализацијата на практичната настава на одделните институти..
Прилози 2.6.А. Табела со податоци за студентската практика 2.6.Б. Список на институции за практична настава 2.6.В. Дневник за педагошка практика на ППМД 2.6.Г. Стручната практика на студентите од ИСРСП 2.6.Д. Дневник за практична настава 2.6.Ѓ. Практична настава – Институт за педагогија 2.6. Е. Стручната практика на Институтот за специјална едукација и рехабилитација 2.6.Ж. Практична настава за студентите по психологија 2.6.З. Појаснување на оптовареноста на студентот и ЕКТС

2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2]
Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на на официјалната веб-страницата на факултетот http://fzf.ukim.edu.mk/ и истите кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата (македонски и/или англиски).	
Прилози	
2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.
Филозофскиот факултет континуирано го следи спроведувањето на студиските програми и, врз основа на резултатите од следењето, идентификуваните потреби, новите научни сознанија и повратните информации од релевантните чинители, презема активности за нивно унапредување. Следењето се реализира преку редовно следење на реализацијата на наставата и предметните програми, анализа на повратните информации од студентите, согледувањата на наставниот кадар и вклучување на други релевантни носители на интереси. Во академските 2024/2025 и 2025/2026 година на институтите при Филозофскиот факултет се реализираат акредитирани студиски програми кои се усогласуваат со актуелните општествени потреби, современите научни сознанија и согледаните слабости во претходните програми. Во процесот на нивното осмислување и унапредување се вклучуваат релевантни чинители, вклучително и студенти и стручњаци од практиката. Во периодот 2024–2026 година биле ангажирани 34 стручњаци од практиката, кои со своите професионални знаења, искуства и практични компетенции придонесуваат кон усогласување на студиските програми со потребите на професионалната практика и пазарот на трудот.	

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

Конкретен пример за одговор на идентификуваните образовни потреби е развивањето на три нови двегодишни студиски програми од втор циклус во областа на Специјалната едукација и рехабилитација, со 120 ЕКТС: Моторни нарушувања, Специфични тешкотии во учењето и Интелектуална попреченост и аутизам. Нивното воведување произлегува од идентификуваната потреба и интерес кај кандидати со завршени тригодишни студии и специјализација, со што се овозможува продолжување на образованието и стекнување соодветни специјализирани компетенции.

Во истиот период се воведени и нови студиски програми на англиски јазик, како одговор на потребата од поголема интернационализација на понудата на Факултетот. Како резултат на процесот на следење и унапредување на студиската понуда, во академските 2024/2025 и 2025/2026 година се воведени и други нови студиски програми, а дел од постојните програми се реакредитирани.

Резултатите од следењето и ревизијата се документираат преку извештаи, одлуки на надлежните тела, елаборати и акредитациска/реакредитациска документација. За студиските програми опфатени со периодот на самоевалуација е изработен преглед во кој се наведуваат природата на промената, причините за нејзиното воведување и очекуваните резултати даден во прилог 2.8.А. На овој начин се обезбедува следење на процесот од идентификуваната потреба или слабост, преку ревизијата на студиската програма и преземената активност, до очекуваниот резултат.

Постапката за акредитација и реакредитација се спроведува согласно релевантната законска и подзаконска регулатива и започнува навремено пред истекот на акредитацијата на соодветната студиска програма. Информациите за акредитираните студиски програми се јавно достапни на веб-страницата на Факултетот. Тековно во рамки на првиот циклус се реализираат 19 акредитирани студиски програми, на ниво на втор циклус се акредитирани 34 студиски програми, а на ниво на трет циклус вкупно 10 студиски програми.

Наставата на Филозофскиот факултет – Скопје редовно се спроведува согласно утврден распоред на часови кој се објавува на веб-страницата на Факултетот (прв циклус, втор циклус и трет циклус). На веб-страницата се објавува и распоредот на испитите и колоквиумите (прв циклус, втор циклус, трет циклус и доквалификација).

Прилози
2.8.А. Табела со причини за ре/акредитирање на програмите

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години.

Вкупно запишани студенти на Филозофскиот факултет во учебната 2025/26 година изнесува 423 студенти во прва година и 1899 активни студенти вкупно во сите години. Може да се констатира дека постои благ пораст на бројот на запишани студенти во однос на претходните години, а Филозофскиот факултет како и во изминатите години е во првите пет факултети во рамките на УКИМ кои запишуваат најголем број студенти. Со оглед на фактот што бројот на средношколци се намалува во последните години, бројката на запишани студенти е задоволителна и укажува дека сите преземени активности носат резултати.
Просечниот успех на сите предмети во августовска испитна сесија 2025 изнесува 7,59 при што се внесени оцени по 599 предмети, а на 50 предмети евидентирани во систем не се јавиле кандидати. Во зимската сесија во 2026 година просечниот успех на сесијата изнесува 7.42. Во таа сесија се внесени оцени по 630 предмети од вкупен број од 760 предмети евидентирани во систем. Во академската 2025-26 година се испишале 32 студенти.
Интересен и позитивен е трендот на запишување студенти на втор циклус студии. На втор циклус на студии во 2024/25 се запишале 52 студенти, а во 2025/26 година се запишале 84 студенти, што е за 62% повеќе во однос на претходната година. Тоа значи дека иновирањето на студиските програми на втор циклус студии и поинтензивните кампањи што ги презеде Факултетот, резултираат со зголемување на интересот на кандидатите за запишување на втор циклус студии во изминатиот период. Овој раст јасно укажува и на зголемената препознатливост и конкурентност на студиските програми на втор циклус студии. Просечниот успех што го постигнале студентите на постдипломски студии по сите предмети изнесува 8,74 во есенската сесија 2025 година, 8,35 во зимската сесија 2026 година и 8,78 во летната сесија во 2026 година. Во зимската сесија 2026 година од 242 постоечки предмети, на 108 предмети имало запишани кандидати, на 94 предмети биле изведени испити, а просечниот успех по одделен предмет е претставен во табелата 2.9.Ж во прилог.

Последните години се забележува тренд на отпишување од студиите на прв циклус. Во учебната 2025/2026 заклучно до 10.07.2026 има 31 испишан студент. Во барањето за отпишување од студиите, студентите треба да ја наведат причината. Анализата на овие барања покажа дека во најголем број (50.2%) од барањата студентите наведуваат дека имаат лични причини без подетално да ги објаснат, потоа како причина се наведува напуштање на државата или преселување, напорна програма, високи трошоци на студирање или немање интерес за студиите.
За разлика од вториот циклус, на докторските студии се забележува опаѓање на интересот за упис. Во рамките на третиот циклус на студии во 2025/2026 година се запишале 9 кандидати, што е релативно низок број на запишани кандидати. Трендот на намалување на бројот на докторанти веројатно се должи на зголемената школарина и ограничените можности за вработување со ова највисоко научно звање. Сепак вкупниот број на докторанти е прилично висок и во 2025-26 година активно студираат 70 кандидати.

Прилози -
2.9.А. Табела со број на програми, предмети и запишани студенти 2025-2026
2.9.Б. Табела со причини за напуштање на студиите
2.9.В. Број на студенти на прв циклус 2024-2026
2.9.Г. Број на студенти втор циклус 60ECTS 2024-2026
2.9.Д. Број на магистрирани студенти втор циклус_120 ECTS_2024-2026
2.9.Ѓ. Број на студенти на трет циклус 2025-2026
2.9.Е. Просечен успех по предмети ПРВ ЦИКЛУС 24-26
2.9.Ж. Просечен успех по предмети ВТОР циклус 24-26

Стандард 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
Индикатор	**Документација**
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.

Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Филозофскиот факултет - Скопје е обезбеден преку соодветни акти и документи кои доследно се спроведуваат во практиката.

Во статутот на Факултетот јасно се дефинирани сите надлежности на факултетот, институтите и центрите кои според статутот остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност; даваат предлози и мислења на актите на Факултетот и на другите акти со кои се регулира наставно-образовниот процес; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научно-истражувачката и применувачката работа; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научно истражувачката и применувачката работа, итн.

Во одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Филозофскиот факултет прецизно се дефинирани активностите кои се предмет на оценување. Наставата по речиси сите предмети е конципирана на тој начин да овозможуваат изведување презентации од страна на студентите на однапред утврдена тема или обработка на дело. Во текот на предавањата и вежбите студентите постојано се вклучени во произнесување аргументи и контра аргументи, негувајќи ги вештините за критичко мислење, рефлексија, одбегнување на логички грешки и јавно говорење. Во предметните програми е предвидена тимска работа на студентите во рамките на проектни задачи на теми поврзани со наставата. Ова ја поттикнува комуникацијата, колаборацијата, довербата, креативноста и решавањето проблеми. Заедно со студентите се организираат и проекции на филмови, посета на музеи, разни културни настани, археолошки локалитети, итн. Во регистарот на настани може да се забележи дека често се организираат работилници со студентите на актуелни теми релевантни за програмите на кои студираат, како на пример, – работилниците: Статистички рамки во практика: фреквентистичка и Баесова парадигма со примени во JASP за студентите по психологија, Улогата на Финансиска полиција за студентите по безбедност, Дискусија за пенален и постпенален процес, Игри за ментално здравје и Работилница „Динамиката на насилството“ наменети за студенти од различни студиски програми, итн. Во зависност од програмите на кои студираат, студентите се активно вклучени во изработки на клинички досиеа, маркетинг стратегии, индивидуални планови за работа со лица со ПОП, учење на знаковен јазик, осмислување на мисловни експерименти, итн.
Студентите се вклучени со свои трудови на конференциите што ги организираат институтите и на посебни студентски конференции и летни школи.

Прилози
3.1.А. Статутот на Филозофски факултет
3.1.Б. Регистар на настани на ФЗФ 2024-2026

3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.

На Филозофскиот факултет има бројни примери на примена на иновативни методи на работа со студентите и во рамки на наставата и во форма на воннаставни активности, трибини, работилници, проекции и слично. Ќе наведеме неколку од нив:

На 11 март 2026 на Филозофскиот факултет се организираше работилница со наслов: „Со еден клик до 3 милиони млади“, посветена на дигиталната младинска партиципација и онлајн активизмот со претставници на Youth Alliance – Крушево со интерактивна дискусија на тема „Скроламе или влијаеме?“, презентација на резултатите од „Youth Lens Poll“ и развивање идеи за претворање на наодите во конкретни младински иницијативи. Учесниците беа запознаени и со дигитални алатки за онлајн организирање и застапување, како и со можностите за вклучување во Discord заедницата Youth DigiZone. https://www.facebook.com/share/p/18iggYidoC/

Во рамки на проектот што го раководи Проф. Боби Бадаревски од Институтот за родови студии, организирани се повеќе обуки за користењето на вештачката интелигенција наменети за вработените и за студентите од сите институти на факултетот, со презентации за примена на алатките на вештачката интелигенција во контекст на наставата и учењето воопшто. Презентациите претставуваа одлична можност за дискусија во однос на можностите кои ги нудат алатките на вештачката интелигенција, како и за предизвиците при нејзината употреба. Следеше и обука за пристапот до платформата за вештачка интелигенција и родова еднаквост: https://platforma.aigender.net/

Во продолжение се наведени и конкретни примери на вакви активности на одделните Институти:

Институт за психологија
- Вклучување на студентите во одржувањето настава во средните училишта по предметот психологија
- Предавања за запознавање на најдобрите практики на менаџирање на човечки ресури во македонски компании
- Изработка на клиничко досие
- Изработка на маркетинг стратегии
- Подготовка и спроведување на психолошки експерименти
- Интервјуирање училишни психолози.

Институт за педагогија
- Организирање туторство и менторство на студенти од ранливи категории
- Развивање на медиумска култура
- На 06.III 2026 година, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на жената – 8 Март, студенти од ПЕДАГОГИУМ – Студентско здружение на педагози учествуваа на настан организиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Обединетите нации во Северна Македонија и Министерството за социјална политика, демографија и млади под мотото „Права, правда и делување за сите жени и девојки. Во фокусот на програмата беше поттикнувањето на младински дијалог за женското лидерство, како и охрабрувањето на девојките и младите жени храбро да ги следат и реализираат своите цели и амбиции. https://www.facebook.com/share/p/1KndS1YyNS/

Институт за специјална едукација и рехабилитација
- Инклузивна практика
- Учење на Брајово писмо и знаковен јазик
- Дефектолошка практика

Филозофија
- Проекција на филмови, посета на музеи и други културни настани по предметот Естетика.
- Дебатирање in utramque partem или водење „судски спор“ на дадена филозофска тема, како на пример, судењето на Сократ; судењето на Апулеј; судењето на Бог во холокаустот.
- Користење мисловни експерименти (Бродот на Тезеј, Кинеска соба, Прстенот на Гиг, Проблемот на трамвајот, Томсоновиот виолинист, „Оние кои си заминуваат од Омелас“ од У. Ле Гвин, „Случајот на пештерските истражувачи“ на Л. Фулер, Спасување на најважната книга на светот.
- Користење на Сократовиот метод по речиси сите предмети.
- Користење на апликациите Poll Everywhere за концептуално мапирање на одредена дисциплина преку едукативни игри, квизови и бура на идеи по предметите Академско пишување и аргументирање и Филозофија на правото.
- Пишување мит од фрагменти од постоечки космогониски митови, и празни места со дадени варијабли (именка, глагол, придавка) со што се добива нов мит, кој не е мит туку поезија, по предметот Теории за религијата. Целта е да се долови разликата меѓу митот како света сказна (во рамките на религискиот култ) и митот како игра и поезија (во рамките на уметноста, секуларизираната стварност).
- Спроведување интерен конкурс за најдобра аматерска фотографија на тема „Духовност“ по предметот Византиска филозофија
- Посета на објект од византискиот или поствизантискиот период по предметот Византиска филозофија.

Институт за историја на уметност со археологија
- Соработка со сите музеи
- Теренска работа на археолошки локалитети
- Музеј на Филозофскиот факултет

Институт за безбедност
- Теренска настава и работилници на теми од областа на безбедноста

Прилози	
3.3. Установата редовно врши адаптација на	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани

начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.

Во академските 2024/25 и 2025/26 година на сите институти на Филозофскиот факултет-Скопје се реализираат акредитирани студиски програми кои се ревидирани согласно со актуелните општествени потреби и научни сознанија како и во однос на детектираните слабости на претходните програми. Согласно наведените методи на работа во предметните програми, за изведување на наставата се користат разновидни можности и пристапи на учење: теренска работа, практични задачи, изработка на проекти, домашни работи, истражувачки есеи, преглед на литература, подготовка и изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви, гости предавачи од практиката и другите научно- истражувачки институции/организации во земјата и странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања предавања, студии на случај во наставата (застапени се во секоја студиска програма), користење на модерна информатичка технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството, посета на релевантни институции, решавање на конкретни проблеми, соочување со предизвици итн.

Успешен пример на проектна активност е прикажан во прилог 3.3.А. кога студентите од Институтот за специјална едукација и рехабилитација преку презентации ги сензитивизираат учениците од редовните училишта во однос на децата со попреченост. Во прикажаниот пример тие ги запознаваат учениците со значењето, примената и основните карактеристики на Брајовото писмо, со што се поттикнува свеста за потребите и можностите на лицата со оштетен вид.

Во наставата се реализираат и активности поврзани со можностите за примена на ВИ кај лица со различни видови попреченост, вклучувајќи оштетување на видот, оштетување на слухот, интелектуална попреченост, аутизам, моторни нарушувања, специфични тешкотии во учењето и комбинирани попреченост. На пример, во рамки на предметот Изработка на индивидуален образовен план, студентите работат на зададени случаи на деца со попреченост и изработуваат ИОП, при што користат и алатки базирани на вештачка интелигенција. Предлозите добиени со помош на ВИ потоа се разгледуваат и се дискутира за тоа дали се соодветни на потребите на детето, поставените цели и видот на поддршка што е потребна. Студентите ги разгледуваат можните начини на примена, придобивките, но и ограничувањата на овие технологии во обезбедувањето поддршка и поголема пристапност во процесот на учење.

Интересна е и соработката со стручните лица – алумни кои работат во затворот Идризово. Во декември 2025 година на Филозофскиот факултет се одржа проекција на документарниот филм „Патот на престапникот“, проследена со професионална дискусија за ресоцијализацијата и превоспитувањето на осудените лица – тема од исклучителна важност за современите педагошки, социјални, психолошки и социолошки практики. На тој начин присутните студенти од Педагогија, Социологија, Социјална работа и социјална политика, и Психологија стекнаа редок и автентичен увид во затворската средина, во процесите на ресоцијализација и предизвиците во современиот третман, превоспитување и работа со осудени лица на осудени лица, како и за потребните вештини во педагошко-андрагошката и третманската работа во казнено-поправните установи. https://www.facebook.com/share/p/182JKjFXAn/

Институтот за семејни студии редовно организира интерактивни настани со студентите. На пример, во мај 2026 заедно со Факултетското студентско собрание при Филозофскиот факултет организираа низа активности посветени на семејството, заедништвото и резилиентноста.

Во рамките на програмата се реализираа: работилница со ученици од ООУ „Љубен Лапе“ и Француското интернационално училиште ЕФИС на тема „Јас и моето семејство“ https://www.facebook.com/share/p/1CsKQeQcXn/, потоа Студентска работилница на тема „Резилиентност во семејството“ во соработка со групацијата „Алтернатива“ https://www.facebook.com/share/p/1BDMgztKGe/, а беа промовирани и студентски трудови во новиот осми број на студентското списание „VOX“ . Студентското списание претставува одличен простор за студентската креативност, критичкото размислување и академското изразување и е резултат на трудот, ентузијазмот и посветеноста на студентите кои преку своите текстови и идеи придонесуваат кон збогатување на студентскиот и академскиот живот. https://www.facebook.com/share/p/1GZWVkVDP5/

Изминатата година организирани се и други креативни работилници, како на пример работилница за заеднички изработки со учениците од Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје, потоа Ден на вкусови во кој студентите подготвуваат и презентираат традиционални јадења од различни европски земји, носејќи ја културата и духот на семејните трпези од цела Европа пропратено со документарецот Birthgap: Childless World и жива и инспиративна дебата за темите што ги отвора филмот. https://www.facebook.com/share/p/1KU7aUGHt7/

Сите овие примери покажуваат дека констатациите за прекумерна теоретска настава не се одржливи, туку дека во наставата е ставен фокусот на студентите, дека се користат интересни и современи методи кои поттикнуваат интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот.

Прилози

3.3.А. Предметни програми на прв, втор и трет циклус студии

3.3.Б. Проектни активности на Институтот за специјална едукација и рехабилитација

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.

Во акредитираните елаборати за сите студиски програми на Филозофскиот факултет-Скопје, кои ги содржат деталните предметни програми (силабуси), постои посебна рубрика во која се наведени методите за оценување и испитување на студентите. Кај најголемиот дел од предметите се применува сложен систем за евалуација на студентската работа, кој покрај стандардните алатки за проверка на знаењето вклучува и индивидуална работа на студентот што се реализира континуирано во текот на семестарот. Оценувањето и испитувањето во повеќето предмети се базираат на комбинација од повеќе компоненти за вреднување, како што се тестови, индивидуални и групни проектни задачи, самостојни семинарски задачи, поени за редовност и активност на часовите, презентации, изработка на студии на случај, изработка на план за истражување, свот анализи, библиографии, статистички табели и пресметки и слично. Одделно методите на оценување по предмети се прикажани во табелата 3.4 која содржи и податоци за просечниот успех на 647 предмети од испитните сесии во академскста 2025/2026 година.

Прилози

3.4.**А**. Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа

3.4.Б. Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите
3.4.В. Просечен успех по предмети прв циклус 2025-2026
3.4.Г. Предметни програми на прв, втор и трет циклус студии

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.

Информации за начините на оценување и резултатите на учењето, студентите може да најдат на електронскиот систем iKnow https://www.ukim.edu.mk/iknow-help/, а во некои случаи исто така и во делот на споделување на информации и учење на универзитетската платформа iLEARN https://help.ukim.mk/category/upastva-ilearn-studenti/.
Информациите за начинот и критериумите на оценување се достапни и во предметните програми и им се соопштуваат на студентите на почетокот на наставата. Во секоја предметна програма во точка 17 и 18 се објаснети начините и критериумите за оценување. Во најголем дел програми постои унифициран систем на оценување во кој заедничко е што по пат на тестови се добиваат максимум 70 бодови, односно два теста (колоквиума) по 35 бода- вкупно 70. За индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна) се добиваат до 15 бодови и за активно учество на предавања и вежби - 15 бодови.
Извод од предметните програми:

17.	Начин на оценување		
	17.1.	Тестови	Тест 1: минимум 18 максимум 35 бодови Тест 2: минимум 18 максимум 35 бодови
	17.2.	Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)	15 бодови
	17.3.	Активност и учество	15 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)
		51 х до 60 бода	6 (шест) (E)
		61 х до 70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)

По спроведеното оценување, студентите се информираат за постигнатите резултати преку електронската адреса наведена во системот iKNOW. Доставувањето на повратни информации во делот на оценувањето некои професори го вршат и преку електронска комуникација и користење на платформата Moodle.

Дополнителни информации во однос на оценувањето има и во претходниот индикатор 3.4.Специфичните предмети од типот на методика, академско говорење согласно нивните специфилности предвидуваат и други начини на оценување како што се: изработка на статистички табели и пресметки, пишување есеи, изработка на библиографии, истражувачки проекти, итн.

Прилози

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.

Оценување на студентите се врши на различни начини, формативно и сумативно. Кога оценувањето на знаењето на студентот се извршува усно, студентот веднаш е известен за резултатот, и тоа се спроведува јавно пред најмалку двајца други студенти. Доколку оценувањето на знаењето се извршува преку писмен тест, есеј или проектна задача, студентите се известуваат преку електронска комуникација и/или огласна табла. Увид на тестот и консултација за остварените резултати можат да се добијат веднаш по објавувањето на резултатите, при што студентот може да поднесе приговор во рок од 48 часа. По некои предмети се практикува и методот на отворена книга. Резултатите од оценувањето се внесуваат во пријава која се складира во студентското досие, се внесува во индекс и се внесува во електронскиот систем iKnow h, а во некои случаи исто така и во делот на споделување на информации и учење на универзитетската платформа iLEARN каде студентите веднаш може да го видат резултатот.Тројното внесување на оцени треба да се напушти бидејќи е значаен административен товар за наставникот и за референтите од одделението за студентски прашања, а пред сè за студентите кои треба да купуваат и носат пријави на испити и да доаѓаат за внесување на оцена во индекс. На писмените испити и колоквиуми на некои предмети се применува методот „испит со отворена книга“ (open book exam) со кој се оценува знаењето на студентот преку прашања во кои се бара компарација, интерпретација или критичка рефлексија со слободно користење на каков бил извор на информации во текот на испитот. На усните испити и колоквиуми на студиската програма по филозофија често се применува Сократовиот метод на дискусија.
Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми на прв и втор циклус се дадени во табелите во прилог. На есенската сесија 2024/2025 година просечниот успех од 599 предмети на кои се јавиле кандидати изнесувал 7.59. Во јануарската сесија 2025/2026 на список од 725 активни предмети евидентирани во систем, на 630 предмети се јавиле кандидати, а просечниот успех од вкуно 5848 внесени оцени изнесувал 7.42. Просечниот успех на студентите по предметите на прв и втор циклус останува релативно стабилен, со мала разлика помеѓу анализираните испитни сесии. Во јануарската сесија е забележано благо намалување на просечната оценка во однос на претходните сесии, но резултатите и понатаму укажуваат на континуирано задоволително ниво на постигнувања на студентите.

Прилози
3.6.1. Просечни оцени по сесии и предмети - прв циклус 2024-2026

3.6.2. Просечни оцени по сесии и предмети - втор циклус 2024-26

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата.

На Филозофскиот факултет е воспоставен систем и регулатива за постапување по жалби на студенти и пријавување корупција и истиот ефикасно функционира.

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи (Сл. Весник на РМ бр. 196/15, 35/18), Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 7/05 и 103/08) и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 46/16), Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXIX редовна седница одржана на 13.06.2016 година, го донесе Правилникот за заштитено внатрешно пријавување.

Процедурите за поднесување на жалби и пријави за корупција се во согласност со поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во наведените закони и правилници. Сите документи се транспарентно објавени на веб-страицната на Факултетот.

Согласно оваа процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите, на факултетот Скопје, се преземаат мерки за обезбедување и заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи со примена на прописи за заштита на лични податоци.

На Филозофскиот факултет е дефиниран и транспарентно презентиран системот на евиденција на доставување, постапување и исход од секоја постапка. Согласно оваа Процедура на Факултетот, по доставување на секоја пријава и по завршување на секоја постапка овластеното лице составува извештај за исходот од постапката како и за преземените/предложените мерки за отстранување на противправните дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување (член 11). Извештајот се заверува и архивира исто како и пријавата за постапката. Овластеното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и истиот го доставува до Државната комисија за спречување на корупција (член 14).

Факултетот на својата веб-страница, согласно регулативата има јавно поставено и лице овластено лице за прием на пријави од укажувачи:

Службено лице: Ана Јовчевска Иванова, Раководител на Одделението за правни и општи работи на Филозофски факултет – Скопје, тел.02-3116-520, лок. 256

како и контакт електронска адреса за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување:

e-mail: prijavaukazuvac@fzf.ukim.edu.mk

На Филозофскиот факултет постои **отворена политика на прием на жалби и пријави** со која се зема предвид и секоја жалба, пријава која е доставена по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на факултетот. Раководството на факултетот при допрен глас го активира законски поставениот систем и сите процедури кои стојат на располагање.Од овластеното лице за прием на пријави од укажувачи редовно се доставува Полугодишен извештај за прием на пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување на корупција. Согласно добиените податоци може да се констатира дека **во извештајниот период од 2024-2026 година** на Факултетот**:**

1. Нема пристигнато пријави за заштитено внатрешно пријавување.
2. Нема поднесени жалби на студенти и
3. Нема поднесени пријави за корупција.

Во контекст на политиката за антикорупција, треба да се нотира дека согласно законот за високото образование, на ниво на Универзитет, на 21.9.2021 година е донесена Антикорупциска програма со низа предвидени активности подетално опишани во прилог број 3.8.Д. Следствено, согласно член 107 заради поефикасно спречување и заштита од корупција, универзитетскиот Сенат избира овластено лице за прием на пријави за корупција од редот на редовните професори на универзитетот. Според последната Одлука на Сенатот на УКИМ, за овластено лице за прием на пријави за корупција на УКИМ е избрана проф. д-р Гордана Лажетиќ. https://ukim.edu.mk/ovlasteno-lice-za-prijavi-za-korupcija/. Работата на ова лице е регулирана со ПРАВИЛНИК за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/04/pravilnik-za-prijavi-za-korupcija-glasnik-485-2020.pdf

Прилози

3.7.А. Закон за заштита на укажувачи
3.7.Б. Пријава за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор
3.7.В Одлука за овластено лице за прием на пријави од укажувачи
37.Г. Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор
3.7.Д. Антикорупциска програма на УКИМ
3.7.Ѓ. ПРАВИЛНИК за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје
3.7.Е. Одлука за овластено лице на УКИМ за прием на пријави за корупција

Стандард 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
Индикатор	**Документација**
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата.

Сите прописи за сите циклуси на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Филозофскиот факултет – Скопје се регулирани со соодветни одлуки и правилници. Овие однапред утврдени и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите соодветно се спроведуваат на Филозофскиот факултет – Скопје. Условите, критериумите, правата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од првиот и вториот циклус на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се дефинирани со Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје од 2019 година и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје од 2020 година.

Врз основа на овие правилници во 2021 година е изготвена и усвоена Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет - Скопје во која се подетално образложени и уредени уписните постапки, студентскиот календар, напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во Правилникот за водење евиденции за високото образование и Законот за високо образование , заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите. Правилниците се јавно достапни на веб страницата на факултетот Во нив се дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето.

Во овој контекст се јавуваат предизвици како резултат на повременото менување на правилниците кои пак се условени од менувањето на законски прописи. Ваквите промени наметнуваат потреба од решавање на бројни административни прашања за студентите кои се запишани по еден правилник, а во текот на студиите е донесен друг, особено во случаи кога нема прецизно правно толкување. За решавање на овие прашања и адекватна примена на новите правилници како што беше случај со Правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје кои беа донесени 2019 и 2020 година, изготвено е Упатство за реализација на Правилникот за студирање на трет циклус (2021) со кое попрецизно се разјаснуваат ваквите прашања. Истите доколку е потребно се допрецизираат и со интерни одлуки на факултетот во консултација со ректоратот на УКИМ.

Прилози

4.1.А. Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

4.1.Б. Правилник за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

4.1.В. Одлука за запишување и студирање на прв и втор циклус на Филозофски факултет

4.1.Г. Правилникот за водење евиденции за високото образование

4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален.

Следењето и водењето евиденција на напредокот на студентите се врши согласно одредбите на Законот за високо образование, Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет - Скопје и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје. Факултетот располага со соодветни алатки и механизми за следење на напредокот на студентите преку електронскиот систем за евиденција на студентски активности на УКИМ (https://ukim.edu.mk/studii/informacii-za-studentite/e-servisi/. Системот овозможува преглед на успехот и напредокот на секој студент поединечно, по студиски години и по предмети, а воедно овозможува увид и во просечниот успех на генерацијата, за секој предмет. Во системот редовно се внесуваат оцени, а постојат и опции за евиденција на поени за присуство, за консултации и комуникација со студентите како и за следење на реализацијата на предиспитните и испитните обврски (колоквиуми, семинарски, тестови и друго). Студентите имаат навремен пристап до информации за нивните резултати и академски обврски. Iknow системот

Секако дека овие алатки е потребно континуирано да се надоградуваат за да обезбедат уште подостапни и попрецизни прегледи на постигнувањата на студентите, но може да се заклучи дека системот е во најголем дел функционален и овозможува континуирано следење на академскиот напредок на студентите, со навремена идентификација на евентуални потешкотии и преземање соодветни мерки за подобрување на успехот и поддршка на студентите.

Прилози

4.2.А. Iknow системот

4.2.Б. Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус УКИМ

4.2.В. Правилник за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии наУниверзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

4.2.Г. Одлука за запишување и студирање на прв и втор циклус на Филозофски факултет

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години.

Признавање на формалното и неформалното учење на студентите од Филозофскиот факултет е регулирано со Законот за високо образование (Службен весник 102/2018) и Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет-Скопје. Во Одлуката за правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет-Скопје детално се образложени: постапката за запишување на студенти, напредувањето на студентот, премин од една на друга студиска програма, паралелно студирање, период на завршување на студиите, продолжување на прекинатите студии и други права и обрски на студентите. Студентите кои не успеале да ги завршат студиите во предвидените рокови имаат право да ги завршат започнатите студии со поднесување барање за продолжување на студии и еквиваленција на положени предмети. За таа цел на Наставно-научниот совет се донесува Одлука за еквиваленции на студиски програми. Студентот ги продолжува студиите по студиската програма која се применува.

Најчест облик на признавање е признавањето на кредити од положени испити и други активности при премин од една студиска програма на друга или од претходна во постојна програма за студенти кои од одредени причини не ги завршиле навремено студиите или одлучиле да преминат на друга програма. По барање на студентот, Одделението за студентски прашања ја доставува поднесената документација (индекс, уверение, програма) до колегиумот или советот на студиската програма, каде предметниот наставник одлучува за признавање на предметот и се врши еквиваленција. За предмети на прв циклус на студии кои се од претходна и постојна програма и имаат ист назив и број на кредити се донесува административна одлука за признавање во Одделението за студентски прашања.

Во однос на признавање на формалното учење на трет циклус студии постојат неколку случаи на признавање. Поголем број вакви случаи имаше во изминатите години кои беа засновани на барања на докторандите со завршени двогодишни магистерски студии. Согласно барањето, Советите на студиската програма за докторски студии по разгледување на одделните барања имаат донесено одлуки за признавање на предвидените испити од прва година на докторските студии.

За евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите, како што е Еразмус плус и други меѓународни програми постојат посебни процедури. Во академската 2024-2025 и 2025 -2026 година формално учење од мобилност е признаено на 4 студенти од прв циклус и на две студентки од трет циклус. Сите мобилности биле реализирани во рамки на Еразмус плус програмата на разни универзитети во светот (Италија, Шпанија, Полска, Србија). Студентите од прв циклус престојувале во странство по еден семестар и на оние кои полагале испити признаен им е соодветен број кредити (18 ЕКТС). Студентите од трет циклус престојувале на странски универзитети по една недела по што доставиле потврда и извештај што бил усвоен од Советот на докторски студии и мобилноста им е признаена како реализирана обврска на докторски студии, без кредити бидејќи се запишани на постари програми каде не е предвидено мобилноста да носи кредити.

Преку студиските програми и Центрите на факултетот студентите имаат можност и за неформално и практично образование, за учество во проекти и научноистражувачката работа, подготвуваат трудови за студентски конференции, објавуваат текстови во студентски и други стручни списанија, итн. За овие активности не се води посебна евиденција согласно постојната законска регулатива каде не постои правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование и истите не претставуваат задолжителна обврска за студентите.

Прилози
4.3.А. Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус УКИМ
4.3 Б Правилник за запишување и студирање на трет циклус УКИМ
4.3 В Одлука за запишување и студирање на прв и втор циклус на Филозофски факултет
4.3 Г. Список на студенти со признаено формално учење 2024-2026
4.3.Д. Табела за еквиваленција
4.3.Ѓ. Пример за еквиваленција на прв циклус 2023
4.3.Е. Пример за еквиваленција на втор циклус 2023

4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	Диплома, уверение и додаток на диплома

По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Согласно Законот за високо образование (член 155), на студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование, Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Филозофскиот факултет како единица на универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него, издава диплома.

Документацијата која ја издава Филозофскиот факултет- Скопје на сите три циклуси на образование соодветствува на законската регулатива дефинирана во Законот за високо образование. Рамката и содржината на дипломата се дефинирани во Законот за високо образование (Оддел 5, член 155), а уверението и додатокот на диплома се регулирани со посебен Правилник во Службен весник 102/2018 каде е детално утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.
Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите и Решенијата за акредитација на стидиската програма.
Во продолжение се поставени 11 прилози во кои се дадени обрасци и примери за документацијата што ја добиваат студентите со завршен прв, втор и трет циклус на студии. Согласно став 3 од ЗВО, член 155, став 3, дипломите и додатокот на дипломи се потпишуваат од Ректорот и Деканот на Филозофски факултет. Приложеното покажува дека документација е јасна, целосна, разбирлива, го одредува бројот на освоени кредити, добиените оцени како резултат на учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии и стекнатите компетенции и квалификација.

Прилози
4.4.А. Уверение за положени испити прв циклус ФЗФ
4.4.Б. Уверение за положени испити втор циклус ФЗФ
4.4.В. Уверение за положени испити трет циклус ФЗФ
4.4.Г. Диплома за прв циклус ФЗФ
4.4.Д. Диплома втор циклус ФЗФ
4.4.Ѓ. Додаток на диплома прв циклус ФЗФ
4.4.Е. Додаток на диплома втор циклус ФЗФ
4.4.Ж. Додаток на диплома трет циклус ФЗФ
4.4.З. Закон за високо образование 2024
4.4.S. Правилник за водење евиденции за високото образование
4.4.И. Правилник за содржината на дипломата 37-79

Стандард 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

Индикатор	Документација
5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).

Една од силните страни на Филозофскиот факултет е компетентноста на неговиот наставен кадар, со научници признаени и препознатливи во својата област не само во државава туку и пошироко. Во академската 2025/2026 година на Филозофскиот факултет во Скопје со полно работно време работат 94 наставници и соработници. Попрецизно, структурата на наставниот и соработнички кадар е следна: од вкупниот број наставници и соработници, 84 се редовни професори - (89,4%), 2 се вонредни професори - (2,1%), 5 се доценти - (5,3%) и 3 се соработници (асистенти) (3,2%).
За подобро разбирање на состојбата со наставниот кадар, овие податоци може да се споредат со податоците од минатиот извештај кога наставниот кадар го сочинувале 106 вработени од кои 90 (85%) биле редовни професори, 8 (7.5%) вонредни професори и 3 (3 %) доценти и 5 (5%) асистенти. Компарацијата покажува слична дистрибуција на вработените според звања, со извесно зголемување на процентот на редовни професори во вкупната структура на наставен кадар. Податоците покажуваат дека во моментов приближно 90% од наставниот кадар се редовни професори што е несразмерно висок процент во однос на застапеноста на другите звања. Овој дисбаланс повторно е резултат на подолгиот период во кој не бил примен ниту еден асистент на Факултетот поради тогашниот закон за високо образование и другите општествени околности. Оваа исклучителна неповолна состојба се ублажува последниот период но сеуште е ургентна потребата од вработување млад кадар.
Намалување на бројот на наставен кадар со природниот процес на старење и пензионирање го загрозува опстанокот на одредени Институти кои се водечки во државата за профилирање на стручни кадри и воопшто за развојот на науката од соодветната област. Десетина наставници веќе остваруваат право на пензија и работат со одлука на ННС за продолжување на договорот за работа што значи дека веќе наредниве години ќе им престане работниот однос, а не е обезбедена нивна замена. На некои програми како што се

филозофија, социологија, историја на уметност и археологија, социјална работа и социјална политика, семејни студии, и други нема ниту еден асистент.

Факултетот константно прави напори за обезбедување нови работни места и доставува барања и образложенија за потребата од млади кадри до надлежните Министерства за образование и наука и финансии). Како резултат на овие заложби, во јуни 2026 добиена е согласност за вработување на 9 асистенти и во тек е процедурата за нивен избор. Со овие и идни вработувања ќе се компензира деценискиот недостаток на млад научен и наставен кадар на УКИМ.

Наставниот кадар на Филозофскиот факултет поседува соодветни академски и стручни квалификации, што се потврдува со нивните биографски податоци, извештаите за избор во наставно-научни и научни звања, Одлуки за избор во звање, како и со остварените научноистражувачки и стручни активности. Нивниот придонес во областа на образованието, науката и културата се согледува преку научноистражувачката работа, објавените научни и стручни трудови, учеството во научноистражувачки и стручни проекти, како и преку други професионални ангажмани релевантни за нивната област.

Прилози

5.1.А. Одлуки за избор во звање

5.1.Б. Преглед на предмети кои кадарот го предава и на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно по институти)

5.1.В. EUROPASS CV на наставниот кадар на ФЗФ

5.1.Г. Список на наставен кадар на ФЗФ по звања и институти- 2026

5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

Наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет остваруваат богата научно-истражувачка дејност која резултира со голем број издадени публикации, учества во проекти, учества на семинари, конференции и научни собири од домашен и меѓународен карактер, како и организација на домашни и меѓународни научни собири. Најголем дел од публикациите (над 50%) се индивидуални авторства, објавени како резултат на индивидуалните истражувачки напори и активности, а најмал е процентот на трудови со четири и повеќе ко-автори. Вкупниот број на публикации на наставниот кадар од Филозофски факултет во академската 2025 /26 година според класификацијата на ЗВО изнесува 178. При евидентирањето, секоја публикација е броена само еднаш, без оглед на тоа дали е авторирана или коавторирана од двајца, тројца или повеќе наставници од Факултетот. Доколку публикациите се пресметуваат според бројот на авторски учества на наставниот кадар, вкупниот број би бил најмалку двојно поголем.

Во табелите во прилог 5.2.А. се содржани подетални библиографски податоци за овие публикации. Согласно табелата, податоците покажуваат стабилно и благо зголемување на научната продуктивност на наставниот кадар. Вкупниот број објавени трудови и публикации е зголемен од 87 во 2024/2025 на 91 во 2025/2026 година, односно за 4,6%. Најизразен е порастот на трудовите во списанија индексирани во релевантни електронски бази (од 24 на 28), како и на трудовите во списанија со меѓународен уредувачки одбор (од 21 на 25). Во двете години значаен придонес имаат и зборниците на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири (34, односно 31 труд).

Во прилогот 5.2.В. е изготвен список на учества на наставниот кадар на ФЗФ на меѓународни конференции со називот на презентираните трудови од тие конференции. Во академската 2024-2025 година наставниците од факултетот настапиле со 97 трудови на научни конференции, а заклучно со јуни 2025 -2026 година евидентиран е 51 труд презентиран на научни конференции.

Филозофскиот факултет плаќа надомест за објавен труд во списание со импакт фактор индексирано во Web of Science во висина од просечна плата. Факултетот во 2024 и 2025 година имva платено надомест за објавен труд со импакт фактор - по еден труд во 2024 (41943 ден) и 2025 (45710 ден.) Ова е позитивен пример на поддршката што факултетот ја дава како придонес во развојот на квалитетни научни трудови.

Поврзано со иницијативата за поголема меѓународна видливост на УКИМ и со цел подобрување на застапеноста и адекватната институционална афилијација на наставно-научниот кадар на Филозофскиот факултет на споменатите бази, се нуди и поддршка на вработените за активирање на профили на бази на податоци (Orcid, Reserch Gate, Elsevier, Google Scholar) како и внесување и поврзување на библиографски податоци на овие бази. На Репозиториумот на УКИМ само во делот на Филозофски факултет има 5498 библиографски единици. Најголем број трудови поставени на Репозиториумот од еден професор е 89.

Прилози

5.2.А. Број на објавени трудови во референти публикации 2025-2026

5.2.Б. Список на објавени трудови ФЗФ 2025-2026

5.2.В. Учество на меѓународни научни конференции во 2024-25 и 2025-26 година- https://docs.google.com/spreadsheets/d/1EzFK-CaUa4T_BauE1NqHB90BjjrkY4iHsZ4khuIGyWQ/edit?usp=sharing

5.2.Г. Линк до објавени трудови на вработен наставен кадар на Филозофски факултет, поставени на Репозиториумот на УКИМ- https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/18

5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;* Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

Ангажманот и оптовареноста на наставниот кадар на Филозофскиот факултет соодветствуваат на законските одреби.

Одлуките за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии се носат во согласност со Законот за високо образование член 161. На соодветниот линк се презентирани сите одлуки за сите програми за последните пет години. Согласно овие одлуки оптовареноста на кадарот не треба да надминува ангажираност на повеќе од 4 предмети во текот на семестарот на прв и втор циклус студи. Констатираниот дефицит на наставен кадар не секогаш оди во прилог на оваа одлука, но таа без исклучок се почитува, а проблемот се надминува со формирање комисии за останатите предмети. Тоа секако не е оптимално решение што нуди квалитетна настава туку изнудено решение или еден вид компромис меѓу законската регулатива и постојната ситуација.

Во делот на наставните часови на Факултетот се почитуваат пропишаните акти од Колективниот договор за високо образование и наука од 180 часа годишно, наведени во член 34 (5.3.А). Истовремено, во рамките на одлуката за утврдување и исплата на плати е пропишан соодносот на различните работни задачи во рамките на член 12 (5.3.А). Во делот на менторствата се води евиденција да не се надминуваат пропишаните насоки од ЗВО чл. 135 и чл. 134 за максимален број од 12 менторства на втор циклус студии и 3 менторства на докторски студии (5.3.В).

Ангажираноста на наставниците од Филозофскиот факултет подразбира нивна вклученост во наставно образовните процеси на прв, втор и трет циклус на студии. Во рамките на првиот циклус на студии, вкупниот број семестри предвидени со секоја од студиските програми изнесува 8, без исклучок. Ваквиот принцип на воедначеност е присутен и кај вкупниот фонд/број часови по задолжителни и изборни предмети. Имено, фондот на часови по задолжителните предмети се движи од 1650 до 1710 часови, а кај изборните предмети се движи во интервал од 720-1080 часови. Ваквиот фонд часови по одделни предмети соодветствува на стручниот профил што се очекува да се добие со завршување на одделната студиска програма. Дополнително, предвидениот фонд часови за студентска практика кај секоја студиска програма, целосно соодветствува на очекуваниот стручен профил и придонесува кон признавање на соодветниот профил од страна на други универзитети. Во делот на прв циклус на студии неделниот фонд на часови по задолжителен предмет изнесува 6 часа, при што зависно од предметот распределбата е 6 часа предавања или 4 часа предавања плус 2 часа вежби.

Прилози

5.3.А, Збирна табела на предвачи и предмети
5.3.Б. Колективниот договор за високо образование и наука
5.3.В. Список на наставен кадар на ФЗФ по звања и институти 2026
5.3.Г. Закон за високо образование
5.3.Д. Распоред на работни задачи прв циклус студии 2025-2026
5.4.Д. Распоред на работни задачи втор циклус студии 2025-2026

5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно - научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

Вработувањето наставен и соработнички кадар, како и изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет-Скопје е во потполност согласно на критериумите, стандардите и обврските коишто произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Филозофскиот факултет -Скопје, Правилникот за систематизацијата на работните места на ФЗФ, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Сите избори се вршат со доследно почитување на строгите законски нормативи и со квалитетно и навремено спроведување на постапките согласно предвидените рокови.

Во прилог е даден список на вработени на Филозофскот факултет –Скопје во 2026 година со нивните наставно-научни и соработнички звања. На секој конкурс во сите случаи од последиве две академски години, се пријавува по едно лице, односно нема противкандидати кои аплицираат на истиот конкурс, а со тоа и нема постапки по приговори од останати кандидати.

Постапката и роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар и вработување на нови наставници и соработници.
Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар во повисоки звања и за нови вработувања, сите рецензентски извештаи за избор заедно со одлуката за избор се јавно достапни на веб страницата на Факултетот (линк 5.4.А-Извештаи и одлуки за избор во звања). Во овие документи јасно се претставени аргументите зошто е лицето избрано во повисоко звање или вработено во научно или соработничко звање и истите овозможуваат да се провери исполнетоста на критериумите за направениот избор.
Во учебната 2025/2026 година на Филозофскиот факултет-Скопје беа распишани **8** конкурси за избор во наставно-научни звања за постојни вработени, а во јуни 2026, по добиена согласност од надлежните министерства се распишаа девет конкурси за нови вработувања на асистенти, насловни доценти и наставници кои се во тековна процедура.

Прилози
5.4.А. Извештаи и одлуки за избор во звања
5.4.Б. Список на наставен кадар ФЗФ -2026
5.4.В. Наставно научен кадар со предмети и фонд на часови
5.4.Г. Табела со преглед на избори во нови звања 2024-2026

3 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Филозофскиот факултет има дефинирано своја мисија и визија која се операционализира во годишни планови. Согласно годишните планови кои се дискутираат и усвојуваат и на Деканска управа и на Наставно-научен совет, се прави план за јавни набавки, а тие се спроведуваат согласно законската регулатива и се проследени со транспарентни постапки за кои се изработуваат извештаи. Извештаите се исто така дел од работата на Деканатската управа и се одобруваат од страна на Наставно-научниот совет на факултетот. Во делот на проектните активности истите најпрво се иницираат од страна на институтите и центрите, при што се поднесуваат барања кои прво се разгледуваат на Деканатска управа, а потоа на Наставно научниот совет. Одобрените проекти се реализираат, а координаторите на проектите се должни да поднесат извештај кој повторно се разгледува на факултетските тела.
Просторниот капацитет на Факултетот и пописот на информатичка опрема и библиотечен фонд се детално опишани во прилозите на овој индикатор и уште попрецизно во индикаторот 6.3.
Во прилог 5.5.А. е даден список на простории со површина со кои располага факултетот со вкупна површина од 7203, 5 м^2.
Во прилог 5.5.Б.-В и Г е даден список на информатичките ресурси и опрема со која располага факултетот и нивната локација во одделните простории вклучувајќи информатички ресурси наменете за учење на далечина, опрема наменета за студенти која вклучува 228 единици, како и специјална информатичка опрема наменета за студентите со посебни потреби, вклучувајќи Брајов печатач, 3Д принтер, скенер, камера, таблети, итн.
Во прилог 5.5.Ѓ е прикажан бројот на издвоени средства за нови набавки во библиотечниот фонд. Согласно податоците, во извештајниот период за набавка на книги, списанија, ревии и зборници се издвоени 146919 денари, од кои во 2024 година – 55471 денари, во 2025 година – 76244 денари и до јуни 2026 година – 15204 денари.
Бројот и вредноста на набавените изданија ги покажува извонредните заложби на Факултетот за константно осовременување на библиотеките со актуелни и современи научни дела и друга помошна литература за студентите.
Покрај тоа Факултетот овозможува пристап до следниве активни електронски бази на податоци како Истражувачки е -ресурси.
1.SAGE Journals Платформа која нуди пристап до стотици рецензирани научни списанија, главно во областа на општествените, хуманистичките, здравствените и образовните науки. Овозможува квалитетни извори за истражувања, академско пишување и анализа на современи социјални прашања.
2. Project MUSE Ресурс кој обезбедува пристап до електронски книги и списанија од областа на хуманистичките и општествените науки. Посебно е значаен за истражувања во книжевноста, филозофијата, историјата, културните студии и сродни дисциплини.
3. Cambridge Journals Online (Cambridge CORE) Дигитална платформа на Универзитетот Кембриџ која содржи над 400

академски списанија од различни научни полиња, вклучително и општествени и хуманистички науки. Претставува значаен ресурс за научни трудови од висока академска вредност.
4. JSTOR + ARTSTOR- JSTOR: Една од најценетите дигитални библиотеки на академски трудови, книги и извештаи од широк спектар на дисциплини, идеална за историски, социолошки, политички и образовни истражувања. ARTSTOR е визуелна база која содржи над 2,5 милиони слики од уметноста, архитектурата, археологијата и културното наследство корисна за истражувачи од визуелните уметности, историја на уметност и културолошки студии.
5. Од октомври 2025 достапен е целосен пристап до дигиталната библиотека LOEB Classical Library – најголемата библиотека на дела од антички автори, со оригинален текст на грчки и латински јазик и превод на англиски јазик. Претплатата за базата е овозможена преку проектот ПРОМЕТЕЈ – Промовирање на универзалните вредности преку дигиталната епиграфика и културното наследство.
6. Edward Elgar Online Електронска платформа специјализирана за академски публикации во областа на правото, економијата, политиката и јавната политика. Погодна е за интердисциплинарни истражувања и анализи на современи глобални предизвици.
7. EBSCOhost Research Databases Една од најголемите платформи за академски публикации, која вклучува низа бази (Academic Search, Education Source, Sociology Source и др.), со илјадници целосно достапни рецензирани списанија, извештаи и монографии.
Преку овие платформи, Филозофскиот факултет обезбедува висококвалитетна академска поддршка за своите студенти, истражувачи, професори и асистенти, со што значајно се унапредува научната продукција, квалитетот на наставата и критичкото размислување. Овозможениот пристап до светски признати извори претставува суштински дел од стратегијата за академска извонредност и интеграција во глобалната научна заедница.
Како поткрепа на овие наоди се и резултатите од двете анкети со наставниот кадар направени изминативе две години кои укажуваат на релативно високо ниво на задоволство на наставниците и соработниците од условите за работа, но истовремено и на потреба и предизвик за нивно натамошно унапредување. Се забележува позитивен тренд во однос на задоволството на наставниот кадар, со зголемување на просечниот резултат од 3,78 во 2024/25 на 3,87 во 2025/26 година.
Наведените забелешките на наставниот кадар во отворениот тип на прашања главно се однесуваат на условите за работа во дел од кабинетите, особено во однос на природното осветлување и вентилацијата, ограниченият паркинг простор во кампусот, потреба од посеопфатна стручна техничка и информатичка поддршка за користење на ИТ технологијата со која располага факултетот и поголеми можности за академска мобилност. Треба да се има предвид дека последната анкета е направена во јуни 2026 година, а во текот на летниот распуст веќе беа иницирани активности за надминување на дел од слабостите и вработено е лице кое треба да обезбедува информатичка поддршка. На анкетите со административниот кадар е добиен просечен резултат од 4,28, што укажува на високо ниво на задоволство од условите за работа и позитивна перцепција на административниот кадар во однос на работната средина и условите во кои ги реализираат своите работни задачи.

Прилози
5.5.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
5.5.Б. Информатички ресурси наменети за учење на далечина
5.5.В. Информатичка опрема наменета само за студенти .
5.5.Г. Информатички ресурси достапни за лицата со посебни потреби
5.5.Д. Регистар на имот и имотни листови
5.5.Ѓ. Вкупен фонд на книги и списанија по библиотеки за сите студиски програми
5.5.Е.Набавена информатичка опрема за учење на далечина 2024-2026
5.5.Ж. Набавена информатичка опрема за студенти 2024-2026

5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар.	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).

Во текот на 2025-2026 година Филозофскиот факултет организираше поголем број еднодневни обуки за наставниот кадар за запознавање со принципите на концептот на отворена наука како и развивање на академските вештини за подготовка, пишување и објавување трудови и воедно мотивирање на наставниците за објавување трудови во влијателни списанија.
Таква беше обуката насловена како: "Publishing in High-Impact Journals: Mapping the Web of Science and Scopus" која се одржа на 9 април 2025, како и дебата и Анализа на состојбата на академското објавување на Филозофскиот факултет и предлог-решенија за негово унапредување одржана на 19.06.2025 година.

Друга актуелна тема за која беа реализирани обуки се однесуваше на користењето на вештачката интелигенција, попрецизно, се одржа презентација за примена на алатките на вештачката интелигенција во контекст на наставата и учењето воопшто, наменета за вработените на ФЗФ. Презентацијата претставуваше одлична можност за дискусија меѓу наставниот и административниот кадар во однос на можностите кои ги нудат алатките на вештачката интелигенција, како и за предизвиците при нејзината употреба. Следеше и обука за пристапот до платформата за вештачка интелигенција и родова еднаквост: https://platforma.aigender.net/

На факултетот редовно се организираат и обуки за можностите за финансирање на ЕУ програмите, како инфо денови за програмата Хоризонт Европа, за користење на можностите што ги нуди Националната агенција за европски образовни програми итн.

Во текот на мај 2025 година (7.5, 8.5, 14.5. и 28.5.2025) се одржаа обуки од Црвен крст на кои присуствуваа 42 наставници.

Во мај 2025 одржана е и обука во рамки на проектот PROMETHEUS Epigraphic heritage representation,dissemination and audience development (20-22 мај 2025 г.) со организирана работилница за примена на дигитални алатки за епиграфика.

Во рамки на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“ што GOPA Worldwide Consultants го спроведува во соработка со Министерството за образование и наука одржана е обука за техники за следење и евалуација за оценување на компетенциите на наставниците за клучниот кадар во периодот од 24 до 26 септември 2024 година.

Подетални податоци за обуките се дадени во прилог 5.6.А.

Прилози

5.6.А. Табела на обуки на наставниот кадар на ФЗФ 2024-2026

5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).

Филозофскиот факултет има исклучително богата практика на гостувања на професори од други универзитети, како и мобилност на наставниот кадар од факултетот на странски универзитети. Вредно е да се спомене 45 годишната соработка на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет-Скопје со Јагелонскиот универзитет во Краков преку Краковско-Скопски (Скопско-Краковски) социолошки семинар кој се одржува секоја година од 1979 година до денес. Во рамки на оваа соработка и оваа академска година на 14 април 2026, проф. д-р Кшиштов Бјелавски од Јагелонскиот универзитет одржал предавање на тема: „Прочистување со оган во хеленската религија“.

Во академската 2025-26 година на Филозофскиот факултет гостувале визитинг професори од светски универзитети од Италија, Мексико, Полска, Германија и Србија и одржале гостински предвања на актуелни теми. Подетални податоци за предавачите се дадени во прилогот 5.7.А.

Во рамки на меѓународната недела импозантен број на предавачи биле гости на Филозофскиот факултет и одржале предавања и работилници за наставниот кадар и за студентите. Станува збор за респектирани професори од универзитети во Германија, Ирска, Австрија, Бугарија, Грција, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, итн. Списокот на предавачи е во прилог 5.7.Б.

Во академската 2025/2026 година, Филозофскиот факултет континуирано ја унапредуваше наставната дејност и преку ангажирање на надворешни соработници со висок академски и професионален углед. Во реализацијата на наставата беа вклучени вкупно 32 професори од други факултети и 34 истакнати стручњаци од практиката. Нивната експертиза претставува значаен ресурс во планирањето, осовременувањето и реализацијата на студиските програми, придонесувајќи за повисок квалитет на наставниот процес, интердисциплинарен пристап и јакнење на врската помеѓу академската заедница и практиката.

Подетални информации за надворешните соработници се содржани во прилогот 5.7.В.

Прилози

5.7.А. Список на поканети предавачи од странство
5.7.Б. Список на предавачи на меѓународната недела 2025
5.7.Б. Список на предавачи на меѓународната недела 2026
5.7.В. Список на надворешни соработници 2024-2026

5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Заложбите на Филозофскиот факултет-Скопје за унапредување на научната работа и зајакнување на поврзаноста меѓу наставата и науката се огледуваат во бројните апликации за домашни и меѓународни проекти, реализирани работилници, семинари, домашни и меѓународни конференции.

Факултетот има издвоено средства за членство за Студија за европски вредности, Еврокласика, за Европската база на податоци и списанија (CEEOL), за Европското здружение за истражување од областа на образованието на возрасните (ESREA), Меѓународна асоцијација на школи за социјална работа и Европска асоцијација на школи за социјална работа (IASSW), Европската асоцијација на научни уредници (EASE), како и за академските CEEPUS мрежи. Од 2024 година факултетот се вклучи како носител во меѓународната мрежа за истражување на здравјето и добросостојбата на младите.

Во академската 2024/2025 година, Факултетот подготви и поднесе вкупно 18 проектни апликации, од кои поголем број се дел од меѓународни програмски повици. Проектите се насочени кон унапредување на општествено-хуманистичките науки, социјалната одржливост, дигитализацијата на културното наследство и образовниот развој. Во 2025-26 година поднесени се апликации за 13 нови меѓународни проекти преку програмата Еразмус, од кои во седум Филозофскиот факултет се јавува како носител и координатор, а во осум како партнерска институција. Проектите се главно во рамки на програми финансирани од Европската Унија како што се: European Union's Citizens, Equality, Rights and Values Programme (CERV), HORIZON, Еразмус плус и други.

Тековно, во 2025/26 година на Филозофскиот факултет се реализираат 12 научно-истражувачки проекти од кои пет се Тековни меѓународни проекти, два билатерални и пет национални проекти.

Од академската 2024/2025 година, Филозофскиот факултет – Скопје има значајна институционална улога како институција-носител и координатор на меѓународната лонгитудинална студија „Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст" (HBSC), преку која е директно вклучен во една од најзначајните меѓународни истражувачки мрежи во областа на здравјето и благосостојбата на младите, кво соработка со Светската здравствена организација и опфаќа повеќе од 50 земји.

Секоја година факултетот конкурира и користи интегративни средства за проекти на УКИМ и во Министерството за култура на СРМ. Дополнително, врз основа на сопствени средства и согласно со интерната Одлука за поддршка на научната продукција (арх. бр. 02-2110/5 од 09.10.2024), Факултетот финансира два интерни проекти. Проектот „Користење на вештачка интелигенција за унапредување на родовата еднаквост во академските истражувања" изминативе години имаше бројни и забележителни активности со што обезбеди и дополнителни извори на средства.

Меѓународна недела претставува петдневен меѓународен интердисциплинарен форум, на кој преку предавања, промоции и дискусии се одбележуваат активностите и соработките кои Филозофскиот факултет ги остварува на меѓународен план. Идејата за меѓународната недела потекнува од потребата да им се овозможи на студентите поширока платформа за стекнување знаења и размена на мислења со професори и колеги од партнерски универзитети од Европа и светот.

Континуирано Факултетот е издавач дури на 10 Научни списанија и активно се залага за нивна индексација. Изминатава година е назначено и лице -координатор за индексирање списанија и академско објавување на ФЗФ со цел што повеќе да се унапреди научната дејност и видливоста на научните резултати. Најголем број индекасации (39) има списанието Жива антика, потоа следи Ревијата за социјална политика во 29 бази на податоци и списанието Безбедносни дијалози во 26 бази на податоци.Подетален преглед на индексациите има во Прилогот 5.8.Г.

Во согласност со својата посветеност кон развојот на научната дејност, интердисциплинарноста и меѓународната соработка, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје продолжува со традицијата на организирање и коорганизирање на значајни меѓународни научни конференции кои придонесуваат за вмрежување на домашни и странски истражувачи и експерти.

Списокот на меѓународни конференции организирани од Филозофскиот факултет-Скопје во 2024-25 и 2025-26 година е даден во прилог 5.8.Б но ќе издвоиме неколку:

- 22 до 26 јуни 2026 година, Скопје: Четвртата Светска конференција за религиски дијалог и соработка. Главната тема беше „Религијата како оружје во минатото, сегашноста и иднината". Настанот вклучи пленарни предавања дискусии на над 70 научници. https://www.instagram.com/p/DZ7VBmqiF5G/
- 11 до 12 јуни 2026 година, Скопје: Меѓународна научна конференција од областа на безбедноста на тема: „Мултиполарност и оддржлива безбедност во Европа";
- 10-12 септември 2026 година, Скопје: Меѓународна научна конференција во коорганизација со Здружението на социолози на Македонија на тема: Од стабилност кон флуидност: современи социолошки перспективи за 'нормалноста' во општествата од 21 век. https://www.sociologi.org.mk/docs/proekti/konferencii/2025/Conference_50_ys_IS.pdf
- 29-30 октомври 2024, Скопје: „Challenges of Contemporary Families" 10th anniversary of the Institute of Family Studies; http://icccf.fzf.ukim.edu.mk/?page_id=28

Покрај конференциите, на факултетот се реализираа и голем број јавни трибини, академски дебати и тематски дискусии, со кои се поттикнува критичко мислење и научна расправа за прашања од општествена важност. Списокот дел од овие настани е даден во прилог 5.8.Д. но може да се издвојат:

- 08 март 2025, работилница наменета за студенти и воспитувачи од детските градинки во рамки на проектот ПАЛС;
- 28 февруари 2025, школа за безбедност на тема: „Евро-атлантската безбедносна динамика: Предизвици за НАТО, Европа и процесот на проширување кон Западен Балкан;
- 27 јануари 2025, средба на консултативна работна група за ран детски развој (Министерство за социјална политика, демографија и млади, Светска банка, високообразовни институции);
- 11 декември 2024, работилница на тема: „Креативен пристап во грижата за себе", во рамки на денови на психологија 2024;
- 01 октомври 2024, регионална школа за безбедност во организација на Филозофскиот факултет-Скопје, Фондацијата Конрад Аденауер и Wilfried Martens Centre;

Прилози

5.8.А. Податоци за апликации и меѓународни проекти
5.8.Б. Меѓународни конференции на ФЗФ 2024-2026

5.8.В. Индексација на научните списанија во бази
5.8.Г.Список на научни трибини и настани 2024-2026

5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

Амфитеатрите и предавалните се опремени со видеопроектори кои им овозможуваат на наставниците одржување на настава со примена на современите информатички технологии (power point презентации, видео презентации и сл.).
На секоја од студиските програми се користат технологии за унапредување на знаењето. Така на пример на студиската програма Археологија се употребува 3D моделирање и виртуелни реконструкции за да се оживеат античките локалитети и артефакти, со што на студентите им се овозможува да истражуваат археолошки наоди дигитално. Студентите на студиската програма психологија се обучуваат да користат оналјан инструменти за проценка, да се оспособат да прават конкретни стратегии кои се употребуваат во примената психологија. На студиската програма по Специјална едукација и рехабилитација, студентите се поттикнуваат на користење на интерактивни апликации за учење дизајнирани за деца со попреченост, што им овозможува на студентите да развијат приспособени образовни програми.

Прилози

5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години).

На Филозофскиот факултет задолжително се спроведува проверка на магистерските и докторските трудови на системот за проверка на плагијати од МОН како и на други трудови пред нивно публикување. Согласно етичкиот кодекс на УКИМ (Прилог 5.10.А. Етички кодекс, член 19 и 20), Филозофскиот факултет не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат. Во процедурите за магистерски и докторски трудови се бара од кандидатите да поднесат соодветна изјава со која ја потврдуваат оригиналноста на трудот (Прилог 5.10.Б), а во спротивно може да бидат изложени на дисциплинска постапка.
Менторот е исто така должен да ја провери оригиналноста на трудот и истиот да го постави на проверка, а добиениот извештај да го приложи во одделението за втор и трет циклус како услов за натамошно процесирање на постапката. Доколку се утврди плагијаторство, на кандидатот нема да му се дозволи одбрана на трудот, делото ќе биде поништено и ќе биде постапено соодветно на актите на Универзитетот.
За проверка на плагијаторство дополнително е овозможено и користење на софтверот за проверка на плагијати Turnitin.
Трудовите кои се публикуваат во списанијата чиј издавач е Филозофскиот факултет исто така подлежат на проверка за плагијаторство преку користење на софтвер или преку оцена на рецензентска комисија. За проверка на оригиналноста на учебниците и монографиите не се достапни податоци и може да биде препорачано да стане практика во иднина.

Прилози
5.10.А. Етички кодекс на Универзитетот
5.10.Б. Изјава на студентот дека трудот не е плагијат

5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).

Научноистражувачката работа на Филозофскиот факултет е регулирана со релевантни акти и стратешки документи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Филозофскиот факултет, со кои се утврдуваат приоритетите, организацијата, условите и начините на реализација и следење на научноистражувачката дејност. Во Статутот на УКИМ и Статутот на Филозофскиот факултет-Скопје се утврдени активностите поврзани со научно истражувачката работа, а кои се во согласност со законот за научно-истражувачка дејност. Во рамките на своите надлежности, Факултетот континуирано ја унапредува научноистражувачката работа преку поттикнување на научноистражувачки проекти, издавачка дејност, учество на научни конференции и други научни настани, меѓународна соработка и мобилност, како и преку вклучување на наставниот кадар и младите истражувачи во истражувачки активности. Наставно-научниот кадар на факултет континуирано придонесува за напредок во соодветните научни области, работењето на факултетот и поширокиот општествен контекст.
Следењето на научноистражувачката работа се врши преку утврдени показатели, односно индикатори поврзани со бројот и видот на научните публикации, учеството и реализацијата на научноистражувачки проекти, научно-стручните собири, меѓународната научна соработка и мобилност, цитираноста и други релевантни резултати од научноистражувачката дејност. Податоците за овие активности се прибираат и евидентираат преку соодветните факултетски структури и служби и се користат при подготовката на извештаи, анализи и планови за натамошен развој на научноистражувачката дејност.

Во процесот на самоевалуација, научноистражувачката работа се следи и анализира преку споредување на остварените резултати со утврдените цели и показатели. Анализата овозможува да се идентификуваат достигнувањата, но и областите во

кои постои потреба од дополнително унапредување, особено во поглед на зголемување на учеството во конкурентни научноистражувачки проекти, зголемување на бројот на публикации во релевантни меѓународни изданија, јакнење на меѓународната научна соработка и поголемо вклучување на младите истражувачи и студентите од втор и трет циклус во научноистражувачката работа.

Како доказ за исполнување на индикаторот приложени се релевантните документи на Факултетот со кои е регулирана научноистражувачката работа, како и расположливите извештаи преку кои се следат резултатите од научноистражувачката дејност

Прилози
5.11.А. Статут на Филозофски факултет-Скопје
5.11.Б. Меѓународни проекти на ФЗФ 2024-2026
5.11.В. Годишен извештај 2024/25

5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки

Наставниот кадар од Филозофскиот факултет-Скопје е регистриран со свој профил на онлајн платформите како што се веб страницата на Филозофски факултет, Репозиториумот на УКИМ, Google scholar, Research gate, ORCID, Academia и други платформи со цел сите активности во овој дел да бидат видливи. Научноистражувачките активности во рамките на установата се сумирани во извештаите за работата на Деканот, документ кој се подготвува еднаш годишно и се усвојува на Наставно-научниот совет на факултетот. Прилог 5.12.А.
Резултатите од научно-истражувачката работа и проектите раководени од наставниот кадар се презентираат на бројни меѓународни конференции каде Факултетот се јавува како организатор или ко-организатор. Прилог 5.12.Б. Учества на меѓународни конференции
Заклучно со јуни 2026 година, Филозофскиот факултет има склучено билатерални договори со 73 универзитети, со што се обезбедени услови за реализација на мобилност на наставниот кадар, како од Факултетот кон партнерските институции, така и во обратна насока. https://docs.google.com/document/d/1v01QjHMmSSIaEwpogbl1M8E0IlNLG5qk/edit Прилог 5.12.В.
Во текот на 2024-2025 и 2025 -2026 година остварени се 148 учества на наставниот кадар на меѓународни научни конференции во земјата и тсранство со презентиран труд. Прилог 5.12.Б.
Во рамки на ЦЕПУС програмата во 2024-2025 година мобилност остариле 9 професори, а во 2025-2026 мобилност реализирале 8 професори на универзитети во Австрија, Словачка, Бугарија, Хрватска, Полска и Унгарија.
Факултетот покрива патни трошоци на вработените во висина од 250 евра за една ЦЕПУС мобилност во календарска година.
Во рамки на Еразмус програмата мора да се истакне дека доделените квоти за мобилност се премали, односно за цел факултет со околу 100 вработени следи една мобилност годишно. Согласно квотата, во 2024-25 година остварена е една мобилност во Полска и следната година во Чешка.
Попрецизни податоци за Еразмус и ЦЕПУС мобилностите на наставниот кадар се содржани во прилог 5.12.Д.
Значајно е да се истакне и користењето на престижната Фулбрајтова стипендија. Во периодот од јануари до јуни 2026 година, доц. д-р Маја Филиповска престојуваше како Fulbright Visiting Scholar на George Mason University, Fairfax, Virginia, USA.
Покрај споменатите програми, наставниците реализираат и друг вид мобилности кои се потврда за квалитетот и меѓународната афирмација на наставните кадри на Факултетот. Проф. Елена Ризова во тековниот семестар до август 2026 е визитинг професор на Универзитетот Вурцбург во Германија каде реализира предавања на постдипломските програми за образование на возрасни.

Прилози
5.12.А. Годишен извештај 2024-2025
5.12.Б. Учества на меѓународни конференции/http://fzf.ukim.edu.mk/меѓународни-конференции/
5.12.В. Билатерални договори на Филозофски факултет/Еразмус договори
5.12.Г. ЦЕПУС мрежи на Филозофски факултет
5.12.Д. Мобилност на наставен кадар од ФЗФ- 2024-2026

Стандард 6

СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА

6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.	Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)

Дејноста на Филозофскиот факултет се финансира преку повеќе извори, вклучувајќи ги Министерството за образование и наука (МОН), сопствените приходи и приходите од закупнини. Во 2025 година се забележува значително зголемување на вкупните приходи (+ 27%), што е предизвикано од зголемените средства од МОН наменети за плати и режиски трошоци. Како резултат на ова, учеството на средствата од МОН во вкупното финансирање се зголемува и изнесува 78.22% од вкупните приходи на факултетот. Процентот на сопствени приходи малку е намален (- 1% во 2025 во однос на 2024), што е поврзано со намалувањето на бројот на запишани студенти. И покрај овој тренд, факултетот продолжува значително да придонесува кон финансирањето на наставните и научноистражувачките активности.

На почетокот на секоја година, факултетот подготвува финансиски план за сметките 788 и 631 во кој се планираат приходите и расходите. Според финансиските извештаи, иако буџетските средства се недоволни, факултетот дополнува многу активности поврзани со наставата и научноистражувачката дејност преку сопствени приходи. Финансирањето на научноистражувачката дејност е детално регулирано преку повеќе одлуки (прилогд 6.1.В, 6.1.Г и 6.1.Д). Овие одлуки опфаќаат поддршка за стручно и професионално усовршување на кадарот, студиски престои и мобилност на наставниот кадар, како и учество на конференции во земјата и странство. Дополнително, факултетот обезбедува значителни средства за издавачката дејност, вклучувајќи учебници, монографии и Годишниот зборник кој се печати континуирано од 1948 година и во тек е подготовката на неговото 79-то издание. За учебник во печатена форма Факултетот доделува до 60000 денари, а последниве години се поддржува издавањето на електронски учебници кои ќе бидат достапни и бесплатни за студентите и за нивно публикување се доделуваат до 75000 денари.

Програмата за распределба на 40% од средствата од партиципација овозможува поддршка за фундаментални и применети истражувања, како и осовременување на научноистражувачката инфраструктура. Преку оваа програма, факултетот во текот на годината вложува повеќе од предвидените средства во развој на научноистражувачката дејност, финансирајќи пристап до научни бази, организирање конференции и учество на наставен кадар на меѓународни конференции. Од вкупните сопствени приходи на Филозофски факултет кои изнесуваат 7 700 000 денари, за научно-истражувачка работа (патувања, конференции, издаваштво, котизации, проекти на факултетот) се издвоени вкупно 871444 денари или 11.31%, за мобилност се издвоени 51546 денари, а најголем дел се искористени за развој на наставата како што се опремување на училници и лаборатории, акредитација на студиски програми; издавање учебници и учебни помагала, членарини во меѓународни организации, надоместок за користење на бази, лиценци за софтвер и платформи во функција на наставата, како и други расходи за осовременување на наставно–образовниот процес, теренска настава и сл. Подетално распределбата на овие средства е прикажана во прилогот 6.1.Е.

Вложените средства се прикажани во прилозите 6.1А, Б, В, Г и Е кои се составен дел од годишниот финансиски извештај на факултетот.

Факултетот им овозможува на студентите бесплатен пристап до релевантни бази на податоци преку линкот Истражувачки е - ресурси, што претставува значајна поддршка за студентите во нивниот образовен и истражувачки процес.

Новина во извештајниот период е овозможувањето бесплатно студирање на втор циклус, односно постдипломски студии, за студентите кои на прв циклус студии оствариле просечна оценка 10,00.

Факултетот им овозможува на студентите пристап до стипендии и преку соработка со неколку фондации и организации. Во таа насока, обезбедени се: 3 стипендии финансирани од Сојузот за младинска работа, наменети за студенти од вториот циклус студии, една во 2024-25 и две во 2025-26 година, 4 стипендии од Фондацијата „Едуката“ и 14 стипендии финансирани од компанијата „Адора“, наменети за студенти од првиот циклус студии.

Прилози

Прилог 6.1.А. Финансиски план сметка 631 2025
Прилог 6.1.Б. Финансиски план сметка 788 2025
Прилог 6.1.В. Финансиски план сметка 631 2024
Прилог 6.1.Г. Приказ на приходи по години и извори на финансирање
Прилог 6.1.Д.Одлука за стручно и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет - Скопје
Прилог 6.1.Ѓ. Одлука за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет
Прилог 6.1.Е. Извештај за реализираната распределба од средствата стекнати од партиципации 2025
Прилог 6.1.Ж.Програма за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација 2025
Прилог 6.1.З.Програма за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација 2025
Прилог 6.1.Е. Линкови до конкурси и договори за стипендии:
https://educata.mk/%d0%ba%d0%be%d0%bd%d0%ba%d1%83%d1%80%d1%81%d0%b8/

https://smr.org.mk/2023/04/19/%D0%BC%D0%B0%D0%B3%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE/

http://fzf.ukim.edu.mk/%d0%b8%d0%bd%d1%82%d0%b5%d1%80%d0%b5%d0%bd-%d0%be%d0%b3%d0%bb%d0%b0%d1%81-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8-%d1%87%d0%b8%d0%b5-3/

Договор за донација со друштво за производство, трговија, услуги и градежништво АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ЕКСПОРТ ИНПОРТ ОД СКОПЈЕ 3-2437/1 од 14.11.2024г.

6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.	Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби); Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.

Техничките капацитети на Филозофскиот факултет се соодветни за успешно спроведување на студиските програми на сите нивоа на студии. Филозофскиот факултет располага со три објекти со вкупна површина од 7203.5 m². (Прилог 6.2.Д) Во трите објекти се опремени 29 амфитеатри и предавални со вкупно 990 места и површина од 1418 m².

За наставниот кадар се опремени 89 кабинети со 178 места и површина од 2225 m². (Прилог 6.2.А)

Посебна вредност на Филозофскиот факултет претставуваат библиотеките и богатиот библиотечен фонд, како составен дел на Одделението за библиотечна поддршка, преку кои се обезбедува литература за наставниот процес. На Факултетот има 23 библиотеки и читални со 35 места и површина од 1971 m². Во библиотеките кои се во рамките на секој институт, студентите имаат пристап до компјутери за пребарување бази на податоци преку Факултетот и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Во наредната табела се прикажани средствата одвоени за библиотечен фонд во извештајниот период, а податоци за набавените наслови по одделни библиотеки се прикажани во Прилог 6.2.Ѓ.

ГОДИНА	2024	2025	2026	ВКУПНО
МКД	55471	76244	15204	146919

Библиотеката на Филозофскиот факултет од 2018 година е интегрирана во националниот библиотечно-информациски систем COBISS.MK (акроним FZFSK), што овозможува електронска обработка и пребарување на библиотечната граѓа. На веб страницата на факултетот е ставено упатство за користење на Кобис платформата со слободен пристап на студентите до библиографски бази. Магистерските и докторските трудови се достапни преку Ризницата на факултетот, а дипломските трудови се чуваат во библиотеките. Студентите и вработените имаат пристап до бази како EBSCO, JSTOR, CAMBRIDGE CORE, и SAGE JOURNALS, со линкови на веб-страницата на факултетот.

На Факултетот редовно се набавува различна информатичка опрема за поддршка на студентите и вработените за секојдневна работа и за учење на далечина (спецификација на опремата е дадена во Прилог 6.2.Б). Просториите се опремени со интерактивни табли, ЛЦД проектори и безжичен интернет, обезбедувајќи примена на напредни технологии и целосна техничка поддршка за наставниот процес и потребите на студентите.

За реализација на вежбите на студентите на студиската програма психологија и на специјална едукација и рехабилитација согласно наставните програми опремени се две лаборатории со информатичка опрема и друга специфична опрема како микроскопи, очила за симулирање на одредено оштетување на видот, бели стапови, тактилни сликовници и сл.

За студентите од студиската програма филозофија целосно е реконструирана и опремена естетичката лабораторија.

За студентите на студиските програми од педагогија опремени се две предавални кои покрај информатичка опрема располагаат и со обемен дидактички материјал.

Во рамките на факултетот функционира и музејска збирка која ја користат студентите од студиските програми од областа на археологијата и историја на уметноста.

Се прават напори во иднина да се зголеми бројот на информатички лаборатории и за останатите институти. Веќе е започнат процес на осовременување на една училница за Институтот за социјална работа и социјална политика.

Во извештајниот период се реновирани слушалните број 6 и број 7 и сите тоалети (4 наменети за професорите и 6 за студентите), заменет е кровот на зградата и заедно со Филолошкиот факултет реновирана е Салата за седници. Понатаму, заменети се прозорци и влезни врати на дел од кабинетите, ставен е нов ламинат и застарените климатизери се заменети со нови, а пред почетокот на академската година во летниот период направено е молерисување и освежување на ходниците, слушалните и кабинетите.

Факултетот континуирано ја модернизира својата информатичка и друга техничка опрема преку набавки и донации,

овозможувајќи пристап за сите студенти и вработени, вклучително и лицата со посебни потреби (Прилог 6.2.Г). Постојано се обезбедуваат и дополнителни ресурси и специјализирана опрема, како што се Брајов принтер, 3Д принтер и други уреди, за поддршка на лицата со посебни потреби. Во овој контекст, како дел од својата традиција, Факултетот секоја година го одбележува 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, преку низа отворени активности. Овие настани се организираат со цел да се информираат и едуцираат студентите за правата, предизвиците и потребите на лицата со попреченост, поттикнувајќи свест и инклузивност во академската заедница.

Филозофскиот факултет е опремен со надворешна пристапна рампа и лифт за полесен пристап до вториот спрат за лицата со посебни потреби. Покрај тоа, има специјално уреден тоалет, пристапна рампа и платформа во аулата. Обележани се и тактилни патеки во внатрешните и надворешните простори на факултетот, обезбедувајќи подобра инклузивност за сите корисници.

Техничките ресурси на Факултетот се редовно одржувани и надградувани, со постојан мониторинг и годишни пописи на основни средства.

Само во извештајниот период се набавени 85 компјутери и лаптопи (подетално во прилог 6.2.Ж.), потоа 3 ТВ монитори, 1 ЛЦД проектор, 14 компјутери за училници и библиотеки и 1 интерактивна табла.(Прилог 6.2.З)

Според Годишниот план за јавни набавки, секоја година се склучуваат и договори за одржување на информатичката опрема и редовен сервис на лифтовите и платформите за лицата со посебни потреби.

Прилози

6.2.А. Список на простории со површина со кои располага факултетот
6.2. Б. Информатички ресурси наменети за учење на далечина
6.2. В. Информатичка опрема наменета само за студенти .
6.2. Г. Информатички ресурси достапни за лицата со посебни потреби
6.2. Д. Регистар на имот и имотни листови
6.2.Ѓ. Вкупен фонд на книги и списанија по библиотеки за сите студиски програми 2024-2026 Да се наслови Набавки по библиотеки 2024-2026
6.2.Е.Одлука за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет
6.2.Ж.Набавена информатичка опрема за учење на далечина 2024-2026
6.2.3. Набавена информатичка опрема за студенти 2024-2026

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).

Стручната и административна служба на Филозофскиот факултет, раководена од Секретарот, е составена од пет одделенија: за правни и општи работи, за финансиско, сметководствено и материјално работење, за студентски прашања, за човечки ресурси и настава и библиотечно работење. Од 52 систематизирани работни места, пополнети се 37, со 28 лица во редовен работен однос и 9 ангажирани со договор за дело. Од вкупниот број, 28 се дел од стручно-административниот кадар, а 9 се помошно-технички персонал (Прилог 6.3 А).

Во состав на Одделението за човечки ресурси и настава работи советник за настава и наука кој учествува во изготвувањето на студиските програми на сите три циклуси студии, врши следење на законската процедура за нивна акредитација, се грижи за имплементацијата на ЕКТС и дава административна поддршка во остварувањето на меѓународната соработка на факултетот.

Одделението за студентски прашања има 5 вработени и 1 лице ангажирано со договор за дело и 11 ЕКТС координатори за секој институт, кои обезбедуваат поддршка за сите студиски циклуси, прилагодувајќи се на флексибилните начини на учење. Иако службата е релативно добро екипирана, континуирано се прават напори ангажираните со договор за дело да добијат трајни позиции. Вработените и координаторите им помагаат на студентите преку електронска комуникација и отворени часови. Редовните студенти се примаат секој ден од 12 до 14 часот, а вонредните и студентите од втор и трет циклус имаат целодневен пристап. Благодарение на софтверот iKnow, службите ефикасно одговараат на сите студентски потреби.

Вработените во Стручната и административна служба на Филозофскиот факултет редовно учествуваат во обуки за стручно усовршување, што ја покажува посветеноста на менаџментот кон нивниот професионален развој. Овие обуки се насочени кон надградување на вештините и стекнување нови стручни знаења за подобро извршување на работните задачи. Во извештајниот период 2024-25 и 2025-26 година, 32 лица од стручната и административна служба посетиле обуки поврзани со нивните работни задачи и одговорности, а за сите обуки се добиени сертификати. Соодветно на работните позиции, вработените следеле обуки за

разновидни актуелни теми, како што се: примена на законската регулатива која го регулира функционирањето на високообразовните установи, новини во законската и подзаконската регулатива во однос на државната администрација во високото образование, користење на информациски систем за управување со човечки ресурси, обуки за сметководствени услуги, за нови технологии и иновативни алатки на ECJH, за новини во областа на заштита на лични податоци, обука за библиотечни услуги, за безбедност и здравје при работа, за давање прва помош, итн. (Прилог 6.3.Б,)

Прилози
6.3.А. Листа на вработени лица во Стручната и административна служба со работно место и степен на образование и лица ангажирани со договор за дело 2026
6.3.Б. Табела со обуки на административен кадар за 2024-25 и 2025-26 година
6.3.В. Одлука за стручно усовршување и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

На Филозофскиот факултет континуирано се реализираат научноистражувачки проекти во кои активно се вклучуваат студенти од прв, втор и трет циклус на студии. Особено значаен пример е повеќегодишниот научноистражувачки проект „Користење на вештачка интелигенција за унапредување на родовата еднаквост во академските истражувања", кој опфаќа низа меѓусебно поврзани активности и во кој, покрај студентите од Институтот за родови студии, учествуваат и студенти од други институти на Филозофскиот факултет, како и студенти од други факултети на УКИМ. Во рамките на проектот, над 150 студенти од Филозофскиот факултет, ФИНКИ и Економскиот факултет учествувале во креирање на содржини за веб-страницата на проектот и во изработка на проектни продукти. Како резултат на овие активности, на веб-страницата на проектот се објавени над 150 студентски изработки, со што студентите имаат непосреден придонес кон создавањето и дисеминацијата на истражувачки и едукативни содржини. Посебно значајно е учеството на студентите од втор циклус на студии, кои активно учествуваат во реализацијата на работилници и во развивањето на проектни материјали со висок степен на ангажираност, компетентност и успешност во реализацијата на овие активности. Освен тоа, направена е и анкета со студентите за испитување на нивните ставови, знаења и навики во однос на дигиталните технологии и примената на вештачката интелигенција (АИ) во процесот на учење врз основа на кои се дадени препораки до Деканатот, ННС и професорите за натамошни стратешки активности. (Прилог 6.4.Б.) Постои и форум каде самите студенти може слободно да го искажат своето мислење и потреби и да дадат препораки и сугестии. https://platforma.aigender.net/forum/comment-page-26/#comments и https://aifzf.org/forum/

Позитивен пример има и на Институтот за филозофија каде студентите се ангажирани во меѓународниот KA2 Erasmus+ проект „SOPHIE – Philosophy with Children for Wider Social Inclusion" (Филозофија со деца за поширока социјална инклузија), преку активности поврзани со филозофијата и унапредувањето на социјалната инклузија и промовирање на универзалните вредности на еднаквост, правичност, слобода, толеранција и мир.

Студенти од трет циклус на студии се вклучени и во проектот „ПРОМЕТЕЈ – Промовирање на универзалните вредности преку дигиталната епиграфика и културното наследство", преку активности поврзани со истражувањето, дигитализацијата и интерпретацијата на културното наследство. https://prometheus-epigraphy.eu/

Врз основа на расположливите податоци, бројот на студенти директно вклучени во научноистражувачки проекти во тековниот период е 24, а бројот на студенти што се вклучени и преку други посредни форми во проекти надминува 100, што претставува повеќе од 10% од вкупниот број студенти на Филозофскиот факултет. Вклученоста ги опфаќа студентите од сите три циклуси на студии, при што студентите имаат можност непосредно да се запознаат со истражувачкиот процес, да развиваат истражувачки и аналитички компетенции и да придонесуваат кон реализацијата и дисеминацијата на проектните резултати.

Покрај директното учество во научноистражувачките проекти, студентите од прв, втор и трет циклус се вклучуваат и во различни истражувачки и академски активности на Факултетот. Тие учествуваат во фокус-групи и други истражувачки активности реализирани од наставниците, како и во академски и стручни настани, меѓу кои Отворениот ден, Меѓународната недела, стручни трибини, форуми и други активности. Особено е значајна студентската конференција каде студентите со претходна подготовка учествуваат со свои трудови и презентации, https://www.instagram.com/fss_fzf/

Овие форми на ангажман придонесуваат за развивање на нивните истражувачки, аналитички и комуникациски компетенции и за нивно поактивно вклучување во академската и истражувачката заедница на Факултетот.

Прилози
6.4.А. Список на студенти вклучени во проекти 2024-2026
6.4.Б. Истражување со студенти за дигиталните технологии и ВИ

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

Филозофскиот факултет обезбедува различни форми на академска, професионална и лична поддршка за студентите, насочени кон нивниот успешен академски развој, навремено надминување на предизвиците во текот на студирањето и подготовка за нивниот професионален развој.

Центарот за кариера на Филозофскиот факултет нуди поддршка на студентите преку организирање на практична настава во институции и од финансискиот и корпоративниот сектор и посредува во можностите за вработување. Центарот редовно ги информира студентите за огласи за вработување и практиканство, како и за обуки преку социјалните мрежи и веб-страницата на факултетот.

Меѓу активностите што ги координира Центарот се:

- Обуки за пишување CV и подготовка за интервјуа;
- Договори за практична настава за студентите од прв циклус;
- Поддршка за мобилност преку меѓународни програми како ЕРАЗМУС+ и ЦЕЕПУС;
- Практиканства во компании како ECM, FASHION GROUP, РАМСТОР и други;
- Градење на мрежа на алумни за одржување професионални контакти и промоција на програмите;
- Волонтерски активности како „Отворен ден“ и учество на саеми за образование.

На факултетот има и канцеларија за ментално здравје, каде дипломирани и студентите од завршните години нудат работилници, бесплатни сесии со психолози и стручни прирачници. Целта е да се подигне свеста за менталното здравје и да се намали стигмата поврзана со оваа тема, обезбедувајќи практична поддршка за младите.

Во текот на 2025 и 2026 година со студентите од факултетот биле организирани предавања и работилници со надворешни предавачи за актуелни теми како што се: Алатки и интервенции за надминување на стресот, Сервиси за родово базирано и семејно насилство и улогата на социјалниот работник, Социјална работа со стари лица, Зелена трансформација и општествените науки и други теми. На секоја од овие работилници учествувале околу 30 до 40 студенти.(подетално за овие активности во прилог 6.5.Б.)

Над 100 студенти учествувале и на настанот на кој биле презентирани наоди од ХБСЦ извештајот за сексуално здравје и добросостојба. Студентите имаа пристап до психоедукативни информации и наоди, со можност за стручна дискусија и насоки за унапредување на здравственото однесување и добросостојбата.

Од почетокот на 2026 година Факултетот нуди и три **програми за доживотно учење**: Програма за обука за младинска работа со одлука усвоена октомври 2025 година, Програма за обучувач за возрасни со одлука од ноември 2025 година, и Програма за новогрчки јазик од октомври 2025 година. Подетално за содржината на овие програми има во прилозите В, Г и Д.

Повремено за студентите се организираат и работилници за развој на нивните истражувачки вештини. Таква работилница беше одржана во април 2026 насловена „Од проблем до дискусија: текот на едно студентско научно истражување”, а посветена на клучните чекори во развивањето на квалитетен научен труд. Работилницата имаше цел да им помогне на студентите во подготовка на трудови за учество на претстојната студентска MEET конференција и други активности , како подготовка за https://www.instagram.com/p/DWrGiZ2jR33/

Во мај 2025 година 14 студенти следеа обука организирана од претставниците на Црвен крст. https://crvenkrst-centar.org.mk/vrsnichki-edukatsii-po-prva-pomosh-na-ukim-filozofski-fakultet-skopje/#:~:text=%D0%92%D0%BE%20%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D1%82%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BC%D0%B5%D1%81%D0%B5%D1%86%20%D0%90%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BB,%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%83%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D0%B0%20%D0%BC%D0%BE%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%20%D0%B4%D0%B0%20%D1%81%D0%B5 На обуките присутните имаа можност да се запознаат со основите на Првата помош, материјалите кои се потребни за пружање на прва помош, справување со крварења и тешки состојби како епилептичен напад, бесознание, срцев удар и срцева масажа, асфикција со страно тело, смрзнатини и изгореници.

Преку споменатите форми, Факултетот настојува да обезбеди континуирана и достапна поддршка за студентите во сите фази на нивниот академски развој, придонесувајќи за нивниот успех во студирањето и полесна транзиција кон професионалниот живот

Прилози

6.5.А. Центар за кариера
6.5.Б. Табела со активности за поддршка на студентите
6.5.В. Програма за доживотно учење за обука за младинска работа
6.5.Г. Програма за доживотно учење за обучувач на возрасни
6.5.Д. Програма за доживотно учење Новогрчки јазик

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален.

Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје посветува внимание на одржувањето на врските со своите дипломирани студенти и на нивното вклучување во академскиот и професионалниот живот на Факултетот. Во последниве години се преземаат активности за воспоставување пофункционален систем на алумни, унапредување на евиденцијата и создавање можности за поактивно вклучување на алумните во активностите на Факултетот. На веб-страницата на факултетот е поставен повик до алумните со можност дипломираните студенти да доставаат информации за својот професионален развој по дипломирањето: име и презиме, година на дипломирање, студиска програма на која дипломирале, организација во која работат или друг економски статус, држава во која работат и престојуваат, како и коментари и предлози за подобрување на комуникацијата со мрежата на алумни заедницата. Податоците ги испраќаат на адресата: alumni@fzf.ukim.edu.mk. На овој начин се создава основа за воспоставување одржлива мрежа на алумни, која ќе придонесе за одржување на професионалните контакти, размена на искуства и знаења и поврзување на студентите и алумните со академската и професионалната средина. На оваа адреса се регистрирани 35 алумни, што истовремено претставува можност за нејзино систематско унапредување и активно вклучување на сите членови во обликувањето на нејзиното функционирање.

Значаен исчекор претставува и базата на дипломирани студенти, што Факултетот започна да ја води изминатите две години како основа за комуникација со дипломираните студенти. Во оваа база досега се внесени податоци за 2906 студенти од прв циклус, 184 студенти од втор циклус и 80 студенти од трет циклус студии или вкупно 3170 студенти од сите три цикллуси на студии.

Одделните институти создаваат и свои бази за дипломираните студенти.

На пример, Институтот за педагогија веќе имаат воспоставено обемна електронска база со податоци за дипломираните педагози, а соработката со нив најчесто се одвива преку здруженијата на педагози со кои се одржуваат заеднички состаноци. Овие бази служат и за редовно поканување за учество на настаните што ги организира факултетот. Во базата се регистрирани 263 педагози од кои:

- 125 во предучилишните организации,
  https://docs.google.com/spreadsheets/d/1hBzzNHEum7dqeQYpu6n8tBAvaBZY802KXyWmoaQRGM0/edit?usp=sharing
- 84 во основното образование, https://docs.google.com/spreadsheets/d/1uPW2ze99F22mA05SKdQ_7E-VKyRwBRQV0nl33E6cwV8/edit?usp=sharing
- 26 во средните училишта https://docs.google.com/spreadsheets/d/1naVtLydvCW-L1hjgH6N8FY4xViFPwhQer0Nj89M1Bt8/edit?usp=sharing и
- 28 кои работат во државни образовни и социјални институции
  https://docs.google.com/spreadsheets/d/1vx0Y4mblYlO_sy2wn6G6ATmsYs069d8bpJrHlOdta44/edit?usp=sharing

Институтот за социологија, исто така, располага со база на податоци, додека комуникацијата со алумните во значителна мера се одржува преку Здружението на социолози на Република Македонија.

Особено значаен пример за континуирано вклучување на алумните претставува активноста на Институтот за филозофија, кој во соработка со Филозофското друштво на Македонија, веќе четири години континуирано реализира циклус предавања под наслов „Алумни“. Во рамки на овој циклус, поранешни студенти на Институтот кои имаат изградено успешни меѓународни академски кариери и работат како предавачи и истражувачи на универзитети во различни земји ги претставуваат своите истражувања и професионални искуства пред академската и пошироката јавност. Овие активности овозможуваат пренесување на современи научни сознанија и светски академски трендови, воспоставување контакти и отворање можности за понатамошна академска и професионална соработка.

Ќе споменеме дел од гостувањата на алумните на различните институи на Факултетот:

- 3 декември 2024, одржана средба со Алумни заедница на **Институт за специјална едукација и рехабилитација** во рамки на активностите за одбележување на 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост
- 13 декември 2024, програма за алумни на Институтот за **Социологија**: Социолошкото образование и професионалната кариера
- 22. април 2025, програма за алумни на Институтот за **Педагогија**: Вештачката интелигенција во наставата
- 6 мај 2025, програма за алумни на **Инситутот за класични студии и Институтот за историја**, д-р Игор Радев, дипломиран класичен филолог на нашиот факултет и синолог, со предавање на тема: „Маес Титијан – ПРВИОТ „МАКЕДОНЕЦ“ ВО КИНА во светло на филологијата и историјата“.
- 15 мај 2025, одржана средба со Алумни заедница на **Институт за семејни студии** во рамки на активностите за одбележување на 15 Мај, Меѓународниот ден на семејството

Декември 2025 - Панел-дискусија посветена на отворената наука со алумни-докторанти од европски универзитети модерирана од Проф. д-р Катерина Наумова, асс. м-р Васка Лешоска и м-р Даниела Неделкова од **Институтот за психологија,** итн.

Согласно Регистарот на настани и табелата 6.6.А, во 2025-26 година биле организирани 16 настани во кои биле вклучени 55 членови на алумни заедницата.

Вклучувањето на алумните во академскиот живот на Факултетот се реализира и преку презентации на магистерски и докторски трудови, како и преку претставување на нивни значајни научни и стручни публикации. Алумните кои имаат објавено книги и студии кај меѓународни издавачи ги презентираат своите истражувања пред студентите и академската заедница, со што придонесуваат за збогатување на наставно-научната средина и за воспоставување поцврсти врски меѓу Факултетот, неговите поранешни студенти и професионалната и академската заедница.

Ваквите активности претставуваат значаен ресурс и за студентите, бидејќи овозможуваат непосреден контакт со успешни професионалци и истражувачи, запознавање со можностите за академски и професионален развој и стекнување сознанија за различните кариерни патишта по завршувањето на студиите. Факултетот ќе продолжи со унапредување на системот за следење и комуникација со алумните и со создавање

дополнителни можности за нивно активно вклучување во академскиот живот, кариерното насочување и развојот на студентите.

Прилози
6.6.А. Табела за алумни ФЗФ
6.6.Б. Алумни заедница на Филозофски факултет
6.6.В. Повик за алумни

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.

Учеството на студентите во управувањето на Филозофскиот факултет е регулирано со Законот за високо образование. Според член 37, став 10, Факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со законот и со статутите на универзитетот и факултетот. Дополнителни одредби за членството на студентите се предвидени во одделни членови, како што е член 109, кој предвидува учество на студентски претставници во Наставно-научниот совет, каде студентите сочинуваат 10-15% од вкупниот број на членови. За Деканатската управа, член 120 од Законот и член 74 од Статутот на факултетот предвидуваат дека претседателот на Студентското собрание е постојан член на Деканатската управа. Во ноември 2025 година согласно статутарните одредби и по спроведена постапка,.беа избрани нови членови на ФСС и нов претседател на Факултетското студентско собрание (ФСС) Постапка за избор на членови и претседател на ФСС 2025-26
Во текот на 2025 година, Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет реализираше повеќе активности насочени кон професионалниот развој, едукацијата и поврзувањето на студентите. Во март беше организиран дводневен тим-билдинг во хотел „Монтана“ во Крушево, а беше поддржана и практична работилница организирана од студентското здружение „Аксиос“ во соработка со Архитектонскиот факултет. Во октомври 2025, во рамките на одбележувањето на 105 години од основањето на Филозофскиот факултет, беше организиран настанот „Психолозите во практика“, на кој студентите имаа можност да се запознаат со професионалните искуства на психолози-практичари. Во декември 2025 беше реализиран и настанот „Здрава личност – здраво општество“, посветен на унапредувањето на физичкото и менталното здравје на студентите.
Во 2026 година формирано е и ново студентско здружение на студентите по педагогија наречено Педагогиум кое веднаш промовираше низа активности. https://www.instagram.com/_pedagogium_/
На 06.III 2026 година, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на жената – 8 Март, студенти од ПЕДАГОГИУМ – Студентско здружение на педагози, заедно со продеканката за наука и меѓународна соработка на Филозофскиот факултет, учествуваа на настан организиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Обединетите нации во Северна Македонија и Министерството за социјална политика, демографија и млади. Настанот се одржа под мотото „Права, правда и делување за сите жени и девојки“, испраќајќи порака за еднаквост, можности и активно учество на жените во општеството. Во фокусот на програмата беше поттикнувањето на младински дијалог за женското лидерство, како и охрабрувањето на девојките и младите жени храбро да ги следат и реализираат своите цели и амбиции. https://www.instagram.com/p/DVk-uP2iGac/?img_index=1
Во март 2026 ФСС подели рачно изработени честитки по повод Меѓународниот ден на жената. Беше организирана и еколошка акција по повод Денот на пролетта и беше објавен јавниот повик за доставување трудови за студентската научна конференција МЕЕТ.
Во мај 2026 беше организиран настан по повод Денот на семејството. Студентите од Институтот по семејни студии во соработка со ФСС организираа научна трибина и детска работилница по повод Меѓународниот ден на семејството.
Овие студенти заедно со ФСС организираа работилници по повод Денот на педагогијата.
Од 29-31 мај 2026 по четврти пат беше реализирана и студентската научна конференција МЕЕТ. https://www.instagram.com/p/DZIYcsIDa00/?img_index=1
Со реализираните активности, ФСС континуирано работи на подобрување на студентскиот живот, поттикнување на студентската научна и практична работа и создавање повеќе можности за едукација, дружење и меѓусебно поврзување. Сите активности предвидени за наведениот период со Годишниот план за работа на ФСС се успешно реализирани.
Факултетот редовно ги поддржува и активностите на студентските здруженија кои се регистрирани со седиште на факултетот. За оваа цел во 2024/2025 година биле издвоени 82 854 денари, а во 2025/2026 – 500 606 денари.
Забележливо е значително зголемување на издвоените средства во учебната 2025/2026 година во однос на претходната, што укажува на зајакната поддршка на факултетот кон студентските активности. Значителниот пораст на издвоените средства во 2025/2026 година (над 500%) укажува на зголемена активност на студентските здруженија и зајакнат институционален интерес за поддршка на студентските активности на факултетот.

Прилози
6.7.А. Број и буџет на поддржани студентски активности
6.7.Б. Одлука за избор на заменик студентски правобранител

6.7.В. Статут на факултетското студентско собрание
6.7.Г. Одлука за избор на членови на ФСС
6.7.Д Одлука за избор на претседател на ФСС
6.7.Ѓ. Извештај за работата на ФСС
6.7 Е. Психеско

6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.

Филозофскиот факултет – Скопје користи различни дигитални канали за информирање на студентите и пошироката јавност за студиските програми, академските и научноистражувачките активности, меѓународната соработка, студентската мобилност и другите активности на Факултетот. Информациите редовно се објавуваат преку веб-страницата на факултетот и официјалните профили на социјалните мрежи LinkedIn, Facebook, Instagram и YouTube. Дополнително, Факултетот организира Отворени денови и учествува на Деновите на кариера, со што на студентите и на потенцијалните студенти им овозможува непосреден пристап до информации за образовните, академските и професионалните можности.

Дополнителен канал за информирање претставуваат профилите на социјалните мрежи на одделните институти, преку кои студентите се информираат за активности и настани поврзани со конкретните студиски области. Факултетското студентско собрание (ФСС) исто така користи социјални медиуми за информирање на студентите за своите активности, вклучително и Facebook и Instagram, со што се овозможува дополнителна и непосредна комуникација со студентската заедница. (Facebook и https://www.instagram.com/fss_fzf/)
Раководството на Факултетот и ФСС на ФЗФ и со повремени настапи во медиумите ја информираат јавноста за студентските активности. https://www.instagram.com/p/DYPE6GntpVF/

.Во 2024/2025 и 2025/2026 година Филозофскиот факултет континуирано подготвува и објавува промотивни и информативни содржини за студиските програми, уписите и активностите на Факултетот преку официјалната веб-страница и профилите на Facebook, Instagram, LinkedIn и YouTube, како и преку профилите на одделните институти. Промоцијата се реализира и непосредно преку Отворени денови, саеми за образование и кариера и презентации во средните училишта. Во 2025/2026 година, како конкретни примери се издвојуваат учеството на Отворениот ден и Кариерниот ден на УКИМ во декември 2025 година и на Саемот за образование и кариера, одржан на 27–28 февруари 2026 година во Скопје Сити Мол. Промотивните активности и материјали се документирани преку објавите на официјалните дигитални канали, Регистар на настани на ФЗФ 2024-2026 и Прес клипинг 2024-2026.
Во јубилејните години се издаваат и промотивни публикации во вид на монографии за факултетот или институтите. Во 2026 година се публикуваше монографија по повод 80 години од формирањето на Институтот за филозофија. Прилог 6.8.3.

.

Прилози
6.8.1. Флаер ФЗФ
6.8.2. Други промотивни материјали
6.8.3. Линк до монографијата на Институтот за филозофија https://repository.ukim.mk/entities/publication/90309f45-7559-4942-b4b3-62b2b0d2c4b1

Стандард 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
Индикатор	**Документација**
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален.

Филозофскиот факултет – Скопје користи повеќе информациски и дигитални системи за прибирање, обработка, анализа и користење на релевантни податоци за своето работење. За следење на податоците поврзани со студиските програми, студентите и нивните академски постигнувања, како и за административните процеси, Факултетот го користи IKnow систем на УКИМ. Во системот редовно се ажурираат податоци за бројот на запишани студенти, текот на студирањето, постигнатите оценки, дипломирањата и завршувањето на студиите во втор циклус, што овозможува следење на состојбите и планирање активности за унапредување на квалитетот и успешноста на студирањето.

Во реализацијата на наставно-образовниот процес дел од наставниците го користат и Moodle, преку кој студентите имаат пристап до

наставни материјали, информации поврзани со предметите, активности и други ресурси за учење. Платформата овозможува поддршка на наставата, комуникација со студентите и следење на нивното учество во предвидените активности, со што придонесува кон унапредување на достапноста и ефикасноста на наставно-образовниот процес. http://fzf.ukim.edu.mk/moodlefzf/

Во рамките на системот за обезбедување квалитет, Факултетот прибира информации преку четири вида анкети: студентските анкети за евалуација на наставата и наставниот кадар, анкета со наставниот кадар, анкета со административно-техничкиот кадар и анкета со алумни. Студентската анкета се спроведува на крајот од секој семестар, додека останатите анкети обезбедуваат дополнителни информации за условите за работа, реализацијата на наставата и искуствата и професионалниот развој на дипломираните студенти. Резултатите се анализираат и се користат за идентификување на силните страни и областите во кои е потребно подобрување.

За прибирање, евидентирање и следење на информации за научноистражувачката работа на наставниот и соработничкиот кадар се користи Репозиториумот – Ризница на научни трудови на УКИМ. https://repository.ukim.mk/communities/aa1c8d8e-d4f8-48e2-a68e-966096807979/search Ризницата претставува централизирана и обемна база на податоци за научниот опус на Универзитетот и овозможува систематизирано евидентирање и достапност на податоци за научните публикации и другите научноистражувачки резултати на наставниот кадар.
На овој начин, Факултетот располага со систематизирани и редовно ажурирани информации од повеќе релевантни извори, кои се користат за следење на реализацијата на студиските програми, академскиот напредок на студентите, наставно-образовниот процес и научноистражувачката продукција, како и за планирање и преземање активности за унапредување на квалитетот на работењето.

Прилози

7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на користење на информациите обезбедени во процесот.

Филозофскиот факултет – Скопје систематски прибира и анализира информации релевантни за профилот на Факултетот и студиските програми, кои се користат за следење на квалитетот и успешноста на наставно-образовниот процес и за планирање активности за негово унапредување. Податоците се прибираат преку IKnow систем на УКИМ, студентските и наставничките анкети, алумни анкетата, податоците од процесот на самоевалуација, како и преку други релевантни извори.
Прибраните информации опфаќаат клучни показатели за успешноста на студирањето, профилот и бројот на студентите, нивниот напредок и постигнувања, завршувањето на студиите и отпишувањето, како и информации за условите за студирање, расположливите ресурси и студентската поддршка. Преку студентските анкети се прибираат податоци за степенот на исполнетост на очекувањата на студентите од студиските програми, квалитетот на наставата, условите за студирање и студентската поддршка.
За потребите на следењето на реализацијата на студиските програми и нивната релевантност, Факултетот прибира и информации од алумните преку посебна анкета, со која се опфаќаат прашања поврзани со нивното искуство со студирањето и професионалниот развој по дипломирањето. (Повик за алумни). Во тековниот период, одзивот на алумните на анкетата е сè уште релативно мал, поради што овие податоци се користат индикативно, а не како основа за генерализирање на состојбите за целата алумни-популација.

Во академската 2024/2025 и 2025/2026 година, Факултетот спроведе четири анкети со студенти и две анкети со наставниот и адмистративно-техничкиот кадар, со што се обезбедени податоци од различни перспективи за квалитетот на студирањето и условите за работа и реализација на наставата. Резултатите од анкетите се обработуваат и анализираат и се користат при идентификување на силните страни и областите во кои е потребно подобрување. Вработените се непосредно вклучени во прибирањето, анализата и користењето на информациите релевантни за обезбедување на квалитетот. Наставниот и административно-техничкиот кадар учествуваат во посебни анкети за условите за работа и реализацијата на наставата, вклучително и преку текстуални одговори и предлози, додека наставниот кадар учествува и во работата на поткомисиите за самоевалуација на институтите.

Резултатите од анкетите и другите релевантни показатели се интегрираат во годишните извештаи и извештаите за самоевалуација, кои се разгледуваат и усвојуваат од Наставно-научниот совет. Врз основа на идентификуваните потреби се подготвуваат акциски планови и се планираат конкретни мерки за унапредување на работењето. Во извештајниот период, меѓу реализираните активности се вработување на наставен, соработнички и административен кадар, акредитација и реакредитација на студиски програми, како и активности насочени кон намалување на осипувањето на студентите и унапредување на промоцијата на Факултетот.
Во однос на резултатите од анкетите, студентите генерално дале високи оцени, што е силен позитивен показател за квалитетот на наставата и организацијата на студиите. Натпросечно високи резултати се добиени на програмите по Одбрана, Историја на уметноста, Класична филологија, Родови студии и Историја. Ваквите резултати укажуваат на исклучителна перцепција на квалитет и можат да се истакнат како пример на добра практика во рамки на факултетот. Сите останатите програми се движат во опсег од 4.2 до 4.7, што претставува многу добро ниво на задоволство и не бара интервенција. Единствено отстапување има кај предметот Спорт и здравје (3.68) кој се реализира од надворешни предавачи и е единствен што забележливо отстапува од генералниот тренд и заслужува одделно да се анализира можеби во однос на инфраструктура, предавачите или организацијата на предметот.

Анкетата наменета за наставниот кадар содржи одговори од 57 наставници. Просечниот резултат од сите одговори изнесува 3,87 (на скала од 1 до 5), што упатува на релативно високо ниво на задоволство од условите за работа, но истовремено покажува дека постои простор и потреба за нивно понатамошно унапредување. Забелешките на наставниците првенствено се однесуваат на состојбата во дел од кабинетите, особено на недостатокот на природното осветлување и вентилацијата, како и на недоволниот паркинг простор во кампусот, потреба од поголема стручно-техничка и информатичка поддршка во процесот на наставата и ограничените можности за академска мобилност. Овие согледувања претставуваат важна насока за утврдување на приоритетите при подобрувањето на работните услови и поддршката на наставниот кадар.
Во анкетата за административниот кадар учествуваа 9 вработени, со просечен резултат од 4,28, што покажува високо ниво на задоволство од условите за работа. Овој резултат одразува високо позитивен став на административниот кадар за работната средина и условите во кои ги извршуваат своите секојдневни задачи.
Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување, анализа и користење на информациите, не само непосредно преку учеството во анкетите, туку и преку учеството на студентските и наставничките претставници во органите и телата на Факултетот. Во поткомисиите за самоевалуација на одделните институти задолжително учествуваат студентски претставници, чии мислења и согледувања се интегрираат во извештаите. На овој начин, студентската перспектива е вклучена во идентификувањето на потребите и приоритетите за унапредување на квалитетот.
Собраните и анализираните податоци се користат во процесите на планирање и донесување одлуки. Резултатите од студентските, наставничките и алумни анкетите, заедно со другите релевантни показатели, се интегрираат во годишните извештаи и извештаите за самоевалуација, кои се разгледуваат и усвојуваат од страна на Наставно-научниот совет. Наодите се користат како основа за планирање активности насочени кон подобрување на наставата и условите за студирање, унапредување на студентската поддршка, развој на студиските програми, зголемување на студентската мобилност и јакнење на меѓународната соработка и соработката со надворешни партнери.
На овој начин, Факултетот обезбедува континуиран процес на прибирање и анализа на релевантни информации, вклучување на студентите, вработените и алумните и користење на расположливите податоци при планирањето и унапредувањето на своето работење.

Прилози
7.2.А. Резултати студентска евалуација –просечни оцени по студиски програми ФЗФ
7.2.Б. Резултати од студентска евалуација- со просек по предмет и професор
7.2.В. Извештај наставен кадар ФЗФ- просек
7.2.Г. Извештај администрација ФЗФ-просек
7.2.Д. Текстуални одговори наставен кадар ФЗФ
7.2.Ѓ. Текстуални одговори администрација ФЗФ

7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси.

Филозофскиот факултет годишно организира бројни настани и активности, насочени кон подобрување на образовниот процес, научно-истражувачките иницијативи и меѓународната соработка. Сите значајни настани и активности се внимателно документирани во Годишните извештаи и редовно се објавуваат на ажурираната веб-страница на факултетот, а за нив последниве години се води и посебен Регистар на значајни настани, активности и процеси.

Регистарот, воден систематски и хронолошки, за периодот октомври 2024 – јуни 2026 опфаќа вкупно 141 евидентиран настан, за секој од кои се документираат: датум на одржување, наслов, вид на настанот, организатор, број и профил на учесници, како и остварениот резултат/влијание. Оваа структура овозможува не само квантитативно, туку и квалитативно следење на

активностите на факултетот.

Според видот, најзастапени се предавања и панел-дискусии (30), работилници (18), работни средби и посети (16) и меѓународни и домашни научни конференции (11). Значаен дел од активностите (29 настани) имаат изразена меѓународна димензија — меѓународни конференции, Erasmus-соработки, гостувања на странски професори и истражувачи од Европа, Северна и Јужна Америка, Африка и Азија — што потврдува континуирано јакнење на меѓународната препознатливост на факултетот.

Особено значаен показател за институционалниот развој е потпишувањето на 9 меморандуми за соработка во набљудуваниот период, со институции како Државниот архив на РСМ, Црвениот крст на град Скопје, Музејот на македонската борба, Општина Гази Баба, Агенцијата за национална безбедност, здруженија на социјални работници и организации кои работат со ранливи категории граѓани — активности кои директно ја операционализираат стратешката определба на факултетот за поврзување со заедницата и практичарите.

Во регистарот посебно место зазема одбележувањето на 105-годишнината од основањето на Филозофскиот факултет (декември 2025), реализирано преку сет од над 10 меѓусебно поврзани настани (свечена академија, доделување признанија, промоции на публикации и репозиториуми, тркалезни маси, студентски работилници и културни програми), што претставува пример за координирано планирање на комплексна институционална активност.

Собраните податоци редовно се анализираат и разгледуваат на седници на Деканатската управа и Наставно-научниот совет, при што служат како основа за донесување стратешки одлуки поврзани со развојот на факултетот, унапредувањето на наставно-научната дејност, интернационализацијата и поврзувањето со заедницата.

Прилози
7.3.А. Регистар на настани на ФЗФ 2024-2026
7.3.Б. Годишен извештај 2025/2026

7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Акт на установата; Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата.

Филозофскиот факултет во Скопје се придржува кон националните и меѓународните прописи за заштита на податоците. Од националното законодавство, примарни документи според кои се раководат надлежните лица се Законот за заштита на личните податоци (2020) кој стапи на сила во февруари 2020 година со измени и дополнувања во 2021 година и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци (2020), документи целосно усогласени со европските регулативи. Оваа легислатива ја спроведува и надгледува Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) и се однесува на сите јавни и приватни субјекти, вклучително и универзитетите.
Применети безбедносни мерки: 1. Еднократно најавување (SSO) преку SEN-UKIM: UKIM го користи системот SEN-UKIM, овозможувајќи им на корисниците пристап до сите електронски услуги со едно најавување. Оваа централизирана автентика
ција ја подобрува безбедноста со намалување на ризикот од пробивање на лозинката и потенцијалните точки на влез со неовластен пристап. 2. Централизирана поддршка од службата за помош: Наменската служба за помош го олеснува пријавувањето и решавањето на технички проблеми, обезбедувајќи навремени одговори на потенцијални безбедносни проблеми.
Во согласност со Законот за заштита на лични податоци и Статутот на Филозофскиот факултет – Скопје, факултетот презема бројни мерки за заштита на личните податоци преку соодветни акти и процедури. Тие вклучуваат управување со лозинки, права на пристап, видео надзор, интернет сигурност, и бекап на податоци. Дополнително, донесени се правила за пријавување инциденти и уништување на документи, со цел да се осигура целосна безбедност и усогласеност со законските стандарди. Од мај 2026 година офицер за заштита на личните податоци на Филозофски факултет – Скопје е Фросина Новак, e-mail: frosinanovak@fzf.ukim.edu.mk, тел: 3116 520 локал: 212, по пензионирање на лицето кое претходно ја вршеше оваа функција. (Прилог 7.4.П.)
Филозофскиот факултет во Скопје посветено се грижи и за заштитата на личните податоци на своите студенти, целосно усогласувајќи го своето работење со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21“). При објавување на резултатите од испитите, податоците се анонимизираат и се прикажуваат исклучиво преку бројот на индексот на студентите. Личните податоци безбедно се чуваат во персоналните досиеја, до кои пристап имаат само овластени лица, обезбедувајќи висок степен на заштита и доверливост.
Во прилози се дадени бројните акти и процедури кои овозможуваат максимална безбедност на информациите и целосна усогласеност со законските стандарди.
https://drive.google.com/file/d/1eBr6C5baccskVNJD1U2CV4nR4BhUUPnE/view?usp=sharing

И покрај придобивките од е-сервисите, како што се транспарентноста и поедноставените процеси, сè уште постои ранливост и можност за хакерски упади. Ограничените финансиски и човечки ресурси дополнително ги ограничуваат можностите на факултетот да имплементира модерни протоколи за кибербезбедност. Без соодветен кадар и инвестиции во инфраструктура, основните мерки како што се редовни ажурирања на системот, проценки на ранливите точки и проактивно откривање на закани

не можат успешно да се спроведуваат. Ова не само што ги компромитира локалните системи, туку може да создаде и потенцијални точки за упад во поширокиите платформи на ниво на целиот универзитет.
Во современата дигитална поставеност, каде што универзитетите сè повеќе се потпираат на интегрирани платформи за администрирање на академските активности и за управување со учењето и истражувачките податоци, ваквите слаби точки претставуваат значителни ризици. За да се реши овој недостаток, потребна е стратешка посветеност и на факултетско и на универзитетско ниво при што треба да се даде приоритет на кибербезбедноста, да се распределат потребните ресурси и да се воспостават технички услови за одржување на дигиталниот екосистем.
Во овој контекст се важни и континуираните безбедносни проценки и ажурирања. За создавање култура на свест, одговорност и будност против киберзаканите корисни се повремените обуки за кибербезбедност за вработените и студентите на факултетите. Со едукација за најдобрите практики за кибербезбедност и потенцијалните ризици, организацијата значително ја подобрува целокупната безбедност на податоците, покрај мерките што се спроведуваат на ниво на ИТ администрација.

Прилози
7.4.А ПОЛИТИКА за интернет сигурност на канцелариски уреди и и Е-пошта на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Б ПЛАН за пријавување, реакција и санирање на инциденти до Агенцијата за заштита на личните податоци
7.4.В ПОЛИТИКА за управување и ангажирање на обработувачи на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Г ПОЛИТИКА на приватност на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Д ПРАВИЛНИК за начинот на обработка на личните податоци на лица ангажирани на проект
7.4.Ѓ ПРОЦЕДУРА за активностите на Офицерот за заштита на личните податоци
7.4.Е ПРОЦЕДУРА за остварување на права на субјектот на лични податоци
7.4.Ж ПРОЦЕДУРА за управување со и употреба на лозинки на Филозофскиот факултет - Скопје
7.4.З. ПРОЦЕДУРА за физички, технички и организациски мерки на Филозофскиот факултет - Скопје
7.4.S. Процедура за сигурносна копија (бекап) на личните податоци на Филозофскиот факултет во Скопје
7.4.И. КОНЦЕПТ за лог записи на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Ј. ПРАВИЛНИК за начинот на вршење на видео надзор
7.4 К. ПРОЦЕДУРА за управување со правата на пристап на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Л. Правила за начин на уништување на документи, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите
7.4.Љ. Барање за пристап и исправка на лични податоци
7.4.М. Барање за пренос на лични податоци
7.4.Н. Барање за запирање на обработка на личните податоци
7.4.Њ. Барање на повлекување на согласност за користење на личните податоци
7.4.О. Политика за колачиња на веб страната на Филозофски факултет Скопје
7.4.П. Одлука за определување на офицер за заштита на личните податоци

Стандард 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
Индикатор	**Документација**
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери.

Филозофскиот факултет – Скопје редовно ги објавува и ажурира информациите за студиските програми и активности на својата веб-страница и социјалните медиуми: Фејсбук, Инстаграм и Линкдин. Веб-страницата и социјалните мрежи содржат тековни и прецизни информации за уписната политика, распоредот на настава и испити, конкурсите, стипендиите, научните и стручните собири, како и вестите поврзани со наставно-научната дејност, кои редовно се ажурираат согласно академскиот календар, со што се обезбедува навремена, јасна и објективна информираност на идните и тековните студенти. Повеќето институти при факултетот одржуваат и сопствени профили на социјалните мрежи преку кои ги промовираат специфичните активности на своите студиски програми. Во продолжение линкови до некои од нив:

- Линк до Институтот за филозофија: https://www.instagram.com/filozofija_fzf_ukim/
- Линк до Институтот за педагогија: https://www.instagram.com/institut_za_pedagogija/ и https://www.facebook.com/profile.php?id=100064290385325
-
- Линк до Институтот за класични студии: https://www.instagram.com/klasichni.studii/
- Линк до Институтот за семејни студии: https://www.instagram.com/semejnistudii/, итн.

Дополнително, YouTube каналот на факултетот презентира медиумски гостувања на професори, каде тие дискутираат актуелни општествени теми, придонесувајќи за видливоста на факултетот и надвор од академската заедница.
Дел од содржините се наменети специфично за поранешните студенти и поширокатa јавност – преку промовирање кариерни патишта на дипломирани студенти, соработка со стручни здруженија и информации за можности за доживотно учење, чиј единствен пристап на информации го надополнува редовниот академски промотивен процес.
Во декември 2025 година, Факултетот презеде низа активности во рамки на **„Отворениот ден и Кариерниот ден на УКИМ“**. Штандот на Филозофскиот факултет го посетија многубројни средношколци кои изразија интерес за продолжување на своето образование, а идните студенти имаа можност да се сретнат со професорите и да се запознаат со студиските програми на факултетот (https://www.facebook.com/FilozofskiFakultet.mk/posts/1153070850373019/).
Факултетот учествуваше и на „Саемот за образование и кариера“, организиран на 27 и 28 февруари 2026 година во Скопје Сити Мол, каде беа претставени образовните и кариерните можности за матурантите.
https://www.instagram.com/p/DVQfSvdiO-7/

Во текот на годината, претставници на факултетот континуирано вршеа презентации на студиските програми во средните училишта низ целата држава, а активностите се документираат и преку соопштенија на официјалните социјални профили на факултетот.

Прилози
8.1.А. Веб-страница на факултетот
8.1.Б. Фејсбук страница на ФЗФ
8.1.В. Инстаграм профил на ФЗФ
8.1.Г. Линкдин профил на ФЗФ
8.1.Д. YouTube канал на ФЗФ
8.1.Ѓ. Објава за Отворен ден/Кариерен ден на УКИМ (декември 2025):
https://www.facebook.com/FilozofskiFakultet.mk/posts/1153070850373019/
8.1.Е. Регистар на настани на ФЗФ 2024-2026
8.1.Ж. Прес клипинг 2024-2026

8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс.

Филозофскиот факултет – Скопје обезбедува транспарентно и навремено информирање на студентите, идните студенти, вработените и поширокатa јавност преку својата веб-страница и други дигитални канали. На веб-страницата на Факултетот се објавуваат релевантни информации за студиските програми од прв, втор и трет циклус, условите и критериумите за упис, целите и исходите од учењето, квалификациите и компетенциите што ги стекнуваат студентите, начинот на реализација на наставата, учењето и оценувањето, како и информации за академските и студентските активности.

Посебно се објавуваат информации за уписите и конкурсите за сите три циклуси на студии, како и решенијата за акредитација и почеток со работа на студиските програми. На тој начин, потенцијалните и актуелните студенти имаат пристап до информации за условите за запишување, структурата и содржината на студиските програми и очекуваните резултати од учењето.

Факултетот објавува и информации за условите и ресурсите за учење што им се достапни на студентите, вклучително информации за библиотечниот фонд и електронските ресурси, студентските сервиси и дигиталната поддршка на наставата.

На веб-страницата и во годишните извештаи и извештаите од самоевалуацијата се достапни и релевантни податоци за студентската популација, академскиот напредок и успешноста на студентите, вклучително и податоци за проодноста. Информации поврзани со професионалниот развој и потенцијалното вработување на дипломираните студенти се прибираат и преку алумни-анкетата на Факултетот, која обезбедува повратни информации за професионалниот статус и кариерниот развој на дипломираните студенти.

Во согласност со член 21 став 3 од Законот за високото образование, Факултетот јавно ги објавува и релевантните акти и документи, вклучително Статутот, решенијата за акредитација и почеток со работа на студиските програми, актот за систематизација, деловникот за работа на Наставно-научниот совет, правилниците и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи и работењето на

Факултетот, извештаите и одлуките за избор во звање, распоредот на работни задачи, завршната сметка, годишните извештаи, прифатените теми за магистерски и докторски трудови и други релевантни акти и документи.

Со објавувањето на овие информации и документи, Филозофскиот факултет обезбедува транспарентност во работењето и им овозможува на студентите и јавноста навремено да се информираат за студиските програми, условите за студирање, академските постигнувања, можностите за професионален развој и начинот на функционирање на установата. Во продолжение се наведени линковите до соодветните акти, документи, решенија и други информации за студентите:

Линк до Статут на Филозофскиот факултет
Линк до Решение за акредитација почеток со работа на прв циклус студии: Филозофија; Историја; Историја со архивистика; Класична филологија; Старогрчки јазик и античка книжевност; Латински јазик и античка книжевност; Историја на уметност; Археологија; Социологија; Педагогија; Психологија; Андрагогија; Социјална работа и политика; Специјална едукација и рехабилитација; Безбедност одбрана и мир; Приватна и корпоративна безбедност; Родови студии; Семејни студии; Меѓународни и интеркултурни студии.
Линк до Решение за акредитација и почеток со работа на втор циклус студии
Линк до Решение за акредитација и почеток со работа на трет циклус студии: Педагогија; Дефектологија; Социологија; Психологија; Безбедност; Историски науки; Филозофија; Историја на уметност и археологија; Класична филологија.
Линк до Акт за систематизација
Линк до Деловникот за работа на наставно-научниот совет
Линк до Правилникот за плати и надоместоци на единицата
Линк до Извештаи и одлуки за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот
Линк до Распоред на работни задачи (прв циклус, втор циклус)
Линк до завршни сметки 2025
Линк до прифатени теми за магистерски трудови
Линк до прифатени теми за докторски студии
Линк до одбранети магистерски тези
Линк до Етички кодекс
Линк до Кодекс за административни службеници
Линк до Годишен извештај за 2024-2025

Прилози
8.2.А. Список на акредитирани програми 2024-2026
8.2.Б. Решенија за акредитација на програми од прв циклус
8.2.В. Решенија за акредитација на програми од втор циклус
8.2.Г. Етички кодекс за административни службеници
8.2.Д. Годишен извештај на Деканот

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е применливо).

Филозофскиот факултет – Скопје обезбедува јавна достапност на клучните исходи од учењето и резултатите од научноистражувачката работа преку веб-страницата на Факултетот и преку Репозиториумот на УКИМ. На веб-страницата континуирано се објавуваат информации за научноистражувачките активности, проекти, конференции, публикации, одбранети магистерски и докторски трудови и други академски достигнувања, додека научните публикации и докторските дисертации се достапни и преку Универзитетската ризница на научни трудови.
Во рамките на третиот циклус на студии, Факултетот обезбедува транспарентност на постапката за изработка и одбрана на докторските дисертации преку јавно објавување на информации за прифатените теми и известувањата за одбрана, како и преку објавување на докторските дисертации пред нивната одбрана. По одбраната, дисертациите се достапни во Репозиториумот на УКИМ.
Резултатите и академските активности поврзани со одделните циклуси на студии се достапни преку соодветните рубрики на веб-страницата на Факултетот: **прв циклус**, **втор циклус**, **трет циклус**, како и преку страницата посветена на **доквалификацијата**.
Научноистражувачките резултати на наставниот кадар и соработниците се достапни и преку **Репозиториумот на УКИМ**, кој овозможува систематизирано чување и јавен пристап до научни публикации, докторски дисертации и други научноистражувачки резултати. На овој начин се обезбедува видливост и достапност на научниот опус на Факултетот и неговите членови за академската заедница и поширокаата јавност.
Линк до одбранети докторски дисертации (пред докторската школа)
Линк до објавени докторски дисертации на Докторската школа

Со наведените механизми Филозофскиот факултет обезбедува транспарентност, јавна достапност и видливост на академските и научноистражувачките резултати, а особено на резултатите од докторските студии, во согласност со принципите на академска

отвореност и интегритет.
Прилози

Стандард 9

СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА	
Индикатор	**Документација**
9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.	Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).
Согласно податоците од Табела 9.1.А и 9.1.Б, во академската 2025/2026 година вкупно 6 студенти од Филозофскиот факултет реализираат мобилност преку програмата Еразмус: четири студенти од прв циклус (0,21% од вкупниот број студенти) и двајца од трет циклус студии (2,86%). Според член 21 од Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по завршување на мобилноста, студентот до Филозофскиот факултет доставува договор за учење и транскрипт на оценки за пренос на кредити и оценки. Деканот донесува решение, а овластено лице ги внесува податоците во индексот и е-досието. Кредитите од положените испити преку мобилност се признаваат во соодветниот семестар. Појдовна мобилност (по друг основ, летни школи и проекти) на универзитети во странство реализираа и други студенти од факултетот. Мобилноста ги опфаќа студиските програми по педагогија, психологија, меѓународни и интеркултурни студии, социјална работа и социјална политика и филозофија, со дестинации во Полска, Србија и Шпанија. Мобилностите на двете докторантки се веќе формално признаени со одлуки на Советот на докторски студии, додека преостанатите 4 случаи, чиј период на реализација се одвива во текот на 2026 година, се во тек на процедурата за признавање. Забележливо е отсуство на евидентирана мобилност на втор циклус студии во набљудуваниот период. Можностите за мобилност особено се значајни за студентите од трет циклус кои имаат обврска да реализираат истражувачки престој на странски универзитети. Во март 2026 година еднонеделен престој на Универзитетот во Белград реализираше докторантката Ивана Василевска Петровска, додека докторантката Клаудија Велкова-Мановска исто така од студиската програма по педагогија реализираше мобилност на Универзитетот во Вроцлав во Полска. Поради воочениот релативно низок процент на мобилност, беше направено квалитативно истражување со три фокус групи на студенти од прв циклус на студии во однос на мотивираноста на студентите за мобилност, бариерите за поинтензивна мобилност, како и на улогата на високошколските институции и државните политики во поттикнување на мобилноста. Наодите се прикажани во извештајот во прилог 9.1.В. Согласно квалитативните наоди од истражувањето, студентите на Филозофскиот факултет ги идентификуваат следните клучни бариери за учество во мобилност: Финансиски бариери се најчесто спомнуваната пречка. И покрај стипендиите преку Еразмус+ и слични програми, реалните трошоци за живот во странство честопати ги надминуваат доделените средства. Една студентка изјавува: „Главната причина зошто младите не се осмелуваат да аплицираат е недостигот на информации. Покрај тоа, нема доволно стипендии. И секако, најголемата пречка се финансиските трошоци, особено за студентите кои немаат многу ресурси." Друга студентка додава дека финансиите се клучен фактор при одлучувањето: „Од сопствениот буџет треба да одвоиш пари за превоз, сместување, облека, академски материјали, хигиенски производи – всушност сè што ти треба за нормален живот. Парите се пресудното прашање при одлучувањето дали да студираш во странство." Јазични бариери се наведени како втора по важност пречка — несигурност во владеењето на јазикот, особено во академско пишување и усно изразување, што често резултира со стравот од неуспех и намалена ангажираност во наставата. Лични и семејни околности претставуваат „тивки бариери" — студентите со ограничени финансиски можности, семејни обврски за нега или здравствени предизвици имаат значително помала веројатност за учество. Една студентка го опишува овој внатрешен конфликт: „Лично, немам силна желба да студирам во друга држава. Се плашам од промените и предизвиците со кои ќе треба сама да се справам. Но сепак, не би го исклучила целосно – доколку добијам добра можност, можеби би отишла на мала авантура." Проблеми со признавање на кредити дополнително го обесхрабруваат учеството, особено кога недостасува усогласена комуникација меѓу матичната и институцијата-домаќин. И покрај наведените предизвици, преовладува ставот дека мобилноста носи значителна лична и академска корист, но наодите укажуваат на потребата од посилна институционална поддршка, поголема транспарентност во процедурите и подобра информираност на студентите за можностите за мобилност.	

Прилози
9.1. **Линк до Правилник на УКИМ за прв и втор циклус студии**
9.1.А. Број на студенти што реализирале мобилност ФЗФ
9.1.Б. Список на студенти што реализирале мобилност ФЗФ
9.1.В. Извештај за ставовите на студентите во однос на мобилноста

9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.	Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација; Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).

Филозофскиот факултет – Скопје континуирано ја развива меѓународната соработка и интернационализацијата како значаен сегмент од својата академска, научноистражувачка и наставна дејност. Приоритетите во оваа област се насочени кон проширување на меѓународната партнерска мрежа, зголемување на мобилноста на студентите и наставниот кадар, учество во меѓународни образовни и научноистражувачки проекти, развивање заеднички активности со странски високообразовни и научни институции и поголема интегрираност во Европскиот простор на високото образование.
За координација на меѓународната соработка и активностите поврзани со интернационализацијата на Филозофскиот факултет е определен продеканот за наука и меѓународна соработка. Согласно организациската структура на Факултетот, оваа функција е дел од деканатската управа, а продеканот се избира од Наставно-научниот совет по предлог на деканот. Во актуелниот состав на раководството, функцијата продекан за наука и меѓународна соработка ја врши проф. д-р Алма Тасевска.(prodekanint@fzf.ukim.edu.mk)
На факултетот е назначено и лице задолжено за меѓународна соработка и академска мобилност преку Ерасмус програмите. (angela.ikonomoska@fzf.ukim.edu.mk). Овие активности се реализираат во координација со надлежните служби и тела на УКИМ и со партнерските институции.

Меѓународната соработка се реализира преку Erasmus+, CEEPUS и други програми и иницијативи за академска мобилност и меѓууниверзитетска соработка, како и преку билатерални договори со странски високообразовни институции. Во тековниот период Филозофскиот факултет има развиено широка мрежа на партнерства со универзитети од Европа и други земји, кои создаваат можности за мобилност, размена на искуства, заеднички научни активности и академско поврзување.

Напредокот во меѓународната соработка се следи преку повеќе показатели, меѓу кои: бројот и видот на билатералните и институционалните договори со странски партнери; бројот на реализирани мобилности на студенти и наставен кадар; учеството во Erasmus+ и CEEPUS активности; бројот на меѓународни проекти и проектни партнерства; учеството и организацијата на меѓународни конференции, семинари, работилници и летни школи; како и бројот на странски наставници, истражувачи и студенти вклучени во активностите на Факултетот. Овие податоци се следат и се користат при планирањето на идните активности во областа на интернационализацијата и редовно се вклучуваат во годишниот извештај од деканот.

Во академската 2025/2026 година, Факултетот продолжи со реализација на активности во рамките на Erasmus+ и CEEPUS, при што студентите и наставниот кадар беа вклучени во различни форми на меѓународна мобилност и академска соработка. Дополнително, во текот на периодот беа реализирани активности со меѓународно учество, вклучително и International Week, со што се создаваат можности за размена на знаења и искуства, развивање меѓународни контакти и вклучување на студентите и наставниот кадар во меѓународната академска заедница.

Информациите за можностите и реализираните активности во областа на меѓународната соработка се објавуваат на веб-страницата на Факултетот и преку дигиталните канали за информирање на студентите и вработените. На овој начин се обезбедува навремено информирање за повиците за мобилност, можностите за учество во меѓународни програми и реализираните активности.

Факултетот континуирано ги следи резултатите од меѓународната соработка и ги користи како основа за идентификување на приоритетите и планирање на идните активности, со посебен фокус на зголемување на студентската и наставничката мобилност, проширување на партнерската мрежа, развој на меѓународни научноистражувачки и образовни проекти и унапредување на меѓународната видливост на Факултетот.

Прилози

9.2.А. Линк до информации за меѓународна мобилност на ФЗФ веб
9.2.Б. Билатерални договори на Филозофски факултет
9.2.В. Видео запис_бенефити од меѓународната мобилност

9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).
финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	

Филозофскиот факултет – Скопје располага со финансиски ресурси за реализација на меѓународната соработка, кои се обезбедуваат од повеќе извори, првенствено од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствените приходи на Факултетот.
Финансиската поддршка на меѓународната соработка е дел од поширокиот систем на финансирање на научноистражувачката и академската дејност на Факултетот. Таа е регулирана со соодветни акти на Факултетот, како што се: Одлуката за стручно и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет – Скопје, Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати на вработените на Филозофскиот факултет-Скопје, Одлуката за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет и Одлуката за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проект. Со овие акти се обезбедуваат средства за стручно и професионално усовршување на вработените, студиски престои и мобилност на наставниот кадар, учество на меѓународни конференции и други научни и академски настани, како и реализација на научноистражувачки проекти и други активности поврзани со меѓународната соработка. Финансиските средства за меѓународна соработка се планираат во рамките на годишните финансиски планови, а нивната реализација се следи преку годишните финансиски извештаи.
Дополнително, Факултетот на почетокот на секоја година носи програма за распределба на 40% од средствата од партиципацијата, со која се одобруваат финансиски средства за:
- патни трошоци при користење мобилност на наставниот кадар (визитинг професори; мобилност за оддржување на настава и други видови на мобилност во областа на високото образование и научно-истражувачката работа преку CEEPUS, ERASMUS и др.),
- учество на еден настан во странство со еден прифатен труд или друга форма на учество во износ од максимум 700 евра,
- учество на меѓународна конференција во организација на факултетот или матичниот институт со прифатен труд,
- учество на еден настан во земјата со еден прифатен труд или друга форма на учество во износ од максимум 300 евра,
- средства за објавен научен труд регистриран во базата Clarivate Analytics еднаш годишно во висина од една просечна исплатена нето плата во Р. С. Македонија.

Програмата за распределба на 40% од средствата од партиципација овозможува поддршка и за фундаментални и применети истражувања, како и осовременување на научноистражувачката инфраструктура. Преку оваа програма, факултетот во текот на годината вложува повеќе од предвидените средства во развој на научноистражувачката дејност, финансирајќи пристап до научни бази, организирање конференции и учество на наставен кадар на меѓународни конференции. Од вкупните сопствени приходи на Филозофски факултет кои изнесуваат 7 700 000 денари, за научно-истражувачка работа (патувања, конференции, издаваштво, котизации, проекти на факултетот) се издвоени вкупно 871444 денари или 11.31%,а за мобилност се издвоени 51546 денари.
Дополнително, факултетот обезбедува значителни средства за издавачката дејност, вклучувајќи учебници, монографии и Годишниот зборник кој се печати континуирано од 1948 година и во тек е подготовката на неговото 79-то издание. За учебник во печатена форма Факултетот доделува до 60000 денари, а последниве години се поддржува издавањето на електронски учебници кои ќе бидат достапни и бесплатни за студентите и за нивно публикување се доделуваат до 75000 денари.
Податоците за планираните и искористените средства за меѓународна соработка во академските 2024/2025 и 2025/2026 година од прилог 9.3. покажуваат значително зголемување на финансиската поддршка и степенот на реализација на планираните средства. Во 2024/2025 година биле планирани вкупно 12.528.933 денари, од кои 928.933 денари од Буџетот на РСМ и 11.600.000 денари од сопствени приходи. Од планираните средства биле искористени 6.771.500 денари, односно околу 54,0% од планираниот износ. Во 2025/2026 година, планираниот износ е значително зголемен и изнесува 22.319.851 денари, од кои 7.719.851 денари се планирани од Буџетот на РСМ, а 14.600.000 денари од сопствени приходи. Од овие средства биле искористени 18.831.737 денари, што претставува 84,4% од планираните средства.

Особено е значајно што во 2025/2026 година се бележи значително зголемување и на планираните и на реализираните средства за меѓународна соработка во споредба со претходната година. Планираните средства се зголемени за околу 78,1%, додека искористените средства се зголемени за околу 178,1%. Истовремено, степенот на реализација на планираните средства е зголемен од 54,0% на 84,4%, што укажува на подобра реализација на планираните активности во областа на меѓународната соработка.

Структурата на финансирањето покажува дека сопствените приходи претставуваат значаен извор на финансиска поддршка на меѓународната соработка. Паралелно со сопствените приходи, во 2025/2026 година значително се зголемува и учеството на средствата од Буџетот на РСМ, од 928.933 на 7.719.851 денари.

Податоците од финансиските планови и извештаи дадени во прилозите покажуваат дека Филозофскиот факултет обезбедува сопствено финансиско учество во реализацијата на меѓународната соработка и континуирано ги зголемува средствата наменети за овие активности. Особено поволниот тренд во 2025/2026 година, како во обемот на планираните средства, така и во степенот на нивната реализација, укажува на зајакнување на финансиската поддршка на процесот на интернационализација на Факултетот.

Прилози

Прилог 9.3. Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата, со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).
Прилог 9.3.Б. Финансиски план сметка 788 2025
Прилог 9.3.В. Финансиски план сметка 631 2024
Прилог 9.3.Г. Приказ на приходи по години и извори на финансирање
Прилог 9.3.Д.Одлука за стручно и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет - Скопје
Прилог 9.3.Ѓ. Одлука за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет
Прилог 9.3.Е. Извештај за реализираната распределба од средствата стекнати од партиципации 2025
Прилог 9.3.Ж.Програма за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација 2025
Прилог 9.3.З.Програма за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација 2025
Прилог 9.3.S. Линк до завршни сметки 2025

9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.	Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.

Филозофскиот факултет – Скопје остварува континуирана меѓународна соработка со високообразовни и научноистражувачки институции преку Erasmus+, CEEPUS, билатерални договори, меѓународни проекти, конференции и други академски активности. Соработката е насочена кон академска мобилност, размена на знаења и искуства, унапредување на студиските програми и вклучување на студентите и наставниот кадар во меѓународни активности.

Во 2025/2026 година Факултетот располага со 73 билатерални Erasmus+ договори со универзитети од 20 држави. Во рамките на ЦЕЕПУС програмата (CEEPUS) факултетот членува во шест мрежи, а има и координаторска улога во мрежата ЦЕСПАСВОН, која во 2025/2026 година опфаќа 13 универзитети од девет земји од Централна и Источна Европа.

Во периодот на 2024/2025 и 2025/2026 година се реализирани вкупно **51 појдовни мобилности на наставниот кадар** на странски универзитети, преку CEEPUS, Erasmus+ и други форми на академска размена. Истовремено, Факултетот во 2024-25 бил домаќин на 9, а во 2025-26 на 17 **дојдовни мобилности на наставен кадар** од повеќе европски земји.

Меѓународната мобилност е дополнително поддржана преку престижни програми: доцент Филиповска во 2026 година престојуваше како Fulbright Visiting Scholar на George Mason University во САД, а проф. Ризова како визитинг професор на Универзитетот во Вирцбург, Германија.

Во однос на студентската размена, евидентирани се **10 Erasmus+ мобилности на странски студенти.**

Значаен сегмент на меѓународната соработка претставува и учеството во научноистражувачки проекти финансирани преку Erasmus+, Horizon, CERV, билатерални програми и партнерства со меѓународни организации. Во 2024/2025 година Факултетот подготвил 18 проектни апликации, додека во 2025/2026 година се поднесени 13 апликации за нови меѓународни проекти. Во 2025/2026 година се реализираат 12 научноистражувачки проекти, од кои пет меѓународни, два билатерални и пет национални.

Во 2025/2026 година Факултетот продолжи со активности за јакнење на меѓународната димензија на наставата и научноистражувачката работа, меѓу кои и реализацијата на Меѓународна недела (International Week), преку која студентите и наставниот кадар имаат можност за директна размена со претставници и наставници од странски високообразовни институции. Традицијата на организирање на овој значаен настан започна во 2018/19 година и брзо прерасна во реномиран петдневен интердисциплинарен форум. Овој настан е фокусиран на промовирање на меѓународните соработки на факултетот преку предавања, дискусии и презентации на актуелни академски и научни теми. Форумот создава широка академска платформа за студентите, овозможувајќи им да разменуваат знаења со истакнати професори и колеги од светски универзитети. Настаните се одржуваат на англиски јазик, а предавачите обработуваат клучни општествени теми преку интердисциплинарен пристап. Форумот е отворен за студенти од сите нивоа на студии.

Во 2024-25 и 2025-26 година Филозофскиот факултет-Скопје организираше осум меѓународни конференции:

- 22 до 26 јуни 2026 година, Скопје: Четвртата Светска конференција за религиски дијалог и соработка. Главната тема беше „Религијата како оружје во минатото, сегашноста и иднината“. Настанот вклучи пленарни предавања и дискусии на над 70 научници. https://www.instagram.com/p/DZ7VBmqiF5G/
- 11 до 12 јуни 2026 година, Скопје: Меѓународна научна конференција од областа на безбедноста на тема: „Мултиполарност и оддржлива безбедност во Европа“;
- 10-12 септември 2026 година, Скопје: Меѓународна научна конференција во коорганизација со Здружението на социолози на Македонија на тема: Од стабилност кон флуидност: современи социолошки перспективи за 'нормалноста' во општествата од 21 век. https://www.sociolozi.org.mk/docs/proekti/konferencii/2025/Conference_50_ys_IS.pdf
- 23-27 јуни, 2025, Крушево: Third World Conference for Religious Dialogue and Cooperation “Religion and the contemporary phase of globalization: possibilities and challenges” (УНЕСКО, Центар за интеркултурни студии и истражувања, УКИМ, Филозофски факултет);

- 2-4 јуни 2025, Скопје: „Security and defense strategies: a critical factor for sustainable peace and national development, 50 години јубилеј на Институтот за безбедност, одбрана и мир;
- 28-29 ноември 2024, Белград: „Светот во промени: Улогата на општетсвените науки во обликување на иднината“ (Факултет за безбедност и дипломатија-Белград, Филозофски факултет-Скопје, Католички богословски факултет-Осјек, Висока медицинска школа-Добој, Комора за социјална заштита-Белград, Друштво за терапевти од специјална едукација и рехабилитација-Белград);
- 29-30 октомври 2024, Скопје: „Challenges of Contemporary Families“ 10th anniversary of the Institute of Family Studies; http://icccf.fzf.ukim.edu.mk/?page_id=28
- 17-20 септември 2024, Дојран: „New frontiers of conflict and security policy во организација на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Покрај конференциите, на факултетот се реализираа и голем број јавни трибини, академски дебати и тематски дискусии, со кои се поттикна критичко мислење и научна расправа за прашања од општествена важност.

Сумирано табелите во прилог ги содржат следните нумерички показатели: 73 договори, 20 партнерски држави, 6 CEEPUS мрежи, 51 појдовни мобилности и 26 дојдовни мобилности на наставен кадар, 10 студентски мобилности, 18 + 13 проектни апликации, 12 тековни проекти и 8 научни конференции.

Овие форми на меѓународна соработка придонесуваат за унапредување на наставните содржини, академска и студентска мобилност, развој на научноистражувачката работа и јакнење на меѓународната димензија на студиските програми. Факултетот континуирано ја проширува мрежата на партнерски институции и развива нови можности за мобилност, заеднички проекти и академска соработка.

Прилози
9.4.А. Број на наставници од странство
9.4.Б. Список на наставници од странство
9.4.В. Мобилност на наставен кадар
9.4.Г. Билатерални договори на Филозофски факултет
9.4.Д. ЦЕПУС мрежи на ФЗФ**дар**
9.4.Ѓ. Линк до Меѓународни проекти

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.

Филозофскиот факултет има воспоставена практика за вклучување на наставници од странство во наставно-образовниот процес, како дел од активностите за интернационализација на студиите. Во академската 2024/2025 година, наставата реализирале 9 наставници од странство, а во 2025/2026 година нивниот број се зголемил на 17 наставници. Тие доаѓаат од високообразовни установи од Хрватска, Германија, Словачка, Чешка, Италија, Полска, Србија, Ирска и други земји и се вклучени во наставата на повеќе студиски програми, особено во областите на филозофијата, психологијата, социјалната работа и социјалната политика, педагогијата и историјата. (Прилог 9.5.Б.)

Ангажманот на странските наставници се реализира со различен обем, најчесто од 6 до 8 часа, а во поединечни случаи и до 12 часа настава. Покрај директното учество во наставата, евидентирано е и учество на наставник од странство како член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд, со што меѓународната соработка се проширува и во трет циклус на студии. Двајца наставници од странски универзитети биле вклучени и во рецензентски комисии на конкурс за избор на наставник. (Прилог 9.5.Б.)
Во 2025/2026 година се запишани 3 странски студенти на трет циклус, што претставува конкретен показател за присуството на странски студенти на Факултетот. Нивниот број, иако релативно мал, укажува на позитивен тренд бидејќи претставува зголемувањето за 30% во однос на претходната година. (Прилог 9.5.В.)

Податоците покажуваат зголемување на бројот на странски наставници од 9 на 17 во анализираниот период и континуирано вклучување на странски академски кадар во наставата, како и во активностите поврзани со напредните циклуси на студии.

Покрај ова, со членувањето во COST, CEEPUS, ERASMUS мрежите, Филозофскиот факултет-Скопје често е домаќин на странски професори кои во рамките на овие програми доаѓаат во Скопје на работни состаноци во врска со проектни активности, дел од нив држат предавања за студентите на факултетот и слично. Само во текот на Меѓународната недела вкупно учество зедоа 49 предавачи-експерти во различни научни дисциплини, меѓу кои ппвеже од третина беа од странски универзитети.

Прилози
9.5.А. List of participants-IntWeek 2026
9.5.Б. Список на наставници од странство 2024-26
9.5.В. Број на наставници и студенти од странство 2024-26

3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници.

Во наредниов текст синтетизираме одредени сознанија од самоевалуацијата кои се однесуваат на специфичностите, постигнувањата и приоритетите за унапредување на квалитетот

1. Специфичност и комплексност на Факултетот

ФЗФ е голема и хетерогена високообразовна установа со повеќе институти и широк спектар на студиски области од општествените и хуманистичките науки. Таа хетерогеност создава специфични услови за управување, обезбедување квалитет, организација на наставата и научноистражувачката работа.

2. Најзначајни постигнувања во периодот 2024–2026

- унапредување на системот за самоевалуација и вклучување на институтите и студентите;
- развој на меѓународната соработка и мобилноста;
- вклучување на странски наставници во наставата;
- значајно учество на надворешни професори и стручњаци од практиката од земјава;
- вклучување на студенти во научноистражувачки и проектни активности;
- активности поврзани со алумни;
- практична настава и соработка со институции од практиката;
- развој на студентска поддршка;
- научноистражувачка работа и проекти;
- дигитализација и користење современи алатки во наставата.

Особено има напредок во директното вклучување на студентите во проекти и научноистражувачка работа, што покажува дека студентот не е само слушател и учесник во наставата, туку и активен учесник во академската заедница.

3. Примери на добра практика со поширок значење

• Вклучување на студенти во научноистражувачки и развојни активности
Проектот „Using AI for improving gender equality in academic research“, во кој учествувале над 150 студенти од ФЗФ, ФИНКИ и Економскиот факултет и изработени над 150 студентски есеи, што претставува пример за интердисциплинарност, примена на современи технологии и активно учење.

• Поврзување на наставата со практиката
110 договори за практична настава во 2025/2026 и големиот број студенти опфатени со различни форми на практична работа се вреден показател дека наставата не останува само во академски контекст.

• Интернационализација на наставата
Мобилност на наставниот кадар на ФЗФ, но уште повеќе присуството на странските професори на Факултетот и нивното вклучување во наставата.

• Систем на самоевалуација како инструмент за подобрување
Самоевалуацијата на факултетот не се третира само како административна обврска на комисијата за самоевалуација, туку како процес во кој се вклучени институтите, наставниците и студентите и чии наоди се користат за идентификување области за подобрување.

4. Предизвици и приоритети за понатамошно подобрување

- зголемување на учеството на студентите и алумните во анкетите;
- понатамошно развивање на системот за следење на кариерниот развој на алумните;

- зголемување на бројот на странски студенти;
- натамошно зголемување на студентската и наставничката мобилност;
- поинтензивно поврзување на научноистражувачката работа со наставата и зголемување на бројот на научни публикации;
- подобрување на систематското следење и користење на податоците за донесување одлуки.

Во наредниот период Факултетот ќе се насочи кон поголемо користење на податоците од самоевалуацијата за планирање и унапредување на квалитетот.